Годишен извештај за 2010 година
Македонски Телеком АД - Скопје
и Т-Мобиле Македонија АД Скопје



# Она што го правиме денес го обликува нашето утре!

Сподели доживувања


TV

Стратешка определба

# Одржувај - Трансформирај - Иновирај

Мисија: **Водач на пазарот во „Поврзан живот и работа“**

Аспирација: **Високо ценет давател на услуги**

**Структура на акционери**

**Акционери на Македонски Телеком АД - Скопје**

| Име на сопственик | Број на акции | Како % |
|---|---|---|
| Каменимост АД Скопје (во ликвидација) | 48,877,780 | 51.00 |
| Влада на Република Македонија | 33,364,875* | 34.81 |
| Македонски Телеком АД - Скопје (сопствени акции) | 9,583,878** | 10.00 |
| IFC | 1,796,980 | 1.88 |
| Други малцински акционери | 2,215,268 | 2.31 |
| Вкупно | 95,838,781 | 100.00 |

**Структура на акционери на Т-Мобиле Македонија АД Скопје**

100% во сопственост на Македонски Телеком АД - Скопје

*Вклучувајќи ја приоритетната кумулативна акција (златна акција) со номинална вредност од 9.733 денари во сопственост на Владата на Република Македонија. Златната акција има право на еден глас и посебни права во согласност со Статутот на Компанијата. Има ограничување за трговски и нетрговски трансфер.

**Во согласност со Законот за трговски друштва (член 338), сите права што произлегуваат од сопствените акции се суспендирани

# Содржина

4 Структура на акционери
6 Водачи во македонскиот свет на телекомуникации
7 ISO сертификати и политика за заштита на животната средина
7 Регулативно опкружување
8 Движење кон гигабитно општество
10 Достигнувања во 2010 и приоритети за 2011
12 Менаџерски тим
14 Одбор на директори на Македонски Телеком АД - Скопје и Т-Мобиле Македонија АД Скопје
20 Година на пристап „Една компанија“
23 Вработените создаваат успешен бренд
29 Одговорен граѓанин
34 Нашите активности за корпоративна општествена одговорност (КОО) во медиумите
36 Промени придвижени од пазарот
40 Нашите активности поврзани со производите во медиумите
42 Да се биде уникатен - иновативни решенија
45 Финансиски извештаи
84 Календар на настани
85 Преглед на мрежа на продажни салони
86 Листа на кратенки
87 Изјава за идниот период

Македонски Телеком АД - Скопје и Т-Мобиле Македонија АД Скопје

# Најголеми и најуспешни водачи во македонскиот свет на телекомуникации

## Мобилен интернет, MaxTV, Оптика до домот, понуда 3Screen, одговорен граѓанин на општеството...



Глобзлните телекомуникациски брендови T-Home и T-Mobile, со локализирано портфолио на производи, функционираат на македонскиот пазар од 2006 година. Во текот на изминатите четири години присуство на пазарот, T-Home и T-Mobile направија вистински бум со своите телекомуникациски производи и решенија. Т брендот ја револуционализираше телевизијата, мобилните телефони и производите, и сето тоа со една цел – вистинско олеснување на секојдневниот живот на корисниците и верните клиенти.



Македонски Телеком е водечки национален давател на широка палета на телекомуникациски и забавни услуги за деловни и приватни корисници. Портфолиото на производи на компанијата содржи говорни и податочни услуги, IP/Интернет производи и услуги, како широкопојасен пристап, VoIP, triple-play услуги, како и услуги на фиксна телефонија и пристап.

Компанијата е дел од Групацијата Маѓар Телеком којашто е целосно консолидирана подружница на Групацијата Дојче Телеком.

Во 2008 година, компанијата беше ребрендирана и брендот T-Home беше воведен во Македонија. Со доаѓањето на брендовите T-Mobile и T-Home на пазарот, Македонија му се придружи на светот на семејството Т.



Т-Мобиле Македонија е подружница во целосна сопственост на Македонски Телеком. Т-Мобиле е првиот мобилен оператор којшто е признаен како лидер на иновации.
Неговата мрежа покрива 99,9% од населението и преку 98,5% од територијата на Република Македонија.

Т-Мобиле постојано бара нови, иновативни и конвергирани интернет и мобилни услуги за задоволување на потребите и барањата на корисниците. Корисниците на Т-Мобиле можат да комуницираат насекаде во светот со користење на роаминг услугата којашто се нуди во повеќе од 90 земји.
Т брендот во Македонија е исто така познат по својата корпоративна општествена одговорност и постојаните инвестиции во развојот на различни области од општеството.



Преку фондацијата „Т-Мобиле за Македонија“, исто така беа реализирани бројни хуманитарни активности.

Светот на телекомуникациите станува сè по возбудлив - секојдневно!

# Сопственици на ISO сертификати

ISO сертификацијата им обезбедува на компаниите конкурентна предност на македонскиот пазар на телекомуникации и ја зголемува ефективноста и ефикасноста на работењето на секој поединец во истите.

**Делокруг на ISO 14001:2004:**
Инженерство, продажба и малопродажба на телекомуникациски услуги, ИТ и електронски услуги, опрема и системи

**Делокруг ISO 9001:2008:**
Инженерсто, продажба, обезбедување и малопродажба на телекомуникациски услуги, ИТ и електронски услуги, опрема и системи

**Делокруг на ISO 27001:2005:**
Користење на сите информации, информатички системи и информатички средства, вклучувајќи објекти, податоци, софтвер, документи во печатена форма и вработени, во поглед на инженерство, продажба, обезбедување и малопродажба на телекомуникациски услуги, ИТ и електронски услуги, опрема и системи

**Делокруг на ISO 20000-1:2005:**
Управување со ИТ услуги за целите на обезбедување на услуги за продажба и испорака на ИТ опрема, телекомуникации, ИТ, системска интеграција за деловни корисници, опфаќајќи и активности за проектирање, развој, дистрибуција и одржување

## Усогласеност со постоечките регулативи и регулаторни случувања

Македонскиот пазар на електронски комуникации е регулиран со регулативата специфична за овој сектор, односно Законот за електронски комуникации (ЗЕК) и релевантните подзаконски акти.
Според ЗЕК, Македонски Телеком АД – Скопје и Т-Мобиле Македонија АД Скопје се назначени како оператори со значителна пазарна моќ („ЗПМ“) на сите релевантни пазари, вклучувајќи го и пазарот за пристап до мрежите за пренос на податоци и изнајмени линии.
По изготвувањето на подзаконските акти во 2010 година, Македонски Телеком подготви/ажурираше неколку дополнителни регулирани производи за големопродажба – Големопродажни изнајмени линии, Изнајмување на линии на големо и Локален bit-stream пристап.
Во 2010 година, Агенцијата објави Анализа на повеќето релевантни пазари, при тоа наложувајќи дополнителни мерки за двете Компании. Исто така, Агенцијата донесе нови регулирани надоместоци базирани на новиот модел за формирање на трошоци (LRIC bottom-up).

Најновите измени на ЗЕК беа усвоени и објавени во Службен весник на РМ бр. 83 на 23.06.2010 година. Со изменетата регулативна рамка на ЕУ беа воведени следните обврски: отворање на водови, столбови и друг пристап до мрежа. Беа наложени следните мерки: посебно сметководство за сите правни лица; обврска за операторите да ги чуваат податоците поврзани со сообраќајот за период од 24 месеци.

Промените во подзаконските акти за bit-stream пристап извршени на 7 јуни 2010 година резултираа со намалени надоместоци за bit-stream пристап и воведување на технички спецификации за новите услуги (IPTV, VoIP и VoD), на тој начин овозможувајќи им на големопродажните партнери да бидат поконкурентни на пазарот на широкопојасни услуги.

Во средината на 2010 година, Агенцијата воведе Упатство за определување на цени кои се користат за истиснување на конкуренцијата од пазарот на електронските комуникациски услуги. Со оваа регулатива, Агенцијата има намера да има поголемо влијание врз шемите за формирање на малопродажни цени на националните оператори и на тој начин да утврди одредени основни правила за прашањата поврзани со цените за истиснување на конкуренцијата од пазарот на електронски комуникации.

Врз основа на вториот круг на анализа на Пазар 16, Т-Мобиле Македонија доби Решение за промена на RIO, со што MTR беше дефинирана со намалување на транзицискиот период (glide path) до рамка од четири години (до 2013 година). Истовремено, Агенцијата ги регулираше MTR за ОНЕ и ВИП со соодветен транзициски период од 4 години, при што исто така воведе асиметрија помеѓу сите три мобилни оператори што води до еднаква MTR од 2,9 денари во септември 2013 година. На 7 јули 2010 година, Агенцијата ја заврши пазарната анализа на Пазар 15 (Услуга за пристап и иницирање на повици во јавните мобилни комуникациски мрежи) и донесе одлука со која Т-Мобиле Македонија беше назначен за оператор со ЗПМ на Пазар 15, при што на истиот му беа наложени неколку обврски.

# Движење кон гигабитно општество

Општо земено, 2010 беше година на тешка работа, но исто така и година на многу успеси за Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија. Ги реализиравме целите поставени за 2010 година и на тој начин ја осигуривме нашата водечка пазарна позиција, но во многу специфично социјално и економско опкружување во земјата. Изминатата година ни донесе навистина големи предизвици. Македонија оствари бавен опоравок од финансиската криза во 2009 година со одложен ефект. Ограничениот пораст на БДП и ограничените странски инвестиции комбинирани со високата стапка на невработеност и ниската куповна моќ на граѓаните турбулентно влијаеја врз локалниот пазар на телекомуникации.

Навистина година полна со предизвици! Сепак, да се биде пазарен и технолошки лидер значи да се оди напред и да се одржува конкурентноста на работењето без оглед на околностите.
Нашиот тим беше соочен со предизвикот што произлегува од работењето на конкурентен домашен пазар, при тоа развивајќи иницијативи за пораст.
Одговорот беше – со одржување на достапни цени и врвен квалитет на услугите како основен фактор којшто ги разликува Македонски Телеком и Т-Мобиле
од конкуренцијата.
Со инвестиции од повеќе од 200 милиони евра во текот на изминатите неколку години, успеавме да направиме вистински бум на пазарот на телекомуникации во Македонија, на тој начин ставајќи ја земјата на нивото на западноевропските развиени земји. Ретроспективно гледано, ние во Македонија го донесовме сето она што се појави како тренд во светот на телекомуникациите, а акционерите и граѓаните знаат да го ценат тоа. Македонските граѓани знаат кои технолошки изуми и решенија се добри за нивниот живот да биде полесен. Добра пазарна позиција се гради само со разумни инвестиции, добра стратегија и извонреден тим. Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија го поседуваат сето тоа и соодветно ги искористија можностите коишто произлегуваат од истото.
Ние го создадовме Т брендот во Македонија, којшто е синоним за квалитет, успех и иновација.

Конкуренцијата беше навистина остра. Вториот оператор ја зајакна својата пазарна позиција со интегрирање на своите фиксни, мобилни, интернет и ТВ услуги. Ние се соочивме со интензивна конкуренција базирана на цените на мобилните услуги. Од друга страна, кабелските оператори станаа поагресивни со интегрирани пакети од говорни/интернет/ТВ услуги. Конкуренцијата и либерализираниот пазар не поттикнаа во таква насока.
Сепак, секогаш е добро кога има со кого да се натпреварувате; во одреден момент, сите се обидуваат да бидат први, најдобри и да ги привлечат корисниците. Но, не секој знае како да ја игра играта на бизнисот.
Македонски Телеком и Т-Мобиле знаат како да победат; станува збор за силни компании не само во овој регион, туку исто така и пошироко – корпорации со кои земјата и граѓаните можат да се гордеат, со висококвалитетен и амбициозен кадар којшто чекори напред и со модерен менаџерски тим. Ние сме свесни дека она што го правиме денес го трасира патот на идното работење на компанијата, со фокус на стекнувањето на поголем број на корисници, генерирање на добивка и одржување на задоволството на корисниците.

Николај Ј. Б. Бекерс,
Главен извршен директор
на Македонски Телеком АД - Скопје



Денес, како резултат на вложениот труд, ние ја развивме 3G мрежата, оптиката што ја ветивме во далечната 2008 година и што во моментов се распоредува во неколку градови, IPTV и оригиналниот MaxTV, иновативниот 3Screen проект, повеќе од 300 HotSpot локации низ Македонија и др. Ние не ги централизираме, туку ги шириме нашите висококвалитетни решенија на целата територија, со цел да им овозможиме на сите граѓани да добијат можност за користење на висококвалитетни телекомуникациски решенија. Со пазарен удел од речиси 10% од вкупниот пазар на платени ТВ услуги и број на корисници што надминува 34.000, ние се движиме во вистинската насока. Благодарение на активностите на сите засегнати заинтересирани страни и нашите постојани напори, густината на интернет услугите во земјата е 50%, што е најдобар резултат во регионот. Мисијата е остварена, благодарение на довербата и соработка со менаџерскиот тим и со вработените. Секој од нив поединечно е заслужен за успехот на компанијата.

Ние се движиме кон гигабитно општество коешто го градиме и за кое се потребни големи инвестиции. Ние започнавме со создавањето на основа и инвестиции во оптика. Инвестициите се дел од клучните елементи што го разликуваат и истакнуваат Македонски Телеком од другите учесници на пазарот. Од една страна, инвестициите осигуруваат конкурентна предност за компанијата, додека пак, од друга страна, тие исто така обезбедуваат придобивки за корисниците

коишто знаат да препознаат вистинска вредност.
Поседувањето на најдобрата и најквалитетната телекомуникациска мрежа во Македонија подразбира инвестирање во одржувањето и надградби. Ветувањата кон корисниците носат повеќе притисок, обврски и задолженија. Поради тоа, во наредните неколку години инвестициите ќе бидат насочени кон трансформирање на мрежите со цел да се зајакнат нивните капацитети. Според плановите, предвидени се инвестиции од повеќе од 170 милиони евра во интелигентни мрежи и ИТ решенија, од кои 150 милиони евра во фиксна, а повеќе од 20 милиони евра во мобилната телефонија.

Во иднина, корисниците ќе имаат потреба од поголем податочен сообраќај. Брзината и сигурноста на преносот на податоци се од огромна важност. Во тој поглед, ништо не е посигурно и помоќно од Оптиката. Нејзините можности се речиси неограничени, што може да биде потврдено од корисниците на Optic пакетите на Македонски Телеком. Ова значи продолжување со инвестициите во Оптика. Во секој случај, тоа опфаќа и инвестиции во модерни услуги што долгорочно ќе обезбеди одржлив пораст на компанијата, ќе придонесе за зајакнувањето на водечката позиција на пазарот и ќе ги обезбеди финансиските ефекти што ги очекуваат акционерите.
На глобално ниво, има пораст на интернет сообраќајот. До 2015 година, се очекува бројот на интернет корисници да се зголеми за три до четири пати. Како последица на тоа, исто така ќе се зголеми и користењето на податочен сообраќај, особено видео материјали. Корисниците примарно ќе бидат заинтересирани за видео и забавни содржини, како и нови софтвер апликации.  Резултатите од најновите истражувања покажуваат дека, до 2015 година, еден корисник ќе користи обем на податоци од околу 14 гигабити месечно. Овој тренд ќе се случи и во Македонија, каде македонските граѓани ќе имаат можност да користат и да уживаат во придобивките што ги носат модерните технолошки решенија.
Периодот 2008 – 2010 беше многу продуктивен за двете наши компании од стратешка гледна точка. Успеавме да достигнеме утврдената цел – обезбедување на висококвалитетни интегрирани комуникациски услуги и забавни содржини со врвен квалитет.

Сега е време да одиме напред. Затоа, ја усвоивме новата стратегија за периодот 2010 – 2015 – нашиот заштитен знак.  „Одржувај-Трансформирај-Развивај“ е суштината и главната порака што го определува вистинскиот пат кон нов Телеком.
Менаџментот е цврсто уверен дека ова е вистинското време да се спроведе правиот план за одржување на базата на корисници со врвно корисничко искуство, за трансформирање на мрежите и процесите за гигабитно општество, како и за корпоративната култура и за развој на пристап до атрактивна содржина со проширување на портфолиото на производи и на деловниот делокруг. Сепак, едно нешто би требало да биде повеќе од јасно и секогаш би требало да имаме на ум неколку многу важни аспекти што ја прават многу очигледна разликата помеѓу нас, нашите брендови, и конкуренцијата:

1. Врвно корисничко искуство – ние ќе овозможиме најдобро корисничко искуство, при тоа опфаќајќи ги сите релевантни допирни точки со корисниците;
2. Врвни производи – сите наши производи обезбедуваат врвна придобивка за корисниците;
3. Врвно брендирање – во рамките на бренд насоките на ДТ ние градиме позитивен, проактивен и допадлив бренд имиџ;
4. Врва комуникација - градење на врвни односи со корисниците и
5. Лидерство во иновации – ние ќе бидеме лидери на пазарот, а не следбеници.

Николај Ј. Б. Бекерс, Главен извршен директор
на Македонски Телеком АД - Скопје

Жарко Луковски,
Главен извршен директор
на Т-Мобиле Македонија АД Скопје



Секако, насоката е нагоре и во правец на интегрирана дигитална компанија со култура чијшто центар е корисникот. Исто така, додека ја следиме оваа насока, добро е да се знае дека сето тоа е составен дел на успехот на нашиот бизнис, при што ние сметаме на вашата поддршка и посветеност, драги акционери.
Како што предвидовме во та време, ние успеавме да создадеме долгорочни вредности за нас, за вработените, за нашите заинтересирани страни, но пред сè, за нашите корисници.
Оваа е одлична прилика да ви се заблагодариме на вашата доверба во нас и нашите тимови и, несомнено, ние очекуваме и се надеваме да продолжиме така и во иднина, по пат на поддршка на нашата стратегија и нејзината имплементација.

Жарко Луковски, Главен извршен директор
на Т-Мобиле Македонија АД Скопје

# Достигнувања што ја обележаа 2010 година:

- Во 2010 година, двојно го зголемивме бројот на корисници на IPTV на 30.000. Исто така, изградивме силна перцепција на врвна услуга кај македонската јавност со многу уникатни карактеристики на услугата. Оваа конкурентна предност не доведе до успешни продажни резултати, при што годината ја завршивме со 4.000 нови корисници на IPTV само во декември.

- Првичните резултати од Family Max, нашиот прв комплетен 4Play пакет, го надмина планот.

- Воведувањео на првата 3Screen кампања во рамките на Групацијата обезбеди уникатно искуство за корисниците – Светското фудбалско првенство 2010 беше ексклузивно пренесувано на сите три медиуми – интернет, мобилна ТВ и IPTV со висока резолуција.

- На пазарот на мобилни услуги, како одговор на агресивните ценовни движења од страна на конкуренцијата, беа изготвени нови тарифни портфолија за приватниот, семејниот и деловниот сегмент. На тој начин, се привлекоа 84.000 корисници за помалку од 6 месеци; како резултат на тоа, 20% од вкупната постпејд база на заедницата Т-Мобиле ги користат новите тарифи.

- Резултатите во поглед на приходите од мобилни податочни услуги - каде што покажавме зголемување од 60% во 2010 во споредба со 2009 година – беа одлични.

- Исто така, бевме успешни и во стабилизирањето на одлевањето на корисници во фиксниот сегмент со посебни мерки за спречување на таквото одлевање, пакети за лојалност и поволни 2Play и 3Play пакети, како и нова заедничка Програма за лојалност за корисниците на мобилна и фиксна телефонија.

# Главни приоритети за 2011 година:

Ќе започнеме неколку услуги што го надминуваат делокругот на нашата основна дејност со цел да обезбедиме долгорочна одржливост, а дел од нив се: М плаќање, М рекламирање, Осигурителни услуги и Cloud компјутери.

Ние имаме намера да го зголемиме уделот на пазарот на IPTV и фиксни широкопојасни услуги и да ги користиме истите како алатки за освојување на домовите на крајните корисници, истовремено искористувајќи го потенцијалот за вкрстена и нагорна продажба со мобилни услуги.  Сепак, голем фокус за нас во 2011 година ќе биде интензивното промовирање на мобилни широкопојасни услуги за нови иновативни услуги ориентирани кон иднината.

# Менаџмент колегиум на Македонски Телеком АД - Скопје и Т-Мобиле Македонија АД Скопје




**Николај Бекерс, Главен извршен директор на Македонски Телеком АД - Скопје**
Собранието на Македонски Телеком АД – Скопје го избра г-дин Николај Бекерс за член на Одборот на директори на Македонски Телеком на 31 јули 2007 година. Одборот на директори го избра г-дин Бекерс за Извршен член на позицијата Главен извршен директор на Македонски Телеком АД - Скопје на 10 септември 2007 година.
Тој се приклучи на Дојче Телеком во 1995 година, по што е распореден на високи раководни позиции одговорни за меѓународните подружници на Групацијата како: Сателиндо Индонезија, Глобе/Ислаком, Филипини и Франција. Тој е член на Одборот на Империјал Тобако Македонија, Претседател на Германско-македонската бизнис асоцијација, Потпретседател на Европската бизнис асоцијација и Потпретседател на Меѓународниот совет на инвеститори (ICI).

**Жарко Луковски, Главен извршен директор на Т-Мобиле Македонија АД**
Г-дин Луковски поседува големо искуство во областа на компјутерски науки и телекомуникациска интеграција. Неговото знаење исто така произлегува и од неговата работа на шведскиот и македонскиот пазар. Тој имаше активна улога во проектот за електронски потпис спроведен од страна на Министерството за финансии. Г-дин Луковски е дипломиран електро инженер со огромно искуство во телекомуникациската индустрија. Долг период тој работел и соработувал со различни светски брендови, при што се стекнал и со широко меѓународно искуство. Г-дин Жарко Луковски беше на позицијата Главен оперативен директор на Т-Мобиле Македонија од септември 2007 до 1 април 2010 година.
Тој беше избран за член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД – Скопје во ноември 2006 година, а за Претседател на Одборот на директори во декември истата година.

**Д-р Клаус Милер, Главен оперативен директор на Т-Мобиле Македонија АД Скопје и Раководен директор за клучни прашања на Македонски Телеком**
Г-дин Милер има повеќегодишна и успешна кариера во различни домени во телекомуникациската индустрија. Кариерата ја започнал во 1992 година во тогашната Дојче Пост, за потоа неговото професионално унапредување да продолжи главно на високи позиции во рамките на Групацијата Дојче Телеком, вклучувајќи ги ангажманите во Маѓар Телеком, како и актуелниот ангажман во Македонски Телеком. Тој е Доктор по политичка економија и Магистер по деловна администрација, титула којашто ја стекнал како најдобар во класата. Тој е докажан професионалец на полето на корпоративна стратегија, владини и корпоративни прашања, како и големопродажниот телекомуникациски бизнис. Г-дин Милер е член на Одборот на директори на Американската стопанска комора во Македонија.

**Славко Пројкоски, Главен директор за финансии на Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија**
Г-дин Пројкоски ја започна својата кариера во Македонски Телеком во 1995 година, каде бил назначуван на повеќе менаџерски позиции, главно во областа на финансиите, меѓу кои Извршен директор на Областа за контрола и подоцна Раководен директор за финансии. Врз основа на резултатите постигнати во текот на неговото работење во Македонски Телеком, тој на 1 октомври 2007 година беше назначен на позицијата Главен директор за финансии.
Тој е дипломиран електроинженер и има широко искуство во телекомуникациската индустрија. Од 25 февруари 2010 година, тој е на позицијата Главен директор за финансии на Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија.

**Матијас Ханел, Главен директор за маркетинг на Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија**
Г-дин Матијас Ханел ја има поминато својата кариера во телекомуникациската индустрија на ралични позиции во полето на маркетинг и продажба во неколку земји низ Европа и Азија.
Му се придружи на Македонски Телеком како Главен директор за маркетинг и продажба на 15 август 2008 година, додека на 1 октомври истата година тој стапи на позицијата Главен директор за маркетинг. На 25 февруари 2010 година, тој беше назначен на позицијата Главен директор за маркетинг на Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија.
Г-дин Ханел има диплома по Деловна администрација којашто ја стекнал во Англија и Германија.
Од 1997 година, тој е дел од Групацијата Дојче Телеком и држел неколку менаџерски позиции во T-Mobile Германија и T-Mobile International во Бон и Лондон.

**Торстен Алберс, Главен директор за техника на Македонски Телеком**
Г-дин Алберс стапи во Македонски Телеком на 1 октомври 2008 на позицијата Главен директор за техника.
Тој се има здобиено со диплома за електро инженер, специјализиран е за комуникации и информатичка технологија и поседува различни Cisco и Nortel/ Bay сертификати во релевантните области. Г-дин Алберс своето професионално искуство и експертиза ги стекнал на различни позиции во областа на техниката во Германија и во




Унгарија. Од 2003 година, тој е дел од Маѓар Телеком, одговорен за координација на проектите под раководство на Главниот директор за техника на ниво на Дојче Телеком.

**Бранка Павошевиќ, Главен директор за човечки ресурси на Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија**
Г-ѓа Бранка Павошевиќ е Главен директор за човечки ресурси на Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија.
Од 1 јуни 2009 година, г-ѓа Павошевиќ стапи на позицијата Главен директор за човечки ресурси во Македонски Телеком, а на 25 февруари 2010 година таа беше назначена за Главен директор за човечки ресурси на Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија.
Г-ѓа Павошевиќ е инженер по организација и Магистер по економија. Таа го стекнала своето богато професионално искуство на неколку менаџерски позиции во областа на човечки ресурси во Хрватска. Нејзината професионална работа била насочена на развој и управување на стратегија за човечки ресурси, општа организација на човечките ресурси, како и изготвување на политики и решенија за деловните стратегии на компаниите во кои работела. Г-ѓа Павошевиќ дојде на позицијата Главен директор за човечки ресурси на Македонски Телеком од Јупитер Адриа Груп, Хрватска.

**Габор Алтман, Главен директор за продажба на Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија**
Г-дин Алтман е доктор по компјутерски науки и има магистерска титула по меѓународен менаџмент добиена од престижниот Case Western Reserve Универзитет во Кливленд, САД. Неговиот професионален развој започнал на Истражувачкиот институт за телекомуникации во Будипешта, а продолжил во Schrack Telecom во Австрија, C.E.R.M.P. (Centre European de la Resource de Mode Protégé) во Франција, Ericsson во Будимпешта, Македонски Телеком, Маѓар Телеком како Заменик директор за бизнис, стратегија и маркетинг во T-Systems. Тој поседува богато искуство во областа на маркетингот и продажбата, а негов предизвик е зголемувањето на уделот на пазарот, но најповеќе зголемувањето на задоволството на задржаните корисници.
Во август 2006 година, г-дин Алтман стапи на позицијата Раководен директор за маркетинг и продажба на Т-Мобиле, додека на 25 февруари 2010 година тој беше назначен на позицијата Главен директор за продажба на Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија.

**Мирослав Јовановиќ, Главен директор за ИТ на Т-Мобиле Македонија и Раководен директор за техника на Македонски Телеком**
Г-дин Јовановиќ е експерт во областа на информатички технологии како дипломиран инженер по компјутерски науки и ИТ. Во текот на неговиот професионален ангажман на различни водечки позиции во Македонија и Србија, неговата работа била посветена на ИТ управување и имплементација на комплексни ИКТ системи во јавниот сектор, додека како Главен директор за ИТ во Министерството за финансии тој бил одговорен за успешното спроведување на многу проекти, меѓу кои и проектот „Е-буџет“. Пред неговотго назначување за Раководен директор за техника на Македонски Телеком во 2099 година, г-дин Јовановиќ работел како како Експерт за клучни долгорочни прашања – информатички системи за финансиско управување во Србија, проект на ЕУ. Тој беше назначен на позицијата Главен директор за ИТ на Т-Мобиле Македонија на 15 март 2010 година.

**Огнен Фирфов, Раководен директор за продажба на Македонски Телеком**
Г-дин Фирфов ја врши функцијата Раководен директор за продажба на Македонски Телеком, а на оваа позиција е назначен на 1 октомври 2008 година, кога стана член и на менаџерскиот тим. Г-дин Фирфов е електроинженер, Магистер по компјутерски науки на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ и Магистер по деловна администрација во областа на маркетингот на Универзитетот Шефилд. Пред да стапи на позицијата Раководен директор за продажба, г-дин Фирфов бил Извршен директор за продажба во Македонски Телеком. Тој има широко искуство во рамките на Македонски Телеком, стекнато на повеќе различни менаџерски позиции. Во текот на повеќегодишната работа во областа на телекомуникациите, тој има остварено исклучителни резултати во многу важни и големи проекти.

**Ефтим Бетински, Главен директор за техника на Т-Мобиле Македонија**
Својата кариера ја започнал во 1991 година како инженер за операции и одржување, по што во 2001 година бил унапреден на позицијата Главен директор за техника. Најголем печат на неговата богата кариера во телекомуникациската индустрија оставило воведувањето на првата дигитална централа во земјата (EWSD), како и GSM. Во текот на неговото работење во рамките на Компанијата тој формирал и развил неколку сектори и иновативни и единствени технологии. Некои од нив се MSC блејд серверите, брзината на пренос на податоци од 21 Mb/s во радио мрежата, припејд системот со иновативни карактеристики и функции за постапување со 1 милион претплатници, секторите во рамките на компанијата за развој и оптимизација на радио мрежата, итн.
Г-дин Бетински е инженер за телекомуникации кој својата диплома ја стекнал на Московскиот Универзитет за телекомуникации во 1990 година.

# Одбор на директори на Македонски Телеком АД - Скопје

Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје управува со Друштвото во рамките на овластувањата определени со закон и со Статутот, како и овластувањата што изречно му се дадени од страна на Собранието. Според Законот за трговски друштва, правата и обврските на Одборот на директори се регулирани со Статутот на Друштвото.

Членовите на Одборот на директори ги избира Собранието на Македонски Телеком АД - Скопје.



## Оливер Костуранов, Претседател и неизвршен член на ОД

Тој беше избран за член на Одборот на директори на 30 април 2010 година, со мандат од 1 мај 2010, а за Претседател на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје на 1 мај 2010 година. Г-дин Костуранов е Генерален директор на глобалното инвестиционо друштво SEAF за Македонија. Тој е Генерален директор на Фондот SEAF Македонија, Генерален директор на Малиот инвестициски фонд (SIF) и Регионален менаџер на Фондот SEAF за Јужен Балкан. Г-дин Костуранов има богато искуство во областа на банкарско работење, инвестиционо банкарство (спојувања и преземања на компании), менаџмент консалтинг и управување со приватни инвестициски фондови во Македонија и пошироко во регионот. Тој се стекнал со диплома за Магистер по деловна администрација на Универзитетот Шефилд во Обединетото Кралство.



## Николај Бекерс, Извршен член и ГИД

Тој беше избран за член на Одборот на директори на 31 јули 2007 година, си мандат од 10 септември 2007 година, а за Извршен член на Одборот на директори во функција на Главен извршен директор на Македонски Телеком АД - Скопје на 10 септември 2007 година.
Г-дин Бекерс стапи во Дојче Телеком во 1995 година на раководни позиции во меѓународните подружници на Групацијата како: Сателиндо Индонезија, Глобе/Ислаком, Филипини и Франција, каде бил на високи менаџерски позиции.
Тој е член на Одборот на Империјал Тобако Македонија, Претседател на Германско-македонската бизнис асоцијација, Потпретседател на Европската бизнис асоцијација и Потпретседател на Меѓународниот совет на инвеститори (ICI).



## Назим Буши, Потпретседател и неизвршен член на ОД

Тој беше избран за член на Одборот на директори на 30 април 2010 година, со мандат од 1 мај 2010 година, а за Потпретседател на Одборот на директори на 1 мај 2010 година. Г-дин Г-дин Буши има долгогодишно искуство во бизнис менаџмент. Тој вршел различни стратешки функции во рамките на Воениот аеродром на ЈНА и Аеродром Петровец, Републичкиот судски совет за сообраќајна безбедност во рамките на Министерството за внатрешни работи, бил на позицијата на Заменик директор на Дирекцијата за заштита и спасување на Република Македонија, како и Потпретседател на Управниот одбор на Гинеколошката болница Чаир - Скопје. Во моментов, тој е Надворешен советник на Градоначалникот на Чаир.



## Кристофер Матхајзен, Неизвршен член на ОД

Тој беше избран за член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје на 4 ноември 2009 година.
Г-дин Матхајзен беше назначен за Главен извршен директор на Маѓар Телеком на 5 декември 2006 година и за Претседател на Одборот на директори на 21 декември 2006 година.
Г-дин Матхајзен е член на Менаџмент Колегиумот на Маѓар Телеком од септември 2002 година. Од јануари 2005 до јуни 2006 година работеше како Главен директор задолжен за деловната линија за услуги на фиксна телефонија (T-Com). Тој е член на Одборот на директори на Американската стопанска комора во Унгарија и на Одборот на доверители на бизнис училиштето на CEU. Г-дин Матхајзен се стекнал со дипломи по економија и финансии од Универзитетот во Индијана, Блумингтон и Универзитетот Колумбија во Њујорк.



## Габор Пал, Неизвршен член на ОД

Тој беше избран за член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје на 25 јуни 2010 година, со мандат од 1 јули 2010 година. Тој има учествувано во повеќе проекти на Маѓар Телеком за преземања во регионот на ЈИЕ. Тој беше член на Одборот на директори на Мобимак и подоцна во Одборот на директори на Т-Мобиле Македонија, а во моментов е член на ОД на Црногорски Телеком и член на Одборот на директори на М-Фактори ДО од Будимпешта. Г-дин Пал се стекнал со диплома по управување со финансии и логистика на Економскиот универзитет на Будимпешта во 1993 година, по што се стекнал со втора диплома на Факултетот за математика и програмирање при Универзитетот Еотвош Лоранд во 1994 година.



## Јанош Сабо, Неизвршен член на ОД

Тој беше избран за член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје на 31 јули 2007 година.
Од април 2003 година, тој е Директор за финансии на Деловната единица за услуги на фиксна телефонија на Маѓар Телеком, а од јануари 2008 година тој е Директор за планирање и контрола на Маѓар Телеком.
Г-дин Сабо е исто така и член на Одборот на Црногорски Телеком АД. Својата диплома ја стекнал на Економскиот универзитет на Будимпешта во 1986 година, каде дипломирал меѓународни односи.



## Др. Клаус Ничке, Неизвршен член на ОД

Тој беше избран за член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје на 4 ноември 2009 година.
Г-дин Ничке работи во Генералната дирекција на ДТАГ на раководна позиција како Виш потпретседател за Југоисточна Европа за управување со стратегија и области во рамките на Групацијата МТ. Г-дин Ничке се приклучи кон Дојче Телеком (ДТАГ) во 2002 година, каде што бил на различни менаџерски позиции: Менаџер за област за подружниците на ДТАГ во Централна Европа (Унгарија, Хрватска и Словачка), а на раководната позиција Виш потпретседател тој управува со Секторот за стратегија на деловната линија на ДТАГ во Германија. Во 2005 година ја презема функцијата на Раководен директор задолжен за надградба на единицата за производи и развој. Тој се стекнал со диплома на универзитетот во Келн, диплома од Универзитетот во Бостон и титула „Доктор на природни науки“ од Макс Планк Институтот во Келн.

## Гунтер Мосал, Неизвршен член на ОД



Тој беше избран за член на Одборот на директори на Т-Мобиле Македонија на 5 мај 2006 година. Тој исто така е член на Одборот на директори на Македонски Телеком и член на Одборот за ревизија на Македонски Телеком. Г-дин Мосал ја започнал својата кариера во 1988 година во Дојче Телеком во Келн, по што во 1989 година станал Раководител за стратегија за маркетинг и продажба. Во 1991 година, започнал да работи за Сојузното министерство за пошти и телекомуникации каде бил одговорен за управувањето со фреквенции при што дал значителен придонесе за регулирањето на фреквенциите во германскиот Закон за телекомуникации. Во 1995 и 1996 година, тој бил консултант на Европската комисија за регулирање на апликациите за безжична локална јамка. Тој повторно се приклучи на Дојче Телеком во 1996 година како проект менаџер за Велика Британија. Тој формираше заедничко вложување со британски, француски и американски партнери и во 1999 година стана Раководител за управување со филијали за Западна Европа. Тој исто така беше член на Одборот на директори на британската кабловска компанија Eurobell и го поддржуваше највисокото раководство на Дојче Телеком во клучните стратешки проекти. Во 2000 година, тој стана Раководител за инвестициски консалтинг за Западна Европа и управуваше со голем број на проекти за спојувања и преземања. Во 2003 година, тој стана Заменик претседател за управување со заеднички вложувања. Тој се стекнал со диплома по електротехника на Техничкиот Универзитет на Рајна-Вестфалија (RWTH) во Ахен во 1987 година.

## Борис Ставров, Неизвршен член



Тој беше избран за член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје на 4 декември 2008 година.
Г-дин Ставров е инженер по физика и Магистер по деловна администрација, а поседува и различни сертификати во областа на телекомуникациите и управувањето со проекти. Во текот на неговата професионална кариера, тој работел како ГИД и член на Одборот на МТРТВ - Македонска национална радио-телевизија, а бил и член на Одборот на директори на Т-Мобиле Македонија, Директор на Секторот за регулатива, Деловен координатор и извршен асистент на ГИД на Македонски Телеком.
Тој има големо искуство, како и широки познавања, како во областа на техниката, така и во областа на администрацијата - радиодифузија, медиуми, ИТ,човечки ресурси, регулатива и правни прашања.

## Ромео Деребан, Независен член на ОД



Тој беше избран за член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје на 17 мај 2007 година.
Г-дин Деребан бил Градоначалник на Општина Струга. По таа позиција, тој ја презел функцијата на Советник во Управата за имотно-правни работи – Подрачна единица Охрид.
Г-дин Деребан е постојан соработник на ЗФРСЛ во единиците на локалната самоуправа и поранешен член на Постојаниот комитет на Заедницата на единиците на локална самоуправа на Македонија.

## Методи Стоименовски, Независен член на ОД



Тој беше избран за член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје на 17 мај 2007 година.
Г-дин Стоименовски се стекнал со диплома по компјутерски техники, информатичка технологија и автоматика на Електротехничкиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“.
Од јануари 2006 година, тој работи како Директор на Секторот за информатичка технологија во Јавното претпријатие „Водовод и канализација“ - Скопје.
Досегашното богато искуство го има стекнато во Дуна Компјутери, ЕСМ АД, ЕИН-СОФ и во Министерството за локална самоуправа.

## Анти-Јуси Лумијарви - Независен член на ОД



Тој беше избран за член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје на 4 ноември 2009 година.
Тој се приклучи на Маѓар Телеком во 2004 година како виш менаџер за сметководство и лидер на тимот за реорганизација на деловните процеси одговорен за реорганизирање на процесите во областа на финансиите во согласност со имплементацијата на заедничкиот сервисен центар за сметководство на Групацијата Маѓар Телеком. Во 2006 година, тој беше унапреден на позиција на Заменик директор на EurAccount задолжен за оперативна поддршка, позиција на која тој е до денес.
Анти-Јуси Лумијарви поседува магистратура по бизнис администрација од Универзитетот за економија и бизнис администрација во Турку, Финска.

## Горан Ивановски - Неизвршен член на ОД

Тој беше избран за член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД – Скопје со мандат од 29 ноември 2006 година.
Г-дин Ивановски има дипломирано на Технолошкиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методи“ во Скопје.
Тој е Директор на националната Сител телевизија од 1995 година и Генерален директор на РИК Силекс Кратово од 2002 година.

## Миклош Васили- Независен член на ОД

Тој беше избран за член на ОД на Македонски Телеком АД - Скопје на 25 јуни 2010 година, со мандат од 1 август 2010 година. Од 1 февруари 2010 година тој е на позиција на ГИД на Origo АД која е во целосна сопственост на Групацијата Маѓар Телеком. Г-дин Васили е активен во сферата на услугите за онлајн содржини веќе девет години, прво како ГИД на Net Media Plc којшто го објавува Portfolio.hu од 2001 година, а потоа како ГИД на Index.hu Plc од 2005 година до ноември 2009 година кога исто така беше и член на Одборот на директори на сопственикот - Групацијата CEMP, одговорен за оперативни прашања.
Г-дин Васили ги завршил студиите на Универзитетот за економија во Будимпешта во 1996 година, по што тој, исто така се стекнал и со диплома по право на Катедрата по право на Универзитетот ЕЛТЕ во 1997 година.

### Членови на ОД на Македонски Телеком АД - Скопје во текот на 2010 година, коишто поднеле оставка / биле отповикани:

Г-дин Жарко Луковски, Претседател и Неизвршен член на ОД, со мандат заклучно со 01.05.2010 година;
Г-дин Агрон Буџаку, Заменик Претседател и Неизвршен член на ОД, со мандат заклучно со 01.05.2010 година;
Г-дин Денеш Слуха, Неизвршен член на ОД, со мандат заклучно со 30.06.2010 година;
Г-дин Роберт Молнар, Независен член на ОД, со мандат заклучно со 31.07.2010 година.

# Одбор на директори на Т-Мобиле Македонија АД



## Николај Бекерс - Претседател и неизвршен член на ОД

Тој беше избран за член на Одборот на директори на 31 јули 2007 година, си мандат од 10 септември 2007 година, а за Извршен член на Одборот на директори во функција на Главен извршен директор на Македонски Телеком АД - Скопје на 10 септември 2007 година.
Г-дин Бекерс стапи во Дојче Телеком во 1995 година на раководни позиции во меѓународните подружници на Групацијата како: Сателиндо Индонезија, Глобе/Ислаком, Филипини и Франција, каде бил на високи менаџерски позиции.
Тој е член на Одборот на Империјал Тобако Македонија, Претседател на Германско-македонската бизнис асоцијација, Потпретседател на Европската бизнис асоцијација и Потпретседател на Меѓународниот совет на инвеститори (ICI).



## Жарко Луковски, Извршен член на ОД

Тој беше избран за член на Одборот на директори на Т-Мобиле Македонија со мандат од 12 декември 2006 година, а за Извршен член на Одборот на директори во функција на Главен оперативен директор од 11 септември 2007 година. Г-дин Луковски беше избран за Главен извршен директор на Т-Мобиле Македонија АД - Скопје од 1 април 2010 година. Претходно, тој беше член и Претседател на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје. Г-дин Луковски има големо искуство на полето на компјутерските науки и телекомуникациската интеграција. Неговото искуство опфаќа работа како на шведскиот така и на македонскиот пазар. Тој имаше активна улога во проектот за електронски потпис на Министерството за финансии. Подолг период, г-дин Луковски работел и соработувал со различни светски брендови како Fujitsu, Siemens, Microsoft, Philips, Compaq, Xerox, Hewlett Packard, Motorolla, Ericsson, при што стекнал широко меѓународно искуство.



## Клаус Милер, Извршен член на ОД

Тој е Раководен директор за клучни прашања на Македонски Телеком избран на таа позиција на 1 март 2008 година, а беше избран и за Главен оперативен директор на Т-Мобиле Македонија со мандат од 1 април 2010 година. Г-дин Милер има повеќегодишна и успешна кариера во различни домени во телекомуникациската индустрија. Кариерата ја започнал во 1992 година во тогашната Deutche Post, за потоа неговото професионално унапредување да продолжи главно на високи позиции во рамките на Групацијата Дојче Телеком, вклучувајќи ги ангажманите во Маѓар Телеком, како и актуелниот ангажман во Македонија. Тој е доктор по политичка економија. Тој дипломирал како прв во класата на програмата за Магистри по деловна администрација. Тој е докажан професионалец на полето на корпоративната стратегија, владините и корпоративните прашања, како и големопродажниот телекомуникациски бизнис.



## Кристофер Матхајзен, Неизвршен член на ОД

Тој беше избран за член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје на 4 ноември 2009 година.
Г-дин Матхајзен беше назначен за Главен извршен директор на Маѓар Телеком на 5 декември 2006 година и за Претседател на Одборот на директори на 21 декември 2006 година.
Г-дин Матхајзен е член на Менаџмент Колегиумот на Маѓар Телеком од септември 2002 година. Од јануари 2005 до јуни 2006 година работеше како Главен директор задолжен за деловната линија за услуги на фиксна телефонија (T-Com). Тој е член на Одборот на директори на Американската стопанска комора во Унгарија и на Одборот на доверители на бизнис училиштето на CEU. Г-дин Матхајзен се стекнал со дипломи по економија и финансии од Универзитетот во Индијана, Блумингтон и Универзитетот Колумбија во Њујорк.



## Др. Клаус Ничке, Неизвршен член на ОД

Тој беше избран за член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје на 4 ноември 2009 година.
Г-дин Ничке работи во Генералната дирекција на ДТАГ на раководна позиција како Виш потпретседател за Југоисточна Европа за управување со стратегија и области во рамките на Групацијата МТ. Г-дин Ничке се приклучи кон Дојче Телеком (ДТАГ) во 2002 година, каде што бил на различни менаџерски позиции: Менаџер за област за подружниците на ДТАГ во Централна Европа (Унгарија, Хрватска и Словачка), а на раководната позиција Виш потпретседател тој управува со Секторот за стратегија на деловната линија на ДТАГ во Германија. Во 2005 година ја презема функцијата на Раководен директор задолжен за надградба на единицата за производи и развој. Тој се стекнал со диплома на универзитетот во Келн, диплома од Универзитетот во Бостон и титула „Доктор на природни науки" од Макс Планк Институтот во Келн.



## Габор Пал, Неизвршен член на ОД

Тој беше избран за член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје на 25 јуни 2010 година, со мандат од 1 јули 2010 година. Тој има учествувано во повеќе проекти на Маѓар Телеком за преземања во регионот на ЈИЕ. Тој беше член на Одборот на директори на Мобимак и подоцна во Одборот на директори на Т-Мобиле Македонија, а во моментов е член на ОД на Црногорски Телеком и член на Одборот на директори на М-Фактори ДО од Будимпешта. Г-дин Пал се стекнал со диплома по управување со финансии и логистика на Економскиот универзитет на Будимпешта во 1993 година, по што се стекнал со втора диплома на Факултетот за математика и програмирање при Универзитетот Еотвош Лоранд во 1994 година.



## Јанош Сабо, Неизвршен член на ОД

Тој беше избран за член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје на 31 јули 2007 година.
Од април 2003 година, тој е Директор за финансии на Деловната единица за услуги на фиксна телефонија на Маѓар Телеком, а од јануари 2008 година тој е Директор за планирање и контрола на Маѓар Телеком.
Г-дин Сабо е исто така и член на Одборот на Црногорски Телеком АД. Својата диплома ја стекнал на Економскиот универзитет на Будимпешта во 1986 година, каде дипломирал меѓународни односи.



## Небојша Стајковиќ, Неизвршен член на ОД

Тој беше избран за член на Одборот на директори на Т-Мобиле Македонија на 14 декември 2009 година. Г-дин Стајковиќ има широки познавања во областа на информатичката технологија и системското инженерство и работел на различни позиции почнувајќи од ИТ консултант на ТЕРТИА Скопје, Office Инструктор и Генерален директор, па се до Советник на Министерот за информатички технологии и телекомуникации. Тој поседува диплома по електроника и телекомуникации од Универзитетот Св. Кирил и Методиј во Скопје и Магистратура од Првиот Европски Универзитет во Скопје. Тој е член на AIA – Меѓународна организација на ватерполо судии и Претседател на Ватерполо федерацијата на Македонија.



## Ирена Мишева, Неизвршен член на ОД

Таа беше избрана за член на Одборот на директори на Т-Мобиле Македонија со мандат од 12 декември 2006 година. Г-ѓа Мишева работи во телекомуникациската индустрија повеќе од 10 години. Од 2000 година до денес таа била член/советник на неколку тела: Комисија за комунални работи, Комисија за заштита на животната средина, Комисија за образование, Комисија за социјална заштита и заштита на децата, Комисија за меѓуетнички односи и Комисија за урбанизам на Град Скопје. Во моментов, таа е Претседател на Советот на Град Скопје. Таа е и член на Секретаријатот на Фондацијата „е-Македонија". Г-ѓа Мишева поседува Сертификат за политичко управување од ИРИ, Фондација „Конрад Аденауер", како и Магистратура по комуникации од Њујорк Универзитетот во Скопје.



## Александар Стојков, Неизвршен член на ОД

Тој беше избран за член на Одборот на директори на Т-Мобиле Македонија на 13 декември 2007 година. Г-дин Стојков е доцент на Правниот факултет Јустинијан Први во Скопје. Со титулата доктор по меѓународна економија се стекнал на Универзитетот Staffordshire во Велика Британија. Г-дин Стојков има работно искуство од три години во владиниот сектор, на раководни позиции во Министерството за финансии (Сектор за буџет и фондови, а подоцна, Сектор за макроекономска политика). Тој бил консултант на неколку владини проекти; проекти на Светската банка и USAID, итн. Г-дин Стојков реализирал и шестмесечен пост-докторски истражувачки престој во интер-универзитетскиот центар во Монтреал (Канада).



## Гзим Острени, Неизвршен член на ОД

Тој беше избран за член на Одборот на директори на Т-Мобиле Македонија АД – Скопје на 16 септември 2008 година. Г-дин Острени бил на различни позиции во текот на неговата богата и долгогодишна работа. Тој работел како наставник, бил претседател на Одборот на Општинскиот комитет и Инспектор за граници и странски и други служби во Дебар. Тој продолжува како пратеник во Собранието и потоа како Потпретседател на Собранието на Република Македонија. Денес, тој живее и работи во Дебар.



## Гунтер Мосал, Независен член на ОД

Тој беше избран за член на Одборот на директори на Т-Мобиле Македонија на 5 мај 2006 година. Тој исто така е член на Одборот на директори на Македонски Телеком и член на Одборот за ревизија на Македонски Телеком. Г-дин Мосал ја започнал својата кариера во 1988 година во Дојче Телеком во Келн, по што во 1989 година станал Раководител за стратегија за маркетинг и продажба. Во 1991 година, започнал да работи за Сојузното министерство за пошти и телекомуникации каде бил одговорен за управувањето со фреквенции при што дал значителен придонесе за регулирањето на фреквенциите во германскиот Закон за телекомуникации. Во 1995 и 1996 година, тој бил консултант на Европската комисија за регулирање на апликациите за безжична локална јамка. Тој повторно се приклучи на Дојче Телеком во 1996 година како проект менаџер за Велика Британија. Тој формираше заедничко вложување со британски, француски и американски партнери и во 1999 година стана Раководител за управување со филијали за Западна Европа. Тој исто така беше член на Одборот на директори на британската кабловска компанија Eurobell и го поддржуваше највисокото раководство на Дојче Телеком во клучните стратешки проекти. Во 2000 година, тој стана Раководител за инвестициски консалтинг за Западна Европа и управуваше со голем број на проекти за спојувања и преземања. Во 2003 година, тој стана Заменик претседател за управување со заеднички вложувања. Тој се стекнал со диплома по електротехника на Техничкиот Универзитет на Рајна-Вестфалија (RWTH) во Ахен во 1987 година.



## Владимир Здравев, Независен член на ОД

Тој беше избран за член на Одборот на директори на Т-Мобиле Македонија АД – Скопје на 13 декември 2010 година. Г-дин Здравев бил на различни позиции во областа на финансиите и бил вклучен во националниот процес на модернизација преку стратешки проекти. Тој активно учествувал во проектот Национална платежна картичка; проектот за електронски облик и дигитален потпис. Потоа продолжил како раководител на Секторот за фискална автоматизација на УЈП и Советник на Генералниот директор на државната Управа за јавни приходи. Г-дин Здравев бил Директор на Институтот за акредитација на Македонија и Директор на МЕПСО од 2007 година до август 2010 година. Тој се стекнал со диплома по Заварување и заварени конструкции на Машинскиот факултет во рамките на Универзитетот Св. „Кирил и Методиј" во Скопје.



## Анти-Јуси Лумијарви, Независен член на ОД

Тој беше избран за член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје на 4 ноември 2009 година.
Тој се приклучи на Маѓар Телеком во 2004 година како виш менаџер за сметководство и лидер на тимот за реорганизација на деловните процеси одговорен за реорганизирање на процесите во областа на финансиите во согласност со имплементацијата на заедничкиот сервисен центар за сметководство на Групацијата Маѓар Телеком. Во 2006 година, тој беше унапреден на позиција на Заменик директор на EurAccount задолжен за оперативна поддршка, позиција на која тој е до денес.
Анти-Јуси Лумијарви поседува магистратура по бизнис администрација од Универзитетот за економија и бизнис администрација во Турку, Финска.

### Членови на ОД на Т-Мобиле Македонија АД Скопје во текот на 2010 година, коишто поднеле оставка / биле отповикани:

Мајкл Лоренс, Извршен член на ОД, со мандат заклучно со 31.03.2010 година;
Славко Пројкоски, Неизвршен член на ОД, со мандат заклучно со 09.04.2010 година;
Денеш Слуха, Неизвршен член на ОД, со мандат заклучно со 30.06.2010 година;
Сашо Димитријоски, Независен член на ОД, со мандат заклучно со 12.12.2010 година.



**Продолжуваме да бидеме иновативни.**
**Како лидер на пазарот, треба да поттикнуваме иновации и да го одржиме врвниот квалитет и на тој начин да ја зачуваме нашата позиција пред конкуренцијата. Сега е време да се направи чекор напред кон гигабитното општество - ова е утврдено во Стратегијата на Групацијата која што се потпира на три главни столба:**
**Одржувај – Трансформирај – Иновирај!**

Др. Клаус Милер,
Раководен директор за клучни прашања
во Македонски Телеком
и Главен оперативен директор на Т-Мобиле

# 2010 – Година на пристапот „Една компанија“

Нашата визија, аспирација, бренд, организација и корпоративна култура се менуваат и го следат темпото на сè поголемите потреби на корисниците, истовремено одговарајќи на новите предизвици.

## Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија го преструктурираат деловното работење

Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија планираат да го преструктурираат своето деловно работење во годините што доаѓаат - со мрежи од следната генерација и услуги за гигабитно општество. Највисокото раководство на двете компании планира да го прошири портфолиото и квалитетот, наместо да влегува во „ценовни војни“ коишто би ги загрозиле можностите за инвестирање.

По ребрендирањето на Македонски Телеком, 2008 година беше посветена на транспонирање на фиксниот бизнис. Ги репозициониравме и ги ребалансиравме нашите традиционални фиксни производи и реализиравме многу успешно воведување на IPTV и зголемување на нашата база на интернет корисници. Во 2009 година, започнавме со распоредување на мобилни услуги од 3-та генерација и FTTH.
Со цел да се оживее нашата визија и да ја оствариме нашата аспирација да станеме високо ценета услужна компанија, менаџментот на Македонски Телеком и Т-Мобиле разви нова компаниска стратегија којашто ги вклучува трите главни пораки „Одржувај - Трансформирај - Иновирај“ и којашто е усогласена со стратегијата на Дојче Телеком.

Корисниците и нивните барања, како и движењата на пазарот, се главните двигатели на промените во стратегијата на компанијата. Во пазарно опкружување коешто постојано се развива и е високо конкурентно, приватните и деловните корисници бараат услуга „сè на едно место“, којашто, во секое време и на секое место, им обезбедува постојан пристап до информации преку различни уреди и платформи. Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија успешно ги следат глобалните трендови во бизнисот.

Одржувај – Трансформирај - Иновирај е главниот тек на напредок на двете Компании во периодот од 2010-2015 година. Компаниите ќе ја одржуваат корисничката база преку обезбедување на врвни искуства за корисниците. Ќе се врши трансформација на мрежите и процесите со цел да се изгради гигабитно општество и да се развијат активности низ целиот синџир на вредности, секако, вклучувајќи го тука и развојот на пристап до уште поатрактивни содржини. Се планираат инвестиции во износ од околу 150 милиони евра во текот на следните 3-4 години, особено во интелигентни мрежи, како и во ИТ решенија и интернет услуги.

### Дефинирање на план за гигабитното општество

Инфраструктурата, мрежата и процесите ќе се трансформираат. Високо квалитетната инфраструктура е од суштинско значење и тоа е факт. Соодветно на тоа, компаниите имаат за цел да ги трансформираат своите мрежи и процеси за гигабитното општество во смисла на обезбедување на FTTH технологија за најмалку 8.000 нови домаќинства во Скопје во текот на следната година, а FTTH мрежата штотуку започна да се шири и во други градови во Македонија. Во плановите е предвиден и понатамошен развој на 3G и на стратегијата за уреди. Проширувањето на трендовите за конвергенција, односно приближување на нашите два основни деловни сегменти - фиксните и мобилните комуникации - е исто така на дневен ред. Да не заборавиме, подобрените ИТ операции се од суштинско значење за ефикасноста и успехот на оваа стратешка компонента.

## Креирање на култура на отвореност и интегриран комуникациски пристап во сите сегменти, што ќе овозможи единствено искуство во однос на услугите за сите корисници

### Очекувања на корисниците

Експертите очекуваат глобалниот податочен сообраќај да „експлодира“ во наредните години на глобално ниво. До 2015 година, во просек, еден корисник на мобилна телефонија ќе користи податочен обем од околу 14 гигабити на месечно ниво. Во 2005 година, овој обем беше само неколку мегабити. Оваа потреба од податоци во претстојното „гигабитно општество“ ќе биде придвижена од различните апликации од кои дел ќе бидат стари но омилени, а други ќе бидат сосема нови. За корисниците, тука главно спаѓаат веб видео содржините со висок пропусен опсег, но и користењето на податоци преку социјалните медиуми.
И Македонски Телеком и Т-Мобиле се лидери на пазарот преку обезбедување на супериорни услуги, производи и технологија за корисниците во Македонија, како Македонија да е дел на ЕУ во областа на телекомуникациите.

Само Групацијата Македонски Телеком може да води, да услужува и да расте на начин којшто е погоден за изградба на модерно општество, поради лесниот пристап до глобалниот лидер во поврзан живот и работа и неговото првокласно германско инженерство, планови за долгорочни инвестициски циклуси коишто се потребни за најсовремен развој, организација, процеси и вештини за работа со корисници воспоставени со цел да се постигне усогласеност со сите регулаторни и еколошки обврски, избегнување на несоодветни потези и исполнување на она што се очекува од добрите корпоративни граѓани.

Што нè прави единствени и различни?

1. Врвно корисничко искуство
2. Врвни производи
3. Врвен бренд
4. Врвни комуникации
5. Иновативно лидерство

### Обезбедување на услуги со највисок квалитет и вредност

Компаниите ги дефинираа чекорите кон еден нов Телеком кој ќе биде интегрирана Компанија која ќе се карактеризира со тренд на раст и развој. Одржувај-Трансформирај-Иновирај се стратешки пораки со коишто се утврдува начинот за постигнување на нашата цел. Тие претставуваат логично продолжение на стратешките активности спроведени досега. Иднината треба да донесе промени во структурата на Компанијата преку подобрување на постоечките и промоција на нови и иновативни бизниси коишто ќе обезбедат долгорочна стратешка стабилност.

Од тие причини, стратегијата 2010-2015 е фокусирана на следниве области: Одржувај-Трансформирај-Иновирај!

### „Одржувај“ се однесува на традиционалните услуги и лојалните корисници.

Во овој сегмент, Компаниите имаат најголема база на корисници и висок удел на пазарот. Како компании ориентирани кон корисниците, имаме обврска да создаваме и да нудиме услуги со највисок квалитет и вредност за традиционалните и лојални корисници коишто го овозможуваат нашиот развоен потенцијал.
Од исклучително значење е да се зајакне лидерската позиција на овој план, а истовремено да и се испрати јасна порака на оваа група на корисници дека тие се движечката сила на сите наши чекори и промени.

- Одржување на базата на корисници преку обезбедување на врвно корисничко искуство

На пазар којшто постојано се развива и на кој постои растечка конкуренција, нашата намера е да останеме лидери нудејќи премиум квалитет и услуги што нè издвојуваат од конкуренцијата. Со подобрување на традиционалните услуги и промоција на нови, наша обврска е на постојните корисници да им обезбедиме најквалитетни и највредни услуги.

### Целта на трансформацијата

Да се скратат процедурите и да се преструктурираат Компаниите во организација којашто е прилагодлива на новите промени на пазарот, преку создавање на култура во која сите припадници од двете Компании се дел од големото Т семејство.

Трансформацијата е синоним за лидерство во телекомуникациската индустрија. Таа треба да биде прифатена од страна на сите вработени, не само врвниот менаџмент, а тоа треба да стане предуслов за промена на културата со цел да се одржи позицијата на лидер на иновации на пазарот.

- Трансформација на мрежите и процесите за гигабитното општество

**„Поврзани живот и работа“**, како нов компаниски концепт, наметнува нови интегрирани ИТ платформи и апликации, како и нови, интегрирани гигабитни мрежи, како оптички така и безжични.

- Трансформација на процесите и на корпоративната култура

Трансформацијата е синоним за лидерство во нашата индустрија, што подразбира и промена на културата  во секојдневната работа на сите вработени преку трансформација и оптимизација на процесите и трансформација на инфраструктурата.

### Иновативноста како животна филозофија и стил на работа

Тоа треба да им донесе нови услуги и бизниси на крајните корисници.
Ова е клучно прашање за целата Групација ДТ. Постојат јасни очекувања според кои, до 2015 година, 7-10% од клучните приходи би требало да доаѓаат од новите услуги и бизниси. Истата стратешка цел се однесува и на Македонија.

- Иновативни активности низ целиот синџир на вредности

Иновативноста како начин за диференцирање на пазарите и обезбедува раст на компанијата преку промена на структурата на приходите и влез во нови бизниси.
Иновативноста како нов стил на работа во чие средиште се новите технолошки изуми е единствениот прав пат во овој момент кој води кон успех и перманентни придобивки.

- Иновативен пристап до атрактивни содржини и апликации

Развој на производи и понуда на дигитализирани и персонализирани услуги достапни за корисниците, без оглед на тоа дали тие се дома, на работа или во движење.

**Ние сме обединети со заедничката визија и ја следиме Стратегијата која ќе не направи иновативна и високо ценета услужна корисничка компанија.**
**Со цел да се поддржи имплементацијата на Стратегијата и исполнувањето целите на компанијата, ние мора да обезбедиме либерална корпоративна култура во која поединците се инспирирани да го постигнат најдоброто. За таа цел, ние сме посветени на нашите Водечки принципи и на воспоставувањето на работно опкружување кое се одликува со тимски дух, единство во обезбедувањето на квалитет на услугите и мотивација за постигнување на одлични резултати.**

Бранка Павошевиќ,
Главен директор за човечки ресурси
Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија

# Вработените го создаваат нашиот успешен бренд!

Како што е утврдено во нашата Стратегија, ние се движиме на патот кон еден нов Телеком којшто ќе не етаблира на пазарот како оператор што нуди иновативни комуникации кои се најдобри во својата класа, како и одлични услуги. Деловните предизвици што произлегуваат од нашата нова Стратегија се клучни двигатели на компанијата и на индивидуалните перформанси. Тие ги даваат насоките за управување со човечките ресурси. Областа за ЧР промовира нова услужна култура којашто ќе ја поддржи трансформацијата на компанијата во согласност со динамичните промени на пазарот.

### Еден голем тим којшто го поддржува процесот на промена

Интензивните и динамични промени на пазарот бараат усвојување на деловен модел којшто ќе биде во можност да одговори на барањата за услуги од типот „сè на едно место" од страна на корисниците. Ова нè прави да ги консолидираме бизнисите за фиксна и мобилна комуникација со цел да се постигне функционирање кое во поголема мера ќе биде централно управувано. Како деловен партнер на организацијата, ЧР го следи темпото на процесот на трансформација кон кориснички-ориентирана услужна компанија.

Веруваме дека за да ги задоволиме барањата на корисниците, ние мора да ја оптимизираме и да обезбедиме поддршка за работната сила со што ќе се подобри конкурентноста на компанијата. За таа цел, ние започнавме да се прилагодуваме и да се менуваме со цел да ги исполниме потребите на нашата внатрешни корисници, т.е. вработените. Почнувајќи од 2010 година, започнавме да ги консолидираме процесите поврзани со човечки ресурси во двете компании со цел да се добие поефикасно извршување на работата од еден извор и да се обезбеди поддршка за еден одличен тим којшто е подготвен да одговори на барањата на корисниците за обезбедување на интегрирани решенија. Започнавме да ги стандардизираме процесите онаму каде што беше применливо и каде што постоеја можности за синергија и за добивање на конкурентна предност.

Наша мисија е да се поддржи деловното работење преку обезбедување на:

- Корпоративна култура која ќе доведе до успешно работење
- Иновативна работна сила
- Управување со извршувањето на работата
- Здраво и безбедно работно опкружување

### Заеднички вредности што нè обединуваат

Почнувајќи од 2010 година, Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија ја усвоија новата корпоративна култура утврдена во Петте водечки принципи коишто претставуваат продолжение на T-Spirit. Тие го дефинираат нашето однесување како дел на Групацијата ДТ и нè обединуваат во спроведувањето на нашата амбиција да бидеме најценета услужна компанија во Македонија. Водечките принципи се тука за да ни обезбедат насоки во однос на нашето заедничко работење и тие се основата на која започнавме да градиме силна компанија водена од професионална и сигурна работна сила којашто е добро подготвена за постигнување на деловните цели.

▪ Задоволството на корисникот е двигател на нашите активности

Овој принцип се фокусира на најважното нешто за нашиот бизнис: не само да ги задоволиме корисниците, туку и да ги воодушевиме. Наш двигател треба да бидат мислите, чувствата, потребите и искуствата на корисниците. Со тоа што ќе се ставиме во нивна положба, можеме да ги предвидиме и да ги исполниме нивните индивидуални потреби.

▪ Почитта и интегритетот го водат нашето однесување

Во вториот принцип станува збор за вистинското почитување на корисниците, партнерите, добавувачите и акционерите. Успехот на Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија може да се постигне само доколку во основа постои култура која се одликува со отвореност и чесност.

▪ Повеќе мислења – една одлука

Третиот принцип се фокусира на нашата култура на заедничко работење. Тимовите треба отворено да дискутираат за сите прашања и да разменуваат мислења. Но, штом ќе се донесе одлука, истата треба да биде прифатена од целиот тим. На посебните работни места, одлуката се спроведува и се извршува како еден тим.

▪ Најдобро место за работа и усовршување

Четвртиот принцип ја истакнува важноста на вработените за компанијата и за културата на компанијата. Доколку сакаме да станеме најценетата услужна компанија во рамките на телекомуникациската индустрија и пошироко, ние мора да вложиме максимални напори за да се соочиме со предизвикот што произлегува од конкуренцијата во претстојните години. Во тој контекст, компанијата очекува посветеност и успех од сите. Наша заложба е, како на менаџментот, така и на вработените, Македонски Телеком и Т-Мобиле да станат најдобро место за работа и усовршување.

▪ Јас сум Т – Сметајте на мене

Последниот принцип опфаќа лична посветеност кон компанијата од страна на секој вработен. Тоа значи дека кога некој корисник има проблем, секој вработен лично се залага за негово решавање. Колегите можат да сметаат еден на друг а корисниците пак на компанијата. Овој принцип се фокусира на сигурноста којашто е од суштинско значење за исполнување - а онаму каде што е возможно и надминување - на она што е ветено. Во суштина, последниот принцип го сублимира значењето.

Како темел на нашата корпоративна култура, Водечките принципи ја даваат основата во однос на начинот на кој сакаме да работиме заедно насекаде во Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија и на нашата повраност со Групацијата ДТ. Новите корпоративни вредности се однесуваат подеднакво на сите вработени во целиот свет и претставуваат составен дел на една компанија во фокусот на чие работење се наоѓаат корисниците.

## Одговорно управување со човечките ресурси

Брзите промени во нашата индустрија бараат брзи одговори, т.е. содветно образовани и обучени вработени коишто се подготвени да ги извршуваат своите задачи во позитивно работно опкружување. Ние одговараме на ова со постојано подобрување, образовни обуки на вработените и прилагодување на мерките поврзани со човечките ресурси.
Наша цел е да бидеме признаени како посакуван работодавец и за таа цел се трудиме да одржуваме високи стандарди и добри односи на вработените во нашето работење. Нашите политики за вработување се развиени на начин којшто ги отсликува локалните правни и културни барања и услови за вработување. Нашиот високо развиен систем за управување со човечки ресурси се фокусира на исполнувањето на сите аспекти поврзани со развојот и напредокот на вработените во Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија.

Како добар работодавец во македонското општество, се трудиме да ги привлечеме и да ги вработиме најдобрите човечки ресурси во нашата индустрија и се грижиме за нивниот професионален развој во едно поддржувачко опкружување коешто овозможува исполнување на нивните цели. Привлекувањето на млада и талентирана работна сила, а подоцна и обезбедувањето на поддршка за нејзин професионален развој, е наш врвен приоритет. Во 2010 година, воведовме нова Програма со која нашата компанија влезе во партнерство со високо-образовниот систем во земјата. На тој начин, ние даваме свој придонес кон едукацијата на персонал којшто ќе биде добро подготвен да одговори на предизвиците на комуникациската индустрија во целата земја.

Исто така, се стремиме да го задржиме фокусот на развојот на кариерата на секој поединец преку отворање на многу перспективи за градење на кариера. За таа цел, тимот за човечки ресурси е посветен на подобрување на сегашното извршување на работата на секој вработен, овозможување на поединците да ги искористат идните можности за префрлање на ново работно место, како и на исполнување на целите на компанијата за динамична и ефективна работна сила. Високо развиениот систем за едукација и обука кој го водат професионалци за ЧР обезбедува целосна експертиза и потенцијал за да се исполнат сите деловни можности дури и надвор од нашата компанија. Како најдобро место за работа и напредување, ние водиме сметка поединците да го користат стручното знаење и експертиза здобиени од нашите едукативни обуки. Од минатата година, како дел од еден меѓународен тим за ЧР, обезбедивме многу одлични можности за нашите вработени за развој на меѓународна кариера – со наша соработка, успеавме широко да ги отвориме вратите на Групацијата ДТ за ентузијасти и експерти од Македонија кои се подготвени да направат чекор напред.

**Високо ценето добро извршување на работата**

Процесот на управување со извршувањето на работата кој го поддржуваме ја засилува личната одговорност за исполнување на личните цели и за исполнување на целите на компанијата. Нашиот систем за оценување на работата базиран на компетенции ги наградува вработените врз основа на нивното извршување на работата, потенцијалот и придонесот кон успехот на деловното работење. Се стремиме да обезбедиме конкурентни и правични плати и надоместоци во компанијата. Плановите за бонуси кои им ги нудиме на менаџментот и на вработените се во согласност со поединечното извршување на работата и резултатите на компанијата. Во 2010 година, започнавме процес на консолидирање на системот за бонуси за Македонски Телеком и Т-Мобиле, најпрво на ниво на менаџментот. Овој проект се очекува да заврши на ниво на вработените за двете компании до крајот на 2011 година. Лајтмотивот на работата на ЧР е дека стручните, способните и посветените вработени се од витално значење за успехот на Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија. Ова најмногу го цениме!

Оддавањето на признание за вработените е наша алатка во ЧР која ги зајакнува и наградува најважните исходи кои вработените ги креираат за нашиот бизнис. За таа цел, системот за дефинирање на цели кој го развивме е еднакво моќен како за компанијата така и за поединечното извршување на работата. Ова овозможува воспоставување на добар систем за оценување наменет за мотивирање на вработените. Ефективното и соодветното оддавање на признание на луѓето води кон мотивиран кадар кој е поверојатно дека ќе работи понапорно во корист на целокупното извршување на работата.

## Вклученоста на вработените е од витално значење за нашата работа

Веруваме дека вклученоста на вработените во организацијата креира опкружување во кое луѓето влијаат на одлуките и на активностите кои го засегаат деловното работење, но и нивните работни места. Со вклучување на вработените во разни програми и проекти кои се одвиваат во компанијата, им овозможуваме да придонесат кон континуираното подобрување и кон тековниот успех на нивната работна организација.
Постојано го следиме внатрешното мислење на вработените со разни истражувања кои ги спроведуваме во текот на годината. Редовното истражување Проверка на пулсот што го спроведуваме два пати годишно дава слика за целокупната клима во компанијата. Ова ни помага да ги идентификуваме трендовите и чувствата на вработените, ни покажува како вработените ги разбираат процесите во компанијата, особено во време на трансформација, ја отсликува внатрешната подготвеност да се прифатат предизвиците на компанијата итн.
Високата стапка на учество која ја добивме во Истражувањето на мислењето на вработените во 2010 година во споредба со 2008 година е уште еден показател дека вработените сакаат да го кажат своето мислење за сите прашања поврзани со компанијата. Ова е многу важен показател за нас во ЧР бидејќи ние сме врската преку која мислењето на вработените може да направи разлика при промената на процесите.

## Здравје, безбедност и благосостојба за нашите вработени

Здравјето, безбедноста и благосостојбата во рамките на нашата организација ни се најважни. Ние обезбедуваме здрава средина за нашите вработени преку имплементирање на политиката на Компанијата од областа на здравјето и безбедноста на вработените во согласност со најновите европски регулативи и практики. На тој начин овозможуваме и одржуваме безбедна работна средина и здрави работни услови за нашите вработени.

Имајќи ја предвид природата на работниот процес, се грижиме работното опкружување да биде прилагодено преку преземање на разни безбедносни мерки и мерки за заштита на здравјето. Континуирано спроведуваме обуки за да вработените се стекнат и го зголемат своето знаење и свесност во врска со овие прашања. Вработените постојано се информирани за сите прашања во врска со регулативите и аспектите од областа на здравјето и безбедноста преку внатрешни информативни канали.

За прв пат во 2010 година, спроведеното Истражување на мислењето на вработените на ниво на цела Групација содржеше разни прашања за да се проверат, меѓу другото, аспектите поврзани со здравјето, врз основа на кои беа направени детални и научни извештаи и анализи на здравјето, идентификувајќи ги приоритетите за активности со цел да се обезбеди добро работно опкружување и да се подобри здравствената состојба на тимот.
Ова доведува до заклучок дека компанијата посветува големо внимание за да обезбеди оптимални работни услови во однос на одредбите за здравје и безбедност со цел да се обезбеди здраво и безбедно опкружување за нашите вработени.





**Македонски Телеком и Т-Мобиле се меѓу најголемите поддржувачи, не само во рамките на деловното опкружување во Македонија, туку и во рамките на разни области кои се од суштинско значење за целокупниот развој на македонското општество. Се обидуваме да го олесниме и збогатиме секојдневниот живот на луѓето и да инвестираме во разни области кои се од суштинско  значење за развојот на македонското општество**

Димитар Ковачевски
Извршен директор на Област за
Комуникација на ниво на Групација

Дизајниравме одговорна стратегија за комуникација со воспоставен контекст за одржливост. Ги идентификувавме очекувањата и потребите на разни заинтересирани страни во општеството и го оценивме нивното влијание. Креиравме партнерства во рамките на разни области и ние секогаш сме на располагање за оние на кои им е потребна помош. Македонски Телеком и Т-Мобиле се долгогодишни поддржувачи на македонските организации и лица во областа на културата, образованието, спортот, традиционалните вредности, модерното општество и трендови...

## Унапредување на образовните процеси во земјата

Посветеноста кон зголемување на квалитетот на образованието преку ефикасна употреба на Интернетот како модерна технолошка комуникациска алатка беше потврдена со продолжување на најголемиот проект во земјата за 2010 година - Проектот „Компјутер за секој ученик“. Освен компјутерска опрема и Интернет конекција во училиштата, Т брендот обезбеди Интернет и за студентските домови низ земјата. Освен во училиштата, пристап до Интернет им беше обезбеден и на студентите во четири студентски домови во Скопје, Штип, Битола и Гостивар, како и во Охрид и Прилеп. Освен тоа, се цел да им се овозможи на студентите да ги користат придобивките од Интернетот со брзина на светлината, планот за проширување на оптичката мрежа ги опфаќа и студентските домови, со што Компаниите дополнително го истакнуваат проширувањето на пристапот до модерната технологија.

## Спортските настани ги поврзуваат луѓето, го будат тимскиот дух и креираат здрава средина

Инвестирањето во спортот е една од клучните определби. Спортот го зајакнува духот и ги совладува сите бариери. Затоа, за да придонесе кон врвни спортски достигнувања, Т брендот поддржуваше неколку клучни настани, како што е учеството на македонската сениорска ватерполо репрезентација во европското првенство во ватерполо во Хрватска. Исто така, Т брендот е традиционален поддржувач на Охридскиот пливачки маратон, најголемиот меѓународен спортски настан во земјата кој се одржува 56 години и ја привлекува целокупната светска пливачка елита. Друг спортски настан кој го поддржаа Компаниите во 2010 година е традиционалниот меѓународен кајак слалом ИКАС 2010, кој се одржа во рекреативниот центар Матка, Скопје. Ова е најстариот спортски настан во Македонија на кој учествуваат добитници на олимписки, светски и европски награди.

## **Културните настани креираат моменти за паметење што вреди да се споделат!**

## Музика, забава и фестивали

АКако општествено одговорен бренд, Т беше дел од настани со што ги зботати културните содржини во земјата. Компаниите поддржуваат меѓународно познати фестивали: Меѓународниот фестивал за современи уметности АКТО во Битола, Балкански музички плоштад во Охрид, Охридско лето.

Летото почнува со традиционалната поддршка на најголемиот македонски културен настан – Охридско лето. Оваа светски позната културна манифестација се одржува секоја година во Охрид, а Т брендот е секогаш присутен преку поддршка на изведбите на некои од најголемите имиња во светот на музиката пред македонската публика. Охридско лето останува амбасадор на македонската култура и музика.

И оваа година, Античкиот театар во Охрид беше местото каде што се одржуваше Балканскиот музички плоштад каде што учествуваа некои од најпознатите балкански уметници.

Главниот град на Македонија, Скопје, повторно беше обоен од звуците на џезот. Скопскиот џез фестивал, кој е етаблиран како еден од џез фестивалите од највисок ранг во регионот, во 2010 година се одржа по 29-ти пат со поддршка од Т. На минатогодишното 29-то издание на познатиот Скопски џез фестивал, учествуваа многу еминентни и познати џез музичари од целиот свет, вклучувајќи ги САД, Куба, Бразил, Нов Зеланд, Велика Британија, Италија, Холандија, Норвешка, Белгија.









Петта година по ред (2010 година), АКТО Фестивалот ги собра меѓународните уметници од полето на визуелни уметности, музичка култура и бројна публика од целиот регион. Интересот на публиката и на медиумите за Фестивалот расте од година во година и истиот се здоби со имиџ на единствен фестивал од овој вид во Македонија кој ги собира и промовира новиот бран на модерни уметници од Македонија, Бугарија, Албанија, Србија, Грција, Хрватска, Словенија, Црна Гора, Босна и Херцеговина. „Циркусот под отворено небо“ или Баскерфест се одржува секоја година во јуни. Т брендот е лојален пријател на овој летен спектакл со необични и уникатни изведби на улични уметници од целиот свет. Т брендот веќе неколку години е партнер на Скопско лето. Реномето на овој настан е потврдено и надвор од границите на Македонија со членството во Здружението на меѓународни фестивали и настани – ИФЕА.

Настаните кои се одржаа во 2010 година се голем доказ за реномето кое Т брендот го има во Македонија – најголем и најлојален партнер на македонската култура, музика и настани за деца.

Со поддршка на Компаниите, најголемите ѕвезди на поп музиката во Македонија, Калиопи и Влатко Илиевски, им дадоа единствена можност на нивните обожаватели да уживаат во звуците на нивната музика во живо во текот на концертите и при правењето на нивните албуми.

Како долгогодишни партнери на Златно славејче, Гроздоберче и Супер ѕвезда – детски музички фестивали – Компаниите создадоа основа за збогатување на детскиот живот и за настап на многу познати македонски пејачи. Најважно е да им се овозможи на многу талентирани деца од целата земја да го покажат својот музички талент.

## Заштита на животната средина

Заштитата на животната средина и обезбедувањето на безбедни услови за работа се меѓу карактеристиките на општествено одговорните компании со високо развиена свест за животната средина. Освен безбедната работа за компаниите кои се дел од заедницата во која делуваат, Компаниите посебно се грижат и за зголемување на свесноста кај јавноста за животната средина. Преку процеси и ангажмани, Т брендот во Македонија активно придонесува кон заштита на животната средина и кон заштита и подобрување на условите за живот на идните генерации.

- На Светскиот ден на телекомуникациите, Т брендот испрати силна одекнувачка порака до граѓаните и корисниците со засадување на дрва и садници во Градскиот парк и активно се вклучи во големата акција на територијата на целата држава - Денот на дрвото - Засади ја својата иднина.

- Час на планетата земја – Во март, компаниите во Македонија се приклучија на светската иницијатива наречена Час на планетата земја заедно со околу 90 други земји. Македонски Телеком и Т-Мобиле ги исклучија светлата за да привлечат внимание кон фактот дека секој може да стори нешто за заштита на животната средина. Целта на Час на планетата земја е да се посочи на климатските промени и заканите од истите. Компаниите прават сè што е во нивна моќ за да ја зголемат свесноста на деловниот сегмент и на корисниците за можностите за нивна вклученост.
  - сè што правиме има влијание на иднината и животите на нашите деца.

## Политика за заштита на животната средина

Политиката за заштита на животната средина на Македонски Телеком АД – Скопје и Т-Мобиле Македонија вклучува прифаќање на одговорност и обврска за почитување на Законот за животната средина и другите регулативи поврзани со животната средина и стремење кон постојано подобрување на влијанието на Компаниите врз животната средина

Компаниите сметаат дека е најважно да ја извршуваат својата работа така што ќе бидат свесни за нивното влијание врз животната средина и затоа тие ќе ги направите сите напори за да ја применат оваа пракса во целокупното работење, погрижувајќи се да ги извршуваат своите активности како „Општествено одговорна компанија“.

Политиката за заштита на животната средина јасно ги наведува минималните барања:
- Имаме општествена одговорност да ја заштитиме животната средина и нашето размислување и делување се насочени кон долгорочно одрживо општество во интерес на идните генерации.
- Заштитата на животната средина ни е од најголема важност. Менаџментот е директно одговорен за дефинирање и имплементирање на Политиката за заштита на животната средина во двете Компании.
- Користиме модерен систем за управување со животната средина за да обезбедиме ефикасна примена на нашата Политика за заштита на животната средина.
- Нашата Политика за набавки е насочена кон исполнување на целите за заштита на животната средина. Овие цели имаат влијание и на нашето однесување кон договорните страни.
- Се стремиме да најдеме решенија за производи и услуги кои ја зачувуваат енергијата и природните ресурси.
- Активно ги вклучуваме нашите вработени во мерките за заштита на животната средина.
- Ја информираме јавноста и акционерите и промовираме конструктивен дијалог.

# Помагање на оние на кои им е потребно

За да се овозможи полесен пристап до драмските уметности, беа снимени пет радио драми и една новогодишна бајка со поддршка на Компаниите. Овие радио драми без изведени за децата од Државното училиште за рехабилитација на деца и младинци со оштетен вид „Димитар Влахов“ и за членовите на Здружението на слепи лица. На овој начин, Компаниите ги промовираат вредностите на брендот, збогатувајќи го животот и давајќи придонес кон создавање на солидна основа за културна и социјална интеграција на сите членови на заедницата.

## Донација од вработените на Македонски Телеком и Т-Мобиле за Црвениот крст

Вработените на Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија собраа преку 200 кутии со книги, играчки и облека како дел од активностите за одбележување на Светска недела на кориснички услуги 2010 и ги донираа на Македонскиот црвен крст. Хуманитарната активност на вработените на Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија е дел од бројните активности водени од корпоративните културни принципи во компаниите на ниво на Групацијата Дојче Телеком.
Во соработка со Црвениот крст и Државниот институт за трансфузиона медицина, вработените на двете Компании организираа и ден на крводарителство. Тоа е традиционална активност со која вработените ја покажуваат својата хуманост и доброволност придонесувајќи кон здравјето и животот на граѓаните во нивното општество.

Фондација Т-Мобиле за Македонија

# Фондација Т-Мобиле за Македонија

Фокусот на Фондацијата Т-Мобиле за Македонија беше да се подобри јавното здравје и да се создадат подобри услови за медицински третман на сите граѓани. Од друга страна, целта на Фондацијата е да обезбеди поддршка за најранливите групи во општеството, пред сѐ за децата. Визијата на Фондацијата е да создаде поубава и посреќна средина, изразувајќи ги вистинските животни вредности и свесноста за заемно помагање, средина во која сите можеме да го исполниме нашиот потенцијал за доброто на сите.

Мисијата е да се изнајдат различни начини за да се генерираат идеи и инвестиции со кои можеме да им помогнеме на луѓето на кои им е потребна помош и на организациите и институциите за имплементација на проекти од општествен интерес.

За таа цел, во 2010 година Фондацијата Т-Мобиле за Македонија даде донација за подобрување на медицинскиот третман и условите за сместување на деца и новороденчиња на Клиниката за инфективни болести. Дел од средствата беа наменети за Клиниката за анестезиологија, реанимација и интензивна нега – КАРИЛ. Фондацијата донираше и машина за механичка вентилација на Клиниката за анестезиологија, реанимација и интензивна нега (КАРИЛ). Машината се користи за да овозможи вештачка вентилација и е замена и компензација за спонтано дишење.

Донацијата има директно влијание на спасувањето човечки животи. Опремена со најнов софтвер, оваа машина исто така овозможува намалување на нус појавите кои се појавуваат во текот на третманот. КАРИЛ е единствена институција во Македонија која нуди таква нега и каде што се носат сите критични случаи не само од Македонија туку и од регионот.

Исто така, Фондацијата Т-Мобиле за Македонија обезбеди донација за Клиниката за инфективни и фебрилни болести со која се овозможи реновирање на Одделот за цревни инфекции. Сите простории во Одделот кои се користат за сместување на новороденчиња се целосно реновирани, климатизирани и опремени со мебел. На Клиниката за инфективни болести годишно се третираат околу 4000 пациенти, од кои 80% се новороденчиња и мали деца. На Одделот за цревни инфекции годишно се хоспитализираат 500-600 новороденчиња чија ранлива возраст бара специфично сместување и услови за нега и медицинска помош.

Фондацијата Т-Мобиле за Македонија донираше мебел на неколку невладини институции и организации. Донацијата на мебел се изврши во текот на еден месец активна доброволна работа која беше збогатена со учеството на вработените од Македонски Телеком и Т-Мобиле.

Исто така, со донацијата на мебел, Фондацијата Т-Мобиле за Македонија беше вклучена во обезбедувањето на поддршка на кампањата на Детското село, И ти можеш да помогнеш, за која телефонскиот број 070 143 456 беше отворен за донации. На тој начин и Фондацијата стана партнер на Детското село во процесот на стабилно финансирање и подобрување на квалитетот на животот на децата.

Освен на Детско село, Фондацијата донираше мебел и на Клиниката за инфективни и фебрилни болести, на невладините организации Калисто и Интегритет, Домот за деца без родители 11 Октомври и на други институции.

Таквите општествено важни активности придонесуваат кон градење и зајакнување на културата на корпоративна општествена одговорност.

## Броеви за донација

Посебните броеви за донација на Т-Мобиле се најактивниот канал за собирање на средства наменети за помош на луѓето на кои им е потребна итна хируршка интервенција или третман, за проекти од јавен општествен интерес и за невладини организации. Овие броеви се отворени и промовирани од страна на Фондацијата на барање на поединци или организации, а средствата ги донираат граѓаните. Преку посебните броеви за донација, корисниците на Т-Мобиле меѓусебно се поврзуваат во круг на хуманост, обезбедувајќи директна помош за исполнување на хуманата цел за која е наменет бројот.

Од основањето на Фондацијата во 2020 година, преку овие броеви собрани се повеќе од 640.000 евра за повеќе од 200 лица. Дополнителни 210.000 евра беа донирани и преку 50 проекти за севкупно општествено добро имплементирани од Фондацијата.

# Нашите активности во медиумите поврзани со корпоративната општествена одговорност во 2010 година

### Глобална акција „Час на планетата земја“

**27.03.2010**

27.03.2010 година, Македонски Телеком АД – Скопје и Т-Мобиле Македонија, како компании со високо развиена свест за заштита на животната средина, ќе се приклучат кон глобалната акција „Час на планетата земја“ која се одржува по четврти пат.
Во периодот од 20:30 до 21:30 часот во текот на акцијата, сите светла и клима уреди ќе бидат исклучени во сите продажни места и административни згради на Македонски Телеком АД – Скопје и Т-Мобиле Македонија.

### Фондацијата Т-Мобиле за Македонија реновираше Одделение во Клиниката за инфективни болести

**23.04.2010**

Фондацијата Т-Мобиле за Македонија & додели донација на Клиниката за инфективни болести и фебрилни состојби наменета за реновирање на Одделението за цревни инфекции.
Донацијата овозможи целосно реновирање на сите осум соби за сместување на новороденчиња со нивните мајки на Одделението за цревни инфекции, како и инсталирање на системи за климатизација и набавка на мебел.  Со тоа, условите за третман и престој на деца ќе бидат подобрени. Донацијата беше збогатена и со пријателите на Фондацијата – децата од домот за деца без родители 11 Октомври и децата од Центарот за поддршка на лица со пречки во интелектуалниот развој Порака од Куманово, кои донираа цртежи за разубавување на собите.

### World Cyber Games
### Шестиот локален шампионат во World Cyber Games се одржува овој викенд

**8/19/2010**

Во сабота 21.08.2010 година, шестиот национален шампионат во сајбер игри World Cyber Games 2010 (WCG) ќе започне во 11:00 часот пред Experience Café и продажниот салон на T-Home и T-Mobile на плоштадот Македонија во Скопје.

Преку 200 натпреварувачи од целата земја поделени во 50 тимови ќе учествуваат во националниот шампионат кој е поддржан од Т брендот во Македонија. Најдобриот тим во Counter Strike ќе ја претставува Македонија на светското финале на WCG 2010 кое ќе се одржи во Лос Анџелес САД, и се очекува да биде најпосетен и најдобро организиран електронски спортски настан.



## Македонската Т Групација како единствен спонзор на домашната ватерполо репрезентација

**20.08.2010**

Македонската јавност беше официјално информирана за соработката помеѓу Т Групацијата и македонската сениорска ватерполо репрезентација, која вклучува ексклузивно спонзорство од компанијата кое се случува непосредно пред почетокот на Европскиот шампионат во ватерполо во Хрватска, каде што ќе учествува и нашиот тим.

## Фондација Т-Мобиле за Македонија донира мебел на домот за деца без родители 11 Октомври

**18.11.2010**

Фондацијата Т-Мобиле за Македонија донираше мебел на домот за деца без родители 11 Октомври со што се заокружи месецот на активна доброволна работа на вработените на Т-Мобиле и Македонски Телеком. Во текот на месецот на активна доброволна работа, кој траеше од 18 октомври до 19 ноември, беа имплементирани неколку донаторски активности со кои се овозможи донација на 300 парчиња мебел.

Освен донацијата за домот на деца без родители, Фондацијата донираше и столици, маси и ормари на СОС Детско село, невладините организации Калисто, Интегритет, Алфа и Омега, Здружението на жени и овозможи целосно реновирање на просториите и понатамошно опремување со мебел на Одделението за цревни болести во Клиниката за инфективни болести во Скопје.

## М2 продукција и Т-Мобиле го започнаа новиот циклус од „Потрага по ѕвезда“

**12.11.2010**

Музичката продукција М2 во соработка со Т-Мобиле организира нов циклус од „Потрага по ѕвезда“. Овој оригинален музички проект им дава на младите анонимни музички таленти во Македонија единствена можност да го претстават својот квалитет и да изградат успешна идна кариера. Во изминатите години „Потрага по ѕвезда“ ги оствари соништата на многу млади луѓе кои станаа успешни и еминентни имиња на македонската музичка сцена, како што се: Елена Ристеска, Ламбе Алабаковски, Александра Пилева, 4Play, Бојана Атанасовска и многу други.

## Богата програма за незаборавно новогодишно искуство

**01.12.2010**

Градот Скопје заедно со Македонски Телеком, Т-Мобиле Македонија и македонско-германското стопанско здружение најавија бројни активности за претстојната прослава на новогодишните празници.

Градот Скопје ќе се погрижи нашиот град да биде во добро расположение и декориран во празничен дух, додека Македонски Телеком, Т-Мобиле и македонско-германското стопанско здружение најавија денови исполнети со богата културно - забавна програма со многу забава и моменти за паметење за сите генерации.

**Т е клучна компонента на успехот на нашата компанија. Во срцето на ветувањето на нашиот бренд се споделените искуства. Наша обврска е да им обезбедиме на нашите корисници производи од вистинска важност за поврзување на нивните секојдневија. Тоа ќе го направи Т да биде прв избор и ќе креира задоволни и лојални корисници.**

Матијас Ханел,
Главен директор за маркетинг на Македонски Телеком
и Т-Мобиле Македонија

**Продажниот пристап треба едноставно да ги конвертира потенцијалните купувачи
во вистински корисници. Како ќе го постигнеме ова? Со стратешки чекори, посветеност, постојани промени и иновации наменети за задоволување на сите потреби на корисниците**

Габор Алтман,
Главен директор за продажба на Македонски Телеком
и Т-Мобиле Македонија

## Фокус на воведувањето и промовирањето на нови услуги, задржување на лојалните корисници и уникатен начин за воспоставување на односи со новите корисници

Еден од главните фокуси во 2010 година беше ставен на Double и Triple Play пакетите, на продажбата на говорни и широкопојасни услуги, на конвергирани производи и на интензивирање на односите со корисниците.
Стратешките маркетиншки чекори и комуникацијата и професионализмот на двете Компании во рамките на сите продажни активности, успеаја да го стабилизираат одлевањето на корисниците и да ја зголемат базата на лојални корисници.
T-Home и T-Mobile остануваат лидери на иновациите во Македонија!

Воведувањето на првата 3 Screen кампања во рамките на Групацијата ДТ овозможи уникатно искуство за корисниците – ексклузивна покриеност на сите видови медиуми на ФИФА Светското првенство во фудбал 2010 – на мобилен телефон, Интернет и IPTV со висока резолуција.

За прв пат во Македонија и во Групацијата Дојче Телеком, во духот на Т брендот и вредностите, пред почетокот на ФИФА Светското првенство во фудбал, T-Home и T-Mobile го воведоа најновото иновативно решение во областа на телекомуникациите – понудата 3 Screen. Сите обожаватели на фудбалот во Македонија имаа ексклузивна можност да ги гледаат натпреварите од ФИФА Светското првенство во фудбал во живо, со висока резолуција на MaxTV, на нивниот мобилен телефон или преку Интернет на web.maxtv.mk, www.idividi.com.mk, www.t-home.mk во секое време, на секое место, со кристално чиста слика која нуди потполно задоволство и возбуда.

- Повеќе од 6.000 корисници на Т-Мобиле ги гледаа фудбалските натпревари на нивните мобилни телефони
- Импресивни настани под отворено небо – само во изминатите два дена од турнирот, повеќе од 3.000 луѓе ги гледаа натпреварите и заедно навиваа на отворено.

Клучната мотивација за преземање на ваков чекор беше решеноста за комуникација, дека постои нешто ново и различно, атрактивно и корисно, нешто што претходно не беше познато на македонскиот телекомуникациски пазар, но достапно за корисниците; нешто што ќе донесе извонредно фудбалско искуство на било кој екран каде и да се. Само забавна, ексклузивна содржина може да привлече нови корисници кои ќе ги користат услугите.

Т брендот ги донесе најновите телекомуникациски иновации воведени во Македонија.
Денес, Т ги предводи меѓународните телекомуникациски трендови нудејќи уникатно и незаборавно искуство за гледање на истата содржина преку телевизија со висока резолуција, Интернет и мобилна телефонија.

Нудење на истата содржина на различни медиуми е клучен двигател за Т брендот во Македонија. Главната цел е да се обезбеди истата MaxTV понуда на различни уреди, покрај телевизијата, како што се телевизија на мобилен телефон, телевизија на веб.

Освен тоа, Компаниите работат на проширување на сегашната multi screen понуда со дополнителна, позабавна и уникатна содржина за нивните корисници.

Како одговор на агресивните движења на цените на конкуренцијата на пазарот за мобилни комуникации, Т-Мобиле креираше нови пакети и портфолија за сегментот на приватни и деловни корисници и семејниот сегмент, кои привлекоа огромен број на корисници за само 6 месеци.
Еден од главните фокуси беше ставен на сегментот на мобилни податочни услуги, каде што Компанијата постигнува големо зголемување во споредба со претходната година.

Имајќи ги предвид потребите и очекувањата на корисниците што произлегуваат од модерниот стил на живот, Т брендот воведе производи во пакет како што се Family + и Total Connectivity. Со воведувањето на заеднички производи на двата бренда, T-Home и T-Mobile, корисниците ги добиваат сите услуги кои што им се потребни во еден производ како пакет и на една сметка. Таквите чекори водат кон задоволство, задржување/спречување на одлевањето на корисниците и зајакнување на односите со корисниците, притоа истовремено следејќи ги сите дневни и долгорочни потреби.

Како резултат на зголемената потреба на корисниците од видео и податочни услуги, Т брендот воведе неколку новини кои придонесоа кон исполнување на целното задоволство на корисниците.
Еден од најважните фокуси на продажбата на Т-Мобиле беше ставен на уредите за мобилни податочни услуги со воведување на разновидно портфолио на таблет компјутери и други смарт телефони.

2010 година ја означи воведувањето на iPhone 4 што се случи во септември. Набрзо по појавувањето на iPhone 4 на пазарот, како дел од Групацијата ДТ, iPhone 4 беше воведен во Македонија, во рамките на вториот европски бран и заедно со 4 други земји. Т-Мобиле создаде вистинска успешна приказна од тоа!

## „Се на едно место“ за нашите корисници

Македонски Телеком и Т-Мобиле развија мрежа на разни продажни канали, за услужување на корисниците од различни сегменти. Главниот продажен канал е мрежата од 46 заеднички продавници на Компаниите. Од 1 октомври, сите продавници нудат целосно портфолио на производите на двете Компании. Новиот продажен концепт на ДТ беше воведен во четири продавници во 2010 година. Една од продавниците беше дизајнирана како кафетерија и ресторан, урбано место каде луѓето можат да уживаат и да се запознаат со најновите технолошки решенија.

## Врвно корисничко искуство

Со својата сигурност и поставување на трендови, задоволувајќи ги потребите на корисниците, Компаниите воведоа различен концепт на продажба и производи којшто ги опфаќа следниве седум сегменти на производи: Сегмент на специјални/актуелни понуди; Сегмент за интернет (и податоци), Сегмент за дополнителна опрема и уреди; Сегмент за споделување на моменти (говорни услуги, редовни тарифи и телефонски апарати); Сегмент за забава, Бизнис сегмент и Сегмент за понуди за лојалност. Овој чекор овозможи пристап за сите посетители и корисници на продажните салони на T-Home и T-Mobile. Меѓународната анализа за контакт со корисници (ICCA) беше исто така воведена во сите продажни салони низ Македонија што помогна во дефинирањето на јасни насоки за уште поголемо зголемување на задоволството на корисниците. Во поглед на подобрувањето на продажбата, со почетокот на Управувањето базирано на вредности, беше утврдено Управување со продажни канали со цел обид за дефинирање на реалната вредност на различните продажни канали и стекнување на оптимална распределба на буџетот за инвестирање на пазарот. Тоа го покрива управувањето со канали и оперативниот развој, управувањето со спроведување на кампањи и активности за поддршка, со цел да се осигура спроведување на одредени кампањи, да се искористат трошоците за комуникација и да се зголеми ефикасноста на кампањите на најдобриот можен начин. Имајќи ја предвид важноста на Односи со корисници, T-Mobile воведе Телепродажба како дел од Мобилниот контакт центар.

Во 2010 година беше ставен силен фокус и на FTTH производите. Со интензивни напори на ИТ, маркетинг комуникација и продажните активности, Компанијата ги постигна таргетираните резултати.

- 885% ефикасност во исполнувањето на предусловот за започнување на проектот
- FTTH договори - 90% учество во вкупната продажба во првите два квартала од 2010 година
- покриеност со FTTB оптика на повеќе од 130 деловни корисници

## Проектот Оптика се смета за иднина на телекомуникациите

Компанијата започна во Скопје, но продолжува и во другите региони низ Македонија. Зголемената потреба за видео и податочни услуги бара поголеми капацитети на преносната мрежа. Дополнителен фокус ќе биде ставен на квалитетот на услугите, како и на зголемувањето на безбедноста и мрежниот пристап.

Во продолжение се дадени дополнителни новитети што беа воведени од страна на Т брендот во текот на 2010 година, како дел од годишната програма за посебен третман на деловната група на корисници:

- утврдување на посебни броеви за секој деловен корисник посебно!
- ново портфолио на деловни тарифи со: тарифирање по првата секунда на разговорот, вклучен интернет сообраќај во месечниот надомест и без надомест за конекција
- организирање и подготовка на заеднички работилници на T-Home и T-Mobile за мали деловни корисници и корисници - мали средни претпријатија
- проширено портфолио на деловни решенија, како што се: Управување со возен парк, Системска интеграција за мали деловни корисници и корисници - мали средни претпријатија...

Проширувањето на продажната мрежа на партнери беше важен чекор во претходната година, со што беше опфатено проширувањето на мрежата за индиректна продажба со нови големи малопродажници коишто треба да обезбедат поддршка од највисок квалитет и соодветно покривање на пазарот. Компаниите вложија многу време, човечки ресурси и професионализам во постојаната регионална поддршка, надзор и обука на лице место за вработените во продажните салони на партнерите.

2010 беше година на иновацијата поради:
Појавата на е-трговија создаде нови финансиски потреби коишто во многу случаи не можат ефективно да се исполнат од страна на традиционалните системи за плаќање Со прифаќање на ова, Т брендот беше првиот кој воведе електронски систем за плаќање: моделот за онлајн електронско плаќање со кредитни и дебитни картички преку www.t-mobile.mk и www.t-home.mk за електронско плаќање на сметка (онлајн процес за плаќање на телефонски фактури за корисниците на T-Mobile и T-Home) и електронско надополнување на кредит (онлајн процес за надополнување на припејд сметка за корисници на T-Mobile).

Овој чекор не само што го докажува придонесот на Т во заштитата на животната средина, туку и дека им заштедува време на корисниците и им го олеснува животот, што претставува основа на Т вредностите.

Онлајн продажни канали - ефективен начин за постигнување на одлични резултати!
Јакнењето на единицата за онлајн продажба во 2010 година се покажа како ефективен начин за зголемување на продажбата и придонесе за надминување на крајните резултати. Унапредувањето на единицата за онлајн продажба во Служба за онлајн бизнис, како посебен канал за продажба и услуги, беше значаен чекор напред во развојот на корисничкиот канал за продажба/услуги/информации којшто е активен 24 часа во неделата. Покрај одговорната единица, тестирањето на онлајн продажбата со вклучување на вработените, поставувајќи проект за специјални бонуси, беше од клучно значење за постигнување на значајните резултати во продажбата на 3Max, 2Max и 3 Max FTTH пакетите. Само во декември, онлајн системот придонесе со 43% во вкупните барања и 50% во вкупната имплементација на поднесени барања.

Инвестициите, интензивната комуникација за подигнување на свеста и информирањето на корисниците, како и интензивните обуки и програми за бонуси за вработените во продажба се неизбежни за постигнување на успешни резултати – тоа донесе илјадници новостекнати корисници и надградба на приходите.
Мотивирањето на вработените е клучен двигател кон успехот на компанијата!

Како секој бренд и компанија што ја признава важноста на односот со корисниците, Т брендот вложува посебни напори за тие цели исто така. За таа цел, двете програми за лојалност на брендовите T-Home и T-Mobile беа споени во една програма, најголема во Македонија којашто е целосно фокусирана на потребите на корисниците и се грижи за наградување на нивната лојалност.

**Твојот клуб – заедничка програма за лојални корисници на двата бренда, T-Home и T-Mobile**

Двете компании ја започнаа оваа програма поради фактот што корисникот секогаш се наоѓа во нашиот фокус. Оттука, програмите за лојалност на T-Home и T-Mobile, кои досега функционира како посебни програми, Клуб на пријатели и Клуб 360, беа одлична можност да ја покажеме нашата посебна грижа за корисниците. Брендовите обезбедија дополнителна вредност за долгорочните корисници, во замена за нивната доверба и лојалност.

Како компании за електронски комуникации, ја ставаме целата модерна технологија во служба на корисниците со цел да се олеснат нивните животи, да им се обезбедат врвни комуникации и да заштедат време. Оваа програма е уште еден сегмент од целиот деловен концепт на Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија.

Земајќи го фактот што двете компании веќе понудија заеднички, т.е. конвергирани услуги на пазарот, ова беше многу логичен чекор. Концептот на заедничката програма за лојалност, Клуб на пријатели на T-Home и Клуб 360 на T-Mobile, функционира како еден бренд од ноември 2010 година.

Тој ги обединува двете портфолија на Клубот на пријатели и Клуб 360 и воспоставувањето на единствен систем за бодување. На овој начин, компаниите им нудат поголеми придобивки на своите корисници. Суштината на заедничкиот клуб на лојалност е корисниците да соберат повеќе поени на едно место и да ги конвертираат во посакуван производ, заштедувајќи при тоа време и овозможувајќи поголем избор.
Меѓутоа, програмата за лојалност има и друга суштинска димензија, настрана од материјалниот дел на приказната. Предметите кои се дел од понудата за наградување служат како демонстрација на грижата за задоволување на желбите на корисниците, но пред се тие претставуваат знак на благодарност за нивната лојалност и заедничка доверба која ја градиме низ годините.

**Недела на корисничките услуги**
меѓународна недела што се слави во целиот свет од страна на сите компании ориентирани кон услуги и корисници

Во рамките на активностите за одбележување на Меѓународната недела на кориснички услуги, Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија припремија и серија интересни изненадувања за своите корисници. При тоа, компаниите ја демонстрираа својата грижа за исполнување на потребите и барањата на корисниците, т.е. нивните напори за беспрекорно функционирање на услугите и производите коишто го носат Т брендот.

Меѓународната недела на кориснички услуги ја одбележуваат илјадници компании низ светот во првата недела на октомври. Темата на Меѓународната недела на кориснички услуги 2010 беше Традицијата на услугите.



# Нашето портфолио на производи за 2010 година во медиумите

**Интернет со брзина на светлината, без дополнителна наплата за период од три месеци!**
**11.02.2010**
T-Home подготви неверојатна понуда што им овозможува на корисниците да уживаат во привилегиите на светската револуционерна технологија – Fibre to the home (FTTH) (оптика до домот). Заинтересираните корисници ќе можат да го пробаат Интернетот со брзина на светлината, без дополнителна наплата за период од три месеци!
Оние корисници што ќе одлучат да ја испробаат оваа најсовремена технологија, за првпат достапна во Македонија, ќе добијат неограничен интернет сообраќај со симетрична брзина дури до 40 Mbps. Оптиката ќе биде достапна за новите и постојни корисници на MaxADSL, Call & Surf или 3 Max пакетите на T-Home.

**Уживање со MaxTV три месеци бесплатно**
**14.04.2010**
Со цел да се овозможи поголем број на граѓани да уживаат во придобивките на најдобрата дигитална телевизија во Македонија, T-Home подготви нова понуда за корисниците – 3 месечно бесплатно користење на MaxTV услугата вклучувајќи ги 3Max, 2Max и 3Max Optic пакетите. Секој корисник што ќе склучи договор за кој било од овие пакети до 30 јуни 2010 година ќе може бесплатно да ужива во преку 80 канали со кристално чиста слика.

**Т-Мобиле го организира најголемиот пикник на езеро во Охрид**
**30.04.2010**
Во сабота, 1 мај 2010 година, Т-Мобиле го организира најголемиот мајски пикник на езеро во Охрид, почнувајќи во 12 часот.
Леко од Охрид кој беше интервјуиран од Т-Мобиле ја даде идејата за пикникот. Кога го прашаа – „Што би направил ако можеш да зборуваш за 1 денар/минута со преку 1.3 милиони корисници на Т-Мобиле“, Неговата желба прерасна во голема и уникатна идеја – пикник на езеро.
Идејата на Леко лесно се оствари со услугата на Т-Мобиле, што му овозможи да покани многу пријатели за само 1 денар/минута и му помогна да го организира најголемиот најуникатниот пикник на езеро во Македонија.

**Најголемото вртење на хулахоп на сите времиња**
**5/18/2010**
Дали знаете дека најголемото вртење на хулахоп во Градскиот парк во Скопје беше одржано на 10 април, во организација на T-Home?

Забавата којашто започна, според планираното, утрото и продолжи неколку часа надвор од распоредот, заврши доцна попладнето. Бројните посетители од сите возрасти се забавуваа и спортуваа.

Посетителите учествуваа во натпреварот во вртење хулахоп којшто беше организиран во неколку дисциплини: најдолго вртење хулахоп, вртење на хулахоп околу вратот, вртење неколку хулахопи истовремено и најголемо групно вртење хулахоп.
Најдобрите вртачи на хулахоп беа наградени со бројни награди и хулахоп изненадувања. Забавата во Градскиот парк беше дополнително збогатена со изведбите на нашите поп-пејачи, Елена Ристеска и Ламбе Алабаковски. Настанот од којшто беше создадена прекрасна видео реклама, беше дел од новата промотивна кампања на T-Home „Сега и ти можеш да вртиш за 0 денари“ и се базира на основното ветување на нашиот бренд – создаваме искуства вредни за споделување.

**Најиновативен сајт**
**www.t-mobile.com.mk најавен како Најиновативниот сајт за 2010 година**
**7/2/2010**
**Т-Мобиле Македонија е добитник на наградата Најиновативен сајт на годината којашто се доделува на настанот одржан под покровителство на Претседателот на Република Македонија и организиран од страна на Системот за онлајн маркетинг „Keep an Eye“.**

**Веб сајтот на Т-Мобиле беше претставен како најиновативен од аспект на техничките елементи коишто се користени при креирањето на сајтот, но и како резултат на фокусирањето на сајтот за задоволување на потребите на корисниците и обезбедување точни информации.**
**Изборот на Сајт на годината, организиран по прв пат во Македонија оваа година, има за цел потенцирање на значењето на развојот на интернет сајтовите во Македонија.**

**Мобилниот телефонски апарат го заменува паричникот**
**02.06.2010**
За првпат на македонскиот пазар, Т-Мобиле воведува нова и иновативна услуга за своите корисници – мобилно плаќање (M-Payment).
Т-Мобиле е првиот оператор што им овозможува на корисниците да ги платат своите сметки во ресторантите, кафе баровите и сл., преку своите мобилни телефони. Услугата е брза, лесна и едноставна за користење, како и соодветна за сите модели на телефонски апарати.

**Уникатно фудбалско искуство со Т-Мобиле и T-Home**
**09.06.2010**
Следете ги натпреварите од Светското првенство на телевизија со висока резолуција, мобилен телефон и интернет за прв пат во Македонија.
За прв пат во Македонија и воопшто во Групацијата Дојче Телеком, пред започнувањето на Светското првенство во фудбал во организација на ФИФА, во духот на Т брендот и вредностите, T-Home и T-Mobile ќе го воведат најновото иновативно решение во областа на телекомуникациите – понудата 3 Screen. Фудбалските фанови ќе имаат ексклузивна можност да го гледаат Светското првенство во фудбал во организација на ФИФА во живо, на висока резолуција на MaxTV, на своите мобилни телефони или преку интернет во секое време на секое место.

**Кети Пери и Дојче Телеком заеднички гхи поканувaат најголемите обожаватели да учествуваат во нејзиниот спот за песната „Firework“**
**09.08.2010**
- Проект на Кети Пери: Кампањата за спотот на поп пеачката ќе ги ангажираат нејзините најголеми обожаватели да бидат дел од нејзиниот спот за претстојниот нов сингл.
'Firework'.
- Активностите на кампањата вклучуваат осум европски пазари на Дојче Телеком.
- Кампањата го зајакнува мотото на брендот Дојче Телеком „Сподели доживувања“ со тоа што на обожавателите им обезбедува моменти за паметење коишто ќе можат да ги споделуваат.

**Нови продажни салони на Т брендот во Скопје**
**26.08.2010**
T-Home и T-Mobile ја прошируваат својата продажна мрежа. Денес, два нови продажни салони беа отворени во Скопје во трговскиот центар Беверли Хилс (поранешната локација на кафе барот Спа) и во Кисела Вода, веднаш до Рампа. А наскоро, со отворањето на новиот трговски центар Веро, на 1 септември, ќе почнат да работат два нови продажни салона.

**T-Mobile и T-Home услугите на една претплата**
**01.09.2010**
Денес, брендовите T-Mobile и T-Home воведоа нова понуда, обезбедување на своите решенија за комуникација од едно место, на иста сметка и на само една претплата.
Family Max е новиот пакет создаден во согласност со барањата на различни возрасни групи и ги исполнува барањата на целото семејство. Сите корисници на Family Max пакетот сега ќе можат да зборуваат, сурфаат и гледаат телевизија за цена од 1.999 денари со ДДВ.

**Т-Мобиле го донесе iPhone 4 на македонскиот пазар**
**09.24.2010**
Новиот iPhone 4 спакуван со прекрасен нов дизајн од стакло и не` рѓосувачки челик што го прави најтенкиот паметен телефон во светот.
Денес, Т-Мобиле го донесе iPhone 4 на македонскиот пазар – најновиот iPhone 4 на Apple ја вклучува функцијата FaceTime, со што сонот за видео повик станува реалност, извонредниот нов Retina дисплеј со највисока резолуција некогаш вградена во телефон, со што се добива супер јасен текст, слика и видео.

**Нови канали за плаќање на услугите**
**06.12.2010**
Во согласност со модерниот начин на живеење и поседувајќи ги најсовремените технолошки достигнувања, Македонски Телеком АД – Скопје и Т-Мобиле Македонија, во соработка со Стопанска банка, воведоа нови и полесни канали за плаќање на услугите достапни 24 часа дневно во текот на целата недела. Корисниците на Македонски Телеком и Т-Мобиле ќе можат да ги плаќаат месечните сметки за интернет, телефон и телевизија преку интернет и преку мрежата на банкомати на Стопанска банка.

**Подготовка на теренот за нови производи и услуги, за иновации и за поголемо задоволство на корисниците... Нашата вклученост е потребна за сите процеси и целото работење на компанијата. Наша задача не е да донесуваме обични решенија, но ние треба да ги зголемиме очекувањата и да ги запазиме сите временски рамки, ограничувања на буџетот и да бидеме први со најдобрите резултати.**

Торстен Алберс,
Главен директор за техника на Македонски Телеком
и Т-Мобиле Македонија

**Барањата и очекувањата на корисниците создадоа поинаква дефиниција за квалитетот и ефикасноста на мрежата. Да се биде најголема компанија којашто услужува повеќе од 120 милиони претплатници значи не само да се следат трендовите, туку и да се следи интензивното темпо на Т брендот. Свесни сме дека влеговме во нова ера на телекомуникациите и се подготвивме за растот на податочните услуги со широко распространување и подобрување на мрежата.**

Ефтим Бетински,
Главен директор за техника на Т-Мобиле Македонија

Компаниите ја задржаа целта во 2010 година:
Одржување на мрежата на високо технолошко ниво со цел да се обезбеди широк опсег на производи и услуги што ќе ги задоволат барањата на корисниците.

Имајќи го ова во фокусот на сите активности...

Македонски Телеком прави напори да ја модернизира својата мрежа и да постигне високо технолошко ниво, да го подобри секојдневното одржување и да ги надмине пречките во процесот на давање услуги и отстранување на грешки.

Модернизирањето на мрежата се врши во неколку сегменти. Во областа на пристапната мрежа постојат два важни фокуси:

- Модернизирање на мрежната инфраструктура со спроведување на оптичките кабли до крајните корисници познато како Fiber-to-the-Home (FTTH) (оптика до домот).
- Зголемување на густината на претпланици на широкопојасни услуги со искористување на постојната бакарна мрежа со проширување на ADSL портовите и покриеноста, како и искористување на веќе имплементираната FTTH мрежа.

Распространувањето на FTTH е неизбежно за обезбедување на висококвалитетни широкопојасни услуги. Во 2010 година, беше изграден капацитет од приближно 20.000 домови во неколку поголеми градови во Македонија, како што се: Скопје, Куманово, Штип, Струмица, Охрид, Гостивар и др.

Бројот на ADSL портови се зголеми на приближно 200.000 портови, а беше постигната покриеност од речиси 100% на сите RSU локации.

Зголемените барања за сообраќај од широкопојасните услуги продолжуваат да го потикнуваат порастот на капацитетот на транспортните мрежи. Во текот на 2010 година, беа утврдени неколку нови IP/MPLS PoP локации, беше извршено проширување на речиси половина од рутерите со интерфејси од 1xGE и 10GE и беа воведени нови BRAS рутери. Капацитетот на Интернет гејтвеите беше исто така зголемен со цел да се исполнат барањата за интернет конекција.

Барањата од порастот на широкопојасните услуги преку IP/MPLS мрежата, ISP и T-Mobile MK резултираа во проширување на DWDM мрежата во текот на 2010 година. Проширувањето се состои од имплементација на ROADM (Reconfigurable Optical Add Drop Multiplexer) јазли на неколку локации, проширување на речиси сите меѓународни прекугранични линкови и проширување со интерфејси од 10G на известен број на локации.

## Деловните корисници остануваат во фокусот на компаниите.

Продолжува веќе започнатиот проект за мигрирање од меѓународните изнајмени линии базирани на TDM кон решенија базирани на IP со користење на EFM (етернет во првата милја) модеми, како и со користење на оптичка инфраструктура преку Етернет агрегатни централи и уреди за оптика демаркација. Имајќи го ова предвид, во текот на 2010 година, беа утврдени нови локации со EFM преку бакарна опрема, а постојните беа проширени со цел да се поддржи постојната миграција на VPN корисници од TDM во пристап базиран на Етернет.

## Иновација и имплементација на новините чијашто цел е ефикасноста

Во поглед на сервисните платформи, главниот фокус во 2010 година беше ставен на зголемувањето на квалитетот на искуството на корисникот во поглед на IPTV услугата и на имплементацијата на платформата IP Multimedia Subsystem (IMS).

- IPTV платформата беше надградена со цел да се поддржи зголемениот број на канали и STB и да се додадат дополнителни функции, како што е DVR насекаде, побрзо менување на канали, рупирање на повеќе снимања, листа на претходни 5 канали и др.
- IMS платформата ќе се користи како база за миграција од PSTN мрежата кон целата IP мрежа и имплементација на нови услуги и апликации. Имплементацијата и тестирањето на IMS платформата започна во 2010 година.

Имплементацијата на нови услуги секогаш е голем предизвик од техничка гледна точка. По иновацијата, како стратешки столб на Компанијата, во текот на 2010 година беа воведени следниве нови услуги, како што беше претходно споменато: 3 Screen TB, Family +, и др. Одличен тим на експерти и професионалци го подготвија теренот за воведување на ваков вид на модернизирани технолошки решенија и за постојана комуникација и соработка со сите други области од двете компании.

## Подобрена оперативна ефикасност

Покрај мрежниот и инфраструктурниот развој, Областа на главниот директор за техника постојано ги интензивира напорите за поддршка на ефикасните процеси за обезбедување услуги и отстранување на грешки со цел да се придонесе во поголемо задоволство на корисниците.

## Информатичка технологија

Следејќи ја корпоративна стратегија за интегрирање, ИТ областите на Македонски Телеком и Т-Мобиле Македонија беа фокусирани на консолидацијата на ИТ системите и инфраструктурата, при што се намалува комплексноста на ИТ архитектурата и се подобруваат ИТ безбедносните стандарди.
Интеграцијата на ИТ инфраструктурата и архитектура е предуслов за спроведување на заедничките процеси на ниво на Групацијата МКТ и за зголемување на ефикасноста на процесите.

## Главни постигнувања во 2010 година беа следниве:

- Имплементација на заедничка централа и домен
 - Доменот @telekom.mk беше утврден како заеднички домен за Групацијата, ситте корисници/сервери на Т-Мобиле беа мигрирани на доменот @telekom.mk, а сите електронски пошти беа мигрирани на заедничката централа 2010;
- Интеграција и имплементација на заедничка корпоративна ИТ мрежа – Интерконекција помеѓу Македонски Телеком АД – Скопје и Т-Мобиле Македонија АД Скопје, корпоративна мрежна инфраструктура и градење на нова заедничка мрежна инфраструктура. Заедничката мрежа овозможува стабилна, високо достапна, сигурна и безбедна мрежна инфраструктура и го подобрува функционирањето на сите апликации и процеси што се од клучно значење за деловното работење;
- Развој на таргетирана ИТ архитектура за CRM, Billing и ERP домените и усогласување со стандардите не Дојче Телекм;
- Со цел да се обезбедат сигурни простории за инсталирање на хардверската опрема за новите ИТ и OSS системи, Дата центарот беше проширен за дополнителни 160 м2, при што се гарантира дека потребите на Дата центарот ќе бидат задоволени во следните 4 години.

IT зазема значајна улога во имплементацијата на новите конвергирани производи и услуги од фиксна и мобилна телефонија:

- „Family +“ – првиот сеопфатен корпоративен 4Play пакет којшто вклучува фиксна линија, мобилна линија, широкопојасен DSL и MaxTV;
- 3 Screen ТВ стриминг за ФИФА Светското првенство во фудбал 2010 година во висока резолуција на MaxTV, мобилен стриминг и интернет стриминг;
- Заедничка програма за лојалност;
- Е-трговија и плаќање на рати.

Стандардите за ИТ безбедност беа подобрени со имплементацијата на неколку системи коишто се релевантни за безбедноста и коишто ги намалуваат оперативните ризици и ја подобруваат заштитата на корисниците и личните податоци. Првата фаза од имплементацијата на Системот за управување со идентитет и централни права на пристап е завршена со интегрирање на сите ИТ системи на МКТ коишто содржат кориснички податоци, со план да се продолжи и со други системи на МКТ и истото да се прошири и на ИТ системите на ТММК.

## CRM и Билинг доменот беше во фокусот во текот на 2010 година.

Проектот за надградба на системот за билинг на компаниите беше завршен којшто воведе нови капацитети за тарифирање и билинг во нашето портфолио на производи, како контрола на трошоци, поделена наплата, подобрено тарифирање на роаминг, итн.
Македонски Телеком и Т-Мобиле започнаа тригодишен проект за CRM од следна генерација, чијашто цел е имплементација на нов консолидиран CRM систем, како дел од Групацијата Дојче Телеком. Овој систем треба да овозможи севкупен увид во однос на корисниците и понатаму да го изостри корисничкиот фокус на двете компании.

## Подготовка на теренот за задоволство на корисниците на мобилната телефонија

- проширување на 3G капацитетот и покриеност. Брзината беше зголемена до 7.2Mbps. Покриеноста на населението беше зголемена на 60%.
- имплементација на packet core географска редундантност. GPRS опремата беше дуплирана на две географски различни локации. Ова значително ја зголеми сигурноста на податочните услуги, бидејќи во случај на испад или нефункционирање на еден систем, вториот ќе ја преземе контролата на целиот податочен сообраќај.
- имплементација на платформа за видео стриминг. Овој проект им овозможи на претплатниците на Т-Мобиле да гледаат телевизија на своите телефонски апарати насекаде и во секое време.
- зголемување на капацитетот на говорните услуги на 1800MHz. Со зголемување на капацитетот на радио мрежата на 1800MHz, Т-Мобиле избегна ограничувања на капацитетот на радио мрежите на 900 MHz.
- со цел да се зголеми безбедноста во мрежата, Т-Мобиле имплементираше SMS firewall.
- Т-Мобиле го надгради системот за наплата Со помош на оваа надградба, можностите на системот се зголемија, при што се овозможи понуда на поиновативни услуги, особено на нашите припејд претплатници.
- со надградбата на системот за наплата, со цел да се подобри сигурноста на услугите, Т-Мобиле имплементираше географска редундантност.
- опремата за системот за наплата беше дуплирана на две географски различни локации. Ова значително ја зголеми сигурноста на услугата, бидејќи во случај на испад или нефункционирање на еден систем, вториот ќе ја преземе контролата на сите претплатници и услуги кои се управувани од системот за наплата (во моментот, главно припејд претплатниците).

Компанијата става силен акцент на обезбедувањето најиновативни услуги и на обезбедувањето на највисок квалитет на мрежата. Ова се постигнува со имплементација на најнапредна опрема, но и со имплементирање на највисоките стандарди во работењето. Постојаната оптимизација на мрежата, следејќи ги Клучните показатели на извршувањето на работата (KPI) и споредување со други оператори на Т-Мобиле во Европа, овозможуваат објективно расудување и јасна слика како да се продолжи.

Географската редундантност е имплементирана во најважната опрема за подобрување на сигурноста, како и резервно напојување и генератори во сите базни станици. Постојаните напори и инвестиции водат кон сигурност на брендот и подобар квалитет, при што се постигнува стратешката цел: највисоко ниво на задоволство на корисниците.

**Постојано сме во трка со конкуренцијата.**
**Да се биде сопственик на мрежа распространета низ целата земја, да се нудат најдобрите решенија на пазарот, да се соработува со најдобрите професионалци и да се поседува меѓународно искуство и знаење, ги дава најдобрите финансиски резултати и ги исполнува очекувањата на акционерите. Згора на тоа, ги прави вработените и менаџментот ентузијасти и ги мотивира за идни успеси. Ќе продолжиме во истиот дух.**

Славко Пројкоски
Главен директор за финансии на Македонски Телеком
и Т-Мобиле Македонија

# Македонски Телеком АД – Скопје Консолидирани финансиски извештаи

За годината која завршува на
31 декември 2010
Со извештај на независниот ревизор

## Содржина

**Извештај на независниот ревизор**

**Консолидирани финансиски извештаи**

Консолидиран извештај за финансиската состојба 50

Консолидиран извештај за сеопфатна добивка 51

Консолидиран извештај за паричните текови 52

Консолидиран извештај за промените во главнината 53

Белешки кон консолидираните финансиски извештаи 54

## ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До Управниот Одбор и Акционерите на Македонски Телеком АД Скопје

### Извештај за консолидираните финансиски извештаи

Ние извршивме ревизија на приложените консолидирани финансиски извештаи на Македонски Телеком АД Скопје ("Друштвото") и неговите подружници Т-Мобиле Македонија АД Скопје и фондацијата Е-Македонија Скопје (заедно "Групацијата"), кои што го вклучуваат консолидираниот извештај за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2010 година, како и консолидираниот извештај за сеопфатната добивка, консолидираниот извештај за промени во главнината и консолидираниот извештај за парични текови за годината која што завршува тогаш и прегледот на значајните сметководствени политики и други објаснувачки информации.

*Одговорност на менаџментот за консолидираните финансиски извештаи*
Менаџментот е одговорен за подготвувањето и објективното презентирање на овие консолидирани финансиски извештаи во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување, и интерната контрола којашто е релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на консолидираните финансиски извештаи коишто се ослободени од материјално погрешно прикажување, без разлика дали е резултат на измама или грешка.

*Одговорност на ревизорот*
Наша одговорност е да изразиме мислење за овие консолидирани финансиски извештаи врз основа на нашата ревизија. Ние ја спроведовме нашата ревизија во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија. Тие стандарди бараат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата за да добиеме разумно уверување за тоа дали консолидираните финансиски извештаи се ослободени од материјално погрешно прикажување.

Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на ревизорски докази за износите и обелоденувањата во консолидираните финансиски извештаи. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризиците од материјално погрешно прикажување на консолидираните финансиски извештаи, без разлика дали е резултат на измама или грешка. Кога ги прави тие проценки на ризикот, ревизорот ја разгледува интерната контрола релевантна за подготвувањето и објективното презентирање на консолидираните финансиски извештаи, за да обликува ревизорски постапки кои што се соодветни во околностите, но не за целта на изразување на мислење за ефективноста на интерната контрола на ентитетот. Ревизијата исто така вклучува и оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствените проценки направени од страна на менаџментот, како и оценка на севкупното презентирање на консолидираните финансиски извештаи.

*PricewaterhouseCoopers Revizija doo, Oktomvriska Revolucija Blvd. bb. Hyperium Business Center, 2nd floor, 1000 Skopje, Republic of Macedonia, VAT No. MK4030008022586, T: +389 (02)31 40 900/901, F:+389 (02) 31 16 525, www.pwc.com/mk*

Ние веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се доволни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

*Мислење*

Според наше мислење, консолидираните финансиски извештаи, во сите материјални аспекти, даваат вистинска и објективна слика на финансиската состојба на Групацијата заклучно со 31 декември 2010 година, како и на нејзината финансиска успешност и нејзините парични текови за годината којашто завршува тогаш во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување.

PricewaterhouseCoopers Revizija DOO

ПРАЈСВОТЕРХАУСКУПЕРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

17 февруари 2011 година
Скопје

# Консолидирани финансиски извештаи

## Консолидиран извештај за финансиската состојба

На 31 декември

| Во илјади денари | Белешка | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Средства** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и еквиваленти на паричните средства | 5 | 1.414.072 | 1.991.421 |
| Депозити во банки | 6 | 8.205.444 | 8.665.521 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 7 | 3.119.685 | 2.929.614 |
| Побарувања за останати даноци | 8 | 94.732 | 2.195 |
| Побарувања од данок на добивка | | 8.882 | 138.817 |
| Залихи | 10 | 504.994 | 529.339 |
| Средства наменети за продажба | 11 | 38.139 | 39.113 |
| **Вкупно тековни средства** | | 13.385.948 | 14.296.020 |
| | | | |
| **Нетековни средства** | | | |
| Недвижности, постројки и опрема | 12 | 14.912.186 | 14.407.282 |
| Аванси за недвижности, постројки и опрема | | 23.172 | 48.467 |
| Нематеријални средства | 13 | 2.590.138 | 2.865.745 |
| Побарувања од купувачи и останати побарувања | 7 | 315.279 | 107.917 |
| Финансиски средства расположливи за продажба | | 305 | 896 |
| Финансиски средства по објективна вредност преку добивката или загубата | | 65.125 | 61.376 |
| Одложени даночни средства | 9 | - | 60.775 |
| **Вкупно нетековни средства** | | 17.906.205 | 17.552.458 |
| **Вкупно средства** | | 31.292.153 | 31.848.478 |
| | | | |
| **Обврски** | | | |
| **Тековни обврски** | 14 | 3.721.905 | 3.484.719 |
| Обврски кон добавувачите и останати обврски | 8 | 28.761 | 75.081 |
| Обврски за останати даноци | 15 | 388.202 | 927.001 |
| Резервирања за други обврски и плаќања | | 4.138.868 | 4.486.801 |
| **Вкупно тековни обврски** | | | |
| | | | |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Обврски кон добавувачите и останати обврски | 14 | 97.802 | 96.596 |
| Резервирања за други обврски и плаќања | 15 | 527.340 | 317.115 |
| **Вкупно нетековни обврски** | | 625.142 | 413.711 |
| **Вкупно обврски** | | 4.764.010 | 4.900.512 |
| | | | |
| **Капитал** | | | |
| Акционерски капитал | | 9.583.888 | 9.583.888 |
| Премија за издавање акции | | 540.659 | 540.659 |
| Сопствени акции | | (3.738.358) | (3.738.358) |
| Останати резерви | | 2.475.068 | 2.475.068 |
| Акумулирана добивка | | 17.666.886 | 18.086.709 |
| **Вкупно капитал** | 16 | 26.528.143 | 26.947.966 |
| **Вкупно капитал и обврски** | | 31.292.153 | 31.848.478 |

Консолидираните финансиски извештаи прикажани на страниците од 1 до 52 беа одобрени од страна на Раководството на Македонски Телеком АД - Скопје на 17 февруари 2011 година, и се предмет на разгледување и одобрување од Одборот на директори на 23 февруари 2011 година и од акционерите на денот кој дополнително ќе се одреди.

Николај Бекерс
Главен извршен директор

Славко Пројкоски
Главен директор за финансии

## Консолидиран извештај за сеопфатната добивка

| Во илјади денари | Белешка | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| | | За годината завршена на 31 декември | |
| Приходи | 17 | 17.209.122 | 18.012.694 |
| Амортизација | | (3.161.352) | (2.847.707) |
| Трошоци за вработените | 18 | (1.696.490) | (1.576.491) |
| Плаќања кон останати оператори | | (1.595.239) | (1.441.064) |
| Останати расходи од работењето | 19 | (4.896.321) | (5.639.474) |
| **Трошоци од работење** | | (11.349.402) | (11.504.736) |
| Останати оперативни приходи | 20 | 13.809 | 18.402 |
| **Оперативна добивка** | | 5.873.529 | 6.526.360 |
| Расходи од финансирање | 21 | (181.478) | (47.050) |
| Приходи од финансирање | 22 | 436.347 | 436.940 |
| Приходи од финансирање - нето | | 254.869 | 389.890 |
| **Добивка пред оданочување** | | 6.128.398 | 6.916.250 |
| Данок од добивка | 23 | (78.192) | (7.067) |
| **Добивка за годината** | | 6.050.206 | 6.909.183 |
| **Вкупна сеопфатна добивка за годината** | | 6.050.206 | 6.909.183 |
| **Информација за заработката по акција:** | | | |
| Обична заработка по акција (во денари) | | 70,14 | 80,10 |

## Консолидиран извештај за парични текови

За годината завршена на 31 декември

| Во илјади денари | Белешка | 2010 | 2009 |
|---|---|---|---|
| **Оперативни активности** | | | |
| Нето добивка пред оданочување | | 6.128.398 | 6.916.250 |
| Корекции за: | | | |
| Амортизација | | 3.161.352 | 2.847.707 |
| (Поврат)/Исправка на вредноста на залихите до нето продажна вредност | 19 | (25.727) | 39.018 |
| (Добивка)/Загуба од промена на објективната вредност на финансиските средства | 21/22 | (3.158) | 3.133 |
| Исправка на вредноста на побарувања од купувачи и други побарувања | 19 | 147.407 | 199.091 |
| Резервирања за други обврски и плаќања | | (42.931) | 180.901 |
| Нето добивка од продажба на опрема | | (13.809) | (18.402) |
| Приходи од дивиденди | 22 | (2.789) | (3.118) |
| Расходи од камати | 21 | 250 | 126 |
| Приходи од камати | 22 | (382.028) | (429.083) |
| Ефект од промена на курсот на паричните средства и еквивалентите на парични средства | | 589 | 21.732 |
| **Парични средства добиени од работењето пред промената во обртниот капитал** | | 8.967.554 | 9.757.355 |
| Зголемување/(намалување) на залихите | | 50.072 | (288.196) |
| Зголемување на  побарувањата | | (637.162) | (134.292) |
| Намалување на обврските | | (510.118) | (602.689) |
| **Парични средства добиени од работењето** | | 7.870.346 | 8.732.178 |
| Платени камати | | (250) | (126) |
| Побаруван/(Платен) данок од добивка | | 112.518 | (389.282) |
| **Паричен тек користен во оперативни активности** | | 7.982.614 | 8.342.770 |
| | | | |
| **Инвестициони активности** | | | |
| Набавка на недвижности, постројки и опрема | | (2.493.217) | (2.339.280) |
| Набавка на нематеријални средства | | (475.505) | (691.131) |
| Наплатени/(Одобрени) заеми | | 1.713 | (7.816) |
| Депозити вратени од банки | | 17.210.256 | 16.968.252 |
| Депозити пласирани во банки | | (16.843.686) | (15.672.243) |
| Приливи од  дивиденди | | 2.789 | 3.118 |
| Приливи од продажба на опрема | | 34.698 | 47.773 |
| Примени камати | | 473.607 | 398.910 |
| **Паричен тек користен во инвестициони активности** | | (2.089.345) | (1.292.417) |
| | | | |
| **Финасиски активности** | | | |
| Исплата на дивиденди | | (6.470.029) | (6.160.720) |
| **Паричен тек користен во финансиски активности** | | (6.470.029) | (6.160.720) |
| | | | |
| Нето (намалување)/зголемување на паричните средства и еквиваленти на паричните средства | | (576.760) | 889.633 |
| Парични средства  и еквиваленти на парични средства на 1 јануари | | 1.991.421 | 1.123.520 |
| Ефект од промена на курсот на паричните средства и еквивалентите на парични средства | | (589) | (21.732) |
| **Парични средства и еквиваленти на парични средства на 31 декември** | 5 | 1.414.072 | 1.991.421 |

## Консолидиран извештај за промени во главнината

| Во илјади денари | Белешка | Акционерски капитал | Премија од издавање акции | Сопствени акции | Останати резерви | Акумулирана добивка | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Состојба на 1 јануари 2009 - | | 9.583.888 | 540.659 | (3.738.358) | 2.475.068 | 17.338.246 | 26.199.503 |
| Вкупна сеопфатна добивка за годината | | - | - | - | - | 6.909.183 | 6.909.183 |
| Исплатени дивиденди | | - | - | - | - | (6.160.720) | (6.160.720) |
| Состојба на 31 декември 2009 - | 16 | 9.583.888 | 540.659 | (3.738.358) | 2.475.068 | 18.086.709 | 26.947.966 |
| Состојба на 1 јануари 2010 - | | 9.583.888 | 540.659 | (3.738.358) | 2.475.068 | 18.086.709 | 26.947.966 |
| Вкупна сеопфатна добивка за годината | | - | - | - | - | 6.050.206 | 6.050.206 |
| Исплатени дивиденди | | - | - | - | - | (6.470.029) | (6.470.029) |
| Состојба на 31 декември 2010 | 16 | 9.583.888 | 540.659 | (3.738.358) | 2.475.068 | 17.666.886 | 26.528.143 |

## 1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ

### 1.1. За друштвото

Овие консолидирани финансиски извештаи се однесуваат на групацијата на Македонски Телеком АД - Скопје, која ги вклучува Македонски Телеком АД – Скопје, Т-Мобиле Македонија АД Скопје и фондацијата е-Македонија – Скопје (во понатамошниот текст: „Групацијата").
Македонски Телеком, АД – Скопје (во понатамошниот текст: „Друштвото") е акционерско друштво регистрирано во Република Македонија.
Во 2008 година Друштвото го прифати Т-Хоме брендот и на 1 мај 2008 година го промени своето правно име од АД Македонски Телекомуникации Скопје во Македонски Телеком АД – Скопје и неговите производи сега се продаваат под брендот Т-Хоме.
Директна матична компанија на Групацијата е АД Каменимост Комуникации Скопје, во доброволна ликвидација, во сопственост на Маѓар Телеком АД регистрирана во Унгарија. Крајната матична компанија е Дојче Телеком АД регистрирана во Сојузна Република Германија.
Друштвото е водечка компанија која обезбедува услуги од областа на фиксната телефонија, додека Т-Мобиле Македонија АД (во понатамошниот текст: „Подружницата") е водечка компанија која обезбедува услуги од областа на мобилната телефонија во Македонија. е-Македонија е фондација, основана за цели на поддршка на примената и развојот на информационата технологија во Македонија.
Работењето на телекомуникацискиот сектор во Република Македонија е регулирано со имплементирањето на Законот за електронски комуникации („ЗЕК") донесен во март 2005 година. Според ЗЕК, Друштвото е определено како оператор со Значителна пазарна моќ („ЗПМ") на пазарот на фиксни телекомуникациски мрежи и услуги, вклучувајќи го и пазарот за пристап на мрежи за пренос на податоци и закуп на линии. Со последната измена на ЗЕК, објавена на 4 август 2008 година, концесиските договори на Друштвото и Т-Мобиле Македонија не се повеќе важечки од 5 август 2008 година. На 5 септември 2008 година Агенцијата за електронски комуникации („Агенцијата"), официјално им прати известување на Друштвото и Т-Мобиле Македонија за оние јавни електронски комуникациски мрежи и / или услуги кои биле доделени во концесискиот договор. Лиценци за радиофреквенција беа издадени на операторите за опсегот доделен со концесиските договори во форма пропишана од ЗЕК. Со последните измени на ЗЕК, почнувајќи од 1 јули 2010 година, на Друштвото му беше воведена обврска за чување на необработените податоци за сообраќајот во период од 24 месеци. Се очекува Советот за радиодифузија да ги интензивира активностите против кабелските оператори поради реемитување на телевизиски канали без регулирани права на интелектуалната сопственост („ИС").
Лиценцата за радиофреквенција на Т-Мобиле Македонија, со проток од 25 MHz во 900 GSM мрежата, издадена во согласност со формата регулирана во ЗЕК, е со важност до 5 септември 2018, при што истата може да се продолжи за дополнителни 20 години во согласност со ЗЕК.
Друштвото користи методологијата за долгорочно зголемување на трошоците („LRIC") за регулирани услуги на големо. На 4 октомври 2010 година, Агенцијата го имплементираше LRIC Bottom - up трошочниот модел и на 20 декември 2010 година ги објави конечните резултати, којшто ќе се применува од март 2011 година.
Врз основа на ЗЕК, Агенцијата може да пропише регулирање на малопродажните фиксни телефонски услуги. Агенцијата ја заврши постапката за анализа на релевантните пазари и врз основа на заклучоците од анализата, Агенцијата планира да наметне регулирање на малопродажните цени на Друштвото.
Дополнително се очекува поголем притисок врз молопродажните цени поради Упатството за тестирање на исстиснување со цени воведено од страна на Агенцијата во 2010 година.
Дополнително, Агенцијата објави јавна дебата за регулаторните предизвици поврзани со новата генерација на пристапни мрежи.
Врз основа на неколку донесени подзаконски акти објавени во втората половина на 2008 година Друштвото подготви неколку дополнителни големопродажни производи како што се изнајмување на големо на претплатничка линија, изнајмување на големо на линии и локален битстрим пристап. Во декември 2010 година од страна на Агенцијата беше објавен нов правилник за пристап и користење на специфични мрежни средства. Според новиот правилник, Друштвото има обврска да понуди пристап до кабелска канализација и неискористени оптички влакна.
На 27 мај 2010 беше воведена нова услуга за Преносливост на броеви („ПБ"): WLR со ПБ, давајќи им можност на сите WLR корисниците да мигрираат во големопродажната мрежа на Друштвото.
На 29 февруари 2008 година Т-Мобиле Македонија поднесе Референтна понуда за интерконекција до Агенцијата.
Во мај 2010 заврши вториот круг на анализа на пазарот 16 при што сите три мобилни оператори беа назначени како СМП на пазарот 16.
Врз основа на вториот круг на анализа на пазарот 16 и LRIC трошочниот моделот, во јули 2010 година Т-Мобиле Македонија доби решение каде цени за терминирање на повик во мобилната мрежа („МТР") е дефинирана со планирано намалување во временска рамка од четири години (до 2013). Во септември 2010 година цената за националниот МТР е намален за 3,2 денари и ќе продолжи со намалувањето за 0,1 денари секоја година до 2,9 ден / мин во септември 2013 година. Во исто време Агенцијата ги регулира МТР за ONE и VIP со планирано намалување во временска рамка од четири години, притоа воведувајќи асиметрија помеѓу трите мобилни оператори што ќе доведе до еднаква цена на МТР од 2,9 денари до септември 2013 година.
На 7 јули 2010 година Агенцијата направи анализа на пазарот 15 (Услуга за пристап и за воспоставување на повик во јавната мобилна комуникациска мрежа), а на 28 јули 2010 година донесе одлука со која Т-Мобиле Македонија е назначен како Оператор со значителна пазарна моќ на пазарот 15, врз основа на која Т-Мобиле Македонија подготви и објави Референтна понуда за пристап („РПП").
На втор тендер за дополнителни три 3G лиценци, објавен на 15 септември 2008 година, Т-Мобиле Македонија доби една лиценца којашто му беше доделена на 17 декември 2008 година и за која плати МКД 613.837 илјади, што е еднакво на ЕУР 10 милиони како еднократен надомест. На 11 јуни 2009 година Т-Мобиле Македонија започна со обезбедување на комерцијални 3G услуги. Лиценцата е со важност 10 години, односно до 17 декември 2018 година со можност за продолжување за 20 години во согласност со ЗЕК.
На 10 јануари 2009 година беше објавен јавен тендер за доделување на две лиценци за 2G

радиофреквенции во 1800 MHz мрежата. На 9 јуни 2009 година Т-Мобиле Македонија доби една лиценца. За 2G лиценцата во 1800 MHz мрежата, Т-Мобиле Македонија плати ЕУР 2 милиони (МКД 122.812 илјади). Важноста на лиценцата е 10 години со можност за продолжување за 20 години во согласност со ЗЕК.

Од август 2006 година, Друштвото има повеќе од 100 акционери како резултат на продажбата на дел од акциите во сопственост на Владата на Република Македонија преку аукциите организирани во текот на јуни 2006 година. Согласно Законот за хартии од вредност, со ова, Друштвото се квалификува како компанија со посебни обврски за известување кои главно се состојат од доставување на квартални, полугодишни и годишни финансиски информации до Комисијата за хартии од вредност на Република Македонија.

Регистрирана адреса на Друштвото е ул. Орце Николов бб, 1000 Скопје, Република Македонија. Просечниот број на вработени во 2010 беше 1.726 (2009: 1.741).

## 1.2. Истрага за одредени договори за консултантски услуги

На 13 февруари 2006 година, Маѓар Телеком АД, доминантниот сопственик на Друштвото, (преку Каменимост Комуникации АД – Скопје (во ликвидација), мнозински сопственик на Друштвото), објави дека е спроведена истрага за одредени договори склучени од друга подружница на Маѓар Телеком АД, со цел да се утврди дали договорите биле склучени во спротивност на политиките на Маѓар Телеком АД или важечките закони или регулативи. Одборот за ревизија на Маѓар Телеком ги ангажираше White & Case како свој независен правен советник за целите на спроведувањето на интерната истрага.

Последователно на ова, на 19 февруари 2007 година, Одборот на директори на Друштвото, врз основа на препораката на Одборот за ревизија на Друштвото и Одборот за ревизија на Маѓар Телеком АД донесе одлука за спроведување на независна интерна истрага во однос на одредени договори во Македонија.

Дополнителни информации во врска со интерната истрага се содржани во финансиските извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2009 година.

Според информациите што му беа доставени на друштвото од страна на Маѓар Телеком АД на 2 декември 2009 година, Одборот за ревизија на Маѓар Телеком АД, на Одоборот на директори на Маѓар Телеком му достави „Извештај за Истрага до Одборот за ревизија на Маѓар Телеком АД“ од 30 ноември 2009 година (во понатамошниот текст „Финален извештај“). Одборот за ревизија посочи дека истиот смета дека, со подготовката на Финалниот извештај, врз основа на фактите достапни во моментот, White & Case ја заврши својата независна интерна истрага.

Според информациите доставени до Друштвото од страна на Маѓар Телеком АД, Финалниот извештај ги вклучува следните наоди и заклучоци поврзани со македонските подружници на Маѓар Телеком, врз основа на доказите што му беа достапни на Одборот за ревизија на Маѓар Телеком АД и неговиот правен советник:

- Како што беше претходно објавено, постојат докази дека одредени поранешни вработени намерно уништиле документи поврзани со активностите преземени во Македонија од страна на Маѓар Телеком АД и неговите подружници.
- Во периодот помеѓу 2000 и 2006 година, мала група на поранешни членови на извршниот менаџмент на Маѓар Телеком и македонските подружници на Маѓар Телеком одобриле издатоци од приближно ЕУР 24 милиони, преку повеќе од 20 сомнителни договори за консултантски услуги, за лобирање и други договори (вклучувајќи и одредени договори помеѓу Маѓар Телеком и неговите подружници од една страна и подружници на консултантска компанија со седиште во Кипар од друга страна). Финалниот извештај заклучува дека “достапните докази не утврдуваат дека договорите според коишто се направени овие издатоци биле легитимни“.
- Доказите покажуваат дека, спротивно на нивните услови, одреден број од овие договори биле склучени за да се стекнат конкретни регулаторни и други придобивки од Владата на Македонија. Друштвата генерално ги добиле бараните придобивки и потоа направиле издатоци врз основа на еден или повеќе од сомнителните договори. Постојат докази дека останатите договори биле исто така нелегитимни и креирале фонд на средства коишто биле достапни за други цели, а не за оние што биле утврдени во делокругот на договорите.“ Меѓутоа, правниот советник на Одборот за ревизија на Маѓар Телеком немал пристап до доказите коишто би му овозможиле да ги идентификува крајните корисници на овие издатоци.
- При склучувањето на овие договори и одобрувањето на издатоците според истите, поранешните членови на извршниот менаџмент свесно предизвикале, структурирале или одобриле трансакции коишто претежно или целосно ги имале следниве заеднички карактеристики:
  - намерно заобиколување на внатрешните контроли;
  - лажни и што наведуваат на погрешни заклучоци корпоративни документи и записи;
  - недостаток на длабинска анализа и на следење на извршувањето на работата на изведувачите и застапниците во околности со висок ризик за корупција; недостаток на докази за извршувањето на работата; и
  - издатоци коишто не биле за целите наведени во договорите според коишто истите биле направени, туку биле наменети за добивање на користи за подружниците на Маѓар Телеком коишто би можеле да бидат доделени само со посредство на Владата.
- Во Финалниот извештај е наведено дека „Истрагата не откри докази коишто укажуваат дека кои било македонски владини претставници или претставници на политичка партија примиле плаќања.“

Како што беше објавено претходно, Маѓар Телеком презеде корективни чекори со цел да ги реши прашањата што беа претходно идентификувани со независната истрага, вклучувајќи и чекори наменети за ревидирање и подобрување на внатрешните контроли на Групацијата Маѓар Телеком.

Според информациите доставени до Друштвото од страна на Маѓар Телеком, Одборот за ревизија на Маѓар Телеком нема дадено препораки во однос на програмата за усогласеност или внатрешните контроли на Маѓар Телеком во врска со издавањето на Финалниот извештај и Маѓар Телеком, во консултација со својот Одбор за ревизија, разгледува дали и до кој степен Финалниот извештај ќе предизвика дополнителни корективни дејствија, вклучувајќи и какви било дејствија во однос на вработените и/или промени на политиките и процедурите за внатрешна контрола во Маѓар Телеком или неговите подружници коишто биле или ќе бидат имплементирани со цел да се постапи по

наодите од Финалниот извештај.
Во врска со издавањето на Финалниот извештај и информациите доставени до Друштвото од страна на Маѓар Телеком, во јануари 2010 година Претседателот на Одборот на директори на Друштвото побара правна и даночна експертиза од трета страна за проценка на потенцијалните сметководствени и даночни импликации што произлегуваат од трансакциите извршени од страна на Друштвото и неговата подружница коишто се предмет на Финалниот извештај. Надворешните експерти изготвија извештаи (во понатамошниот текст: „Извештаите“) за нивната проценка и ги доставија Извештаите до Претседателот на Одборот на директори на Друштвото и до Менаџментот на Друштвото и неговата подружница, соодветно. Како резултат, врз основа на анализата на даночните и правните експерти и информациите што му беа достапни на Менаџментот во врска со трансакциите предмет на Финалниот извештај, беше идентификуван износ од МКД 248.379 илјади како потенцијално даночно влијание (заедно со поврзаната казнена камата) заклучно со 31 Декември 2009 што произлегува од трансакциите спроведени од страна на Друштвото и неговата подружница коишто се предмет на Финалниот извештај (види белешка 15). Во 2010 година идентификуваниот износ во врска со потенцијалното даночно влијание (заедно со поврзаната казнена камата) изнесуваше МКД 261.834 илјади од кои МКД 227.972 денари илјади кои се однесуваа на Друштвото беа исплатени во 2010 година согласно извршна одлука, издадена од страна на Управата за јавни приходи. Исто така, вредноста на еден договор од МКД 105.147 илјади капитализирана во рамките на сопствените акции е корегирана како да овие плаќања биле прикажани како трошок во 2006 година наместо како капитализирани во рамките на сопствените акции како што беше првично известено. Другите договори што се идентификувани во Финалниот извештај и извештаите изготвени од даночните и правните експерти во врска со трансакциите извршени од страна на Друштвото и неговата подружница биле прикажани како трошок во поврзаните периоди (2001-2007 година).
Во мај 2008 година, Министерството за внатрешни работи („МВР“) на Република Македонија („РМ“) до Друштвото поднесе официјално писмено барање за информации и документација во однос на одредени плаќања за консултантски услуги и авансна дивиденда, како и одредени набавки и договори. Во јуни 2008 година, Друштвото достави копии од побараните документи. Во истиот период, Т-Мобиле Македонија исто така доби слични барања за доставување на одредена документација до Министерството за внатрешни работи на РМ којашто беше уредно доставена.
Во октомври 2008 година, Истражниот судија од Основниот суд Скопје 1 – Скопје (кривичен суд) му издаде официјален писмен налог на Друштвото да предаде одредена оригинална документација. Подоцна, во октомври 2008 година, Друштвото официјално и лично ја предаде побараната документација. Од МВР беа доставени дополнителни писмени барања, при што Друштвото ја обезбеди побараната документација.
Врз основа на јавни информации достапни од 10 декември 2008 година имаме сознанија дека Одделот за организиран криминал при МВР ги предал досиејата на канцеларијата на Основното јавно обвинителство за организиран криминал и корупција со предлог да се покрене кривична постапка против Атила Сендреи (поранешен Главен извршен директор на Македонски Телеком АД - Скопје), Ролф Плат (поранешен Главен финансиски директор на Македонски Телеком АД - Скопје), Михаил Кефалојанис (поранешен член на Одборот на директори во Каменимост и поранешен член на одборот на директори во Телемакедонија) и Золтан Кишјухас (поранешен Главен извршен директор на Каменимост и поранешен неизвршен член на Одборот на директори на Македонски Телеком АД - Скопје) поради основано сомнение за извршено кривично дело. За овие лица се предлага да бидат обвинети за „злоупотреба на службена должност и овластувања“ на нивните позиции во Македонски Телеком АД - Скопје преку склучување на договори за консултантски услуги во однос на коишто немало намера ниту пак потреба од какви било услуги за возврат.
Основниот суд Скопје 1 во Скопје, Истражен оддел за организиран криминал достави покана до Друштвото во врска со кривичните пријави против претходно наведените лица и побара изјава дали Друштвото претрпело какви било штети како резултат на наведените договори за консултантски услуги.
По неколку одложувања на судското рочиште за истражната постапка што се води при Основниот Суд Скопје 1 Скопје, на рочиштето одржано на 13 април 2009 година, претставниците на Македонски Телеком АД – Скопје го презентираа ставот на Друштвото дека земајќи ја предвид тековната независна интерна истрага спроведувана од страна на White&Case, а одобрена од страна на Одборот на директори на Друштвото, прерано е да се најави каква било штета којашто би можела да биде причинета со спроведувањето на наведените договори или во врска со нив. По завршувањето на независната интерна истрага, Друштвото ќе го извести судот за својот конечен став во однос на евентуалната штета и кривичното гонење на обвинетите лица. На 9 април 2010 година Друштвото доби известување од Бирото за судски вештачења дека врз основа на наредба на Основен Суд Скопје 1 Скопје Бирото ќе врши експертиза за случајот. Експертизата беше изведена на 11 мај 2010 година и експерти од Министерството за правда на Република Македонија – Канцеларија за судска експертиза - Скопје, побара дополнителни документи од страна на Друштвото со цел да се подготви експертиза. Друштвото доби известување од Канцеларија за судска експертиза - Скопје дека експертизата ќе продолжи на 18 октомври 2010 година. Експертите побараа дополнителни информации во врска со одредени договори склучени во 2005 и 2006 година, и поврзаните фактури. На 1 ноември 2010 година Друштвото ги собра и достави бараните информации/документи до Канцеларија за судска експертиза. По подготовката, експертизата ќе биде доставена од страна на одговорниот судија до Јавниот обвинител. Јавниот обвинител треба да одлучи дали тој / таа ќе покрене обвинителен акт против обвинетите лица или не во зависност од експертизата и други релевантни докази собрани во текот на истрагата.
МВР на РМ - Сектор за организиран криминал му пристапи на Друштвото во текот на август 2009 година со барање одредена дополнителна документација да биде доставена до МВР. Друштвото ја собра и достави побараната документација на 27 август 2009 година.
Претседателот на Одборот на директори на Друштвото и Менаџментот на Друштвото добија информација дека содржината на Финалниот извештај му била ставена на располагање и на македонското Јавно обвинителство. Менаџментот на Друштвото не

може да предвиди дали македонското Јавно обвинителство ќе покрене каква било правна постапка ниту пак може да го предвиди видот и делокругот на правните дејствија врз основа на информациите содржани во Финалниот извештај.
Немаме сознанија за било какви информации како резултат на барања од било кое регулаторно тело или други надворешни страни, од кои би можеле да заклучиме дека финансиските извештаи може да бидат неточни, вклучувајќи го и ефектот од можни незаконски дејства.

## 2. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

Основните сметководствени политики усвоени во подготвувањето на овие консолидирани финансиски извештаи се прикажани подолу. Сметководствените политики се конзистентни со оние кои се применети во претходните години, освен ако не е поинаку наведено.

### 2.1. Основа за изготвување

Консолидираните финансиски извештаи на Македонски Телеком АД - Скопје се изготвени во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување (МСФИ).
Консолидираните финансиски извештаи се прикажани во илјади македонски денари.
Изготвувањето на финансиски извештаи во согласност со МСФИ подразбира раководството да врши проценки и претпоставки кои влијаат врз прикажаните износи во финансиските извештаи и белешките поврзани со нив. Деловите кои вклучуваат висок степен на претпоставки и комплексност или каде што проценките и претпоставките се значајни во однос на консолидираниве финансиски извештаи се прикажани во белешка 4. Фактичките резултати може да се разликуваат од тие проценки.

### 2.1.1. Стандарди, измени и интерпретации ефективни и прифатени од Групацијата во 2010 година:

- МСС 7 (изменет) Извештаи за парични текови. Според измените, се бара само расходите коишто резултираат во признаено средство во извештајот за финансиската состојба да можат да се класифицираат како инвестициони активности. Ова важи за периодите коишто почнуваат на или по 1 јануари 2010 година. Групацијата го применува изменетиот стандард од 1 јануари 2010 година, при што нема промена во презентацијата на Извештајот за парични текови на Групацијата.

- МСФИ 3, МСС 27 (изменет). Во јануари 2008 година ОМСС ги објави изменетите стандарди МСФИ 3 – Деловни комбинации и МСС 27 – Консолидирани и самостојни финансиски извештаи. Главните измени споредено со важечките верзии на стандардите се дадени подолу:
  - Во врска со евидентирањето на неконтролирачкиот интерес (нов термин за малцински интерес) додадена е можност во МСФИ 3 да се дозволи ентитетот да признае 100% од гудвилот на купениот ентитет, а не само дел од гудвилот на купениот ентитет (целосен гудвил опција) или да го вреднува неконтролирачкиот интерес по објективна вредност. Оваа опција може да биде избрана за секоја поединечна трансакција.
  - Во купување во повеќе чекори, објективната вредност на средствата и обврските, вклучувајќи го и гудвилот на купениот ентитет, се вреднуваат на датумот кога е стекната контрола над ентитетот. Според ова, гудвилот ќе биде мерен на денот на купување како разлика помеѓу објективната вредност на било која инвестиција поседувана пред датумот на купување, платениот износ и купените нето средства.
  - Парцијално отуѓување на инвестиција во подружница доколку се уште има контрола врз подружницата се евидентира како капитална трансакција со сопствениците и не се признаваат ниту загуби ниту добивки.
  - Парцијално отуѓување на инвестиција во подружница кое резултирало во губење на контролата предизвикува повторно вреднување на остаточниот интерес до објективна вредност. Било каква разлика помеѓу објективната вредност и сегашната вредност е добивка или загуба при отуѓување и се признава во добивката или загубата.
  - Трошоците поврзани со купувањето ќе се евидентираат посебно од деловната комбинација и како такви ќе се признаваат како расход наместо да се вклучуваат во гудвилот. Купувачот на денот на купувањето ќе треба да признае обврска за износот на било кој потенцијален износ за купување. Доколку сумата на потенцијалниот износ за купување евидентирана како обврска се промени како резултат на настан после купувањето (како на пример постигање на целта за заработка), ќе биде признавана во согласност со другите МСФИ наместо како корекција на гудвилот.
  - Ревидираните стандарди бараат ентитетот да ги прикаже загубите како дел од неконтролирачкиот интерес дури и кога ова резултира со негативен биланс кај неконтролирачкиот интерес.
  - Ефектите од подмирувањето на веќе постоечки обврски (обврски помеѓу купувачот и купениот пред деловната комбинација) не треба да бидат вклучени во одредување на износот на средствата.
  - За разлика од постојниот МСФИ 3, изменетата верзија на овој стандард дава правила за правата кои биле дадени на купениот (на пример да ја користи неговата интелектуална сопственост) пред деловната комбинација и сега повторно се купуваат со деловната комбинација.
  - Ревидираниот МСФИ 3 ги опфаќа и деловните комбинации на заеднички ентитети и деловните комбинации кои се постигнати само со договор.

Изменетата верзија на МСФИ 3 треба да се применува за деловни комбинации со ефективни датуми во годишните периоди кои почнуваат на или после 1 јули 2009 година. Групацијата го применува изменетиот стандард од 1 јануари 2010 година. Изменетите стандарди немаат влијание на финансиските извештаи на Групацијата бидејќи Групацијата нема трансакции на аквизиција или инвестиција.

- МСФИ 2 (изменет) Плаќање врз основа на акции. Измените поврзани со платежните трансакции на Групацијата што се готовински порамнети и базирани на акции беа објавени во јуни 2009 година. Претходно применливите МСФИ наложуваат припишување на група на платежни трансакции базирани на акции само доколку тие се порамнети со главнина. Со измената се разрешуваат различните

практики во поглед на припишувањето на платежните трансакции што се готовински порамнети и базирани на акции и се бара ентитетот којшто ги прима производите или услугите преку платежна трансакција што е готовински порамнета или е порамнета во главнина да ја евидентира таквата трансакција во своите одделни или поединечни финансиски извештаи. Групацијата нема плаќање врз основа на акции, поради што ние не очекуваме изменетиот стандард да има какво било влијание врз Групацијата кога истиот ќе стапи во сила. Измените на МСФИ 2 се применуваат ретроактивно за годишните периоди што започнуваат на или по 1 јануари 2010 година. Измените исто така ги опфаќаат и насоките што се содржани во КТМФИ 8 (Делокруг на МСФИ 2) и во КТМФИ 11 (МСФИ 2 - Трансакции со сопствени акции и акции на групацијата). Како резултат на тоа, Одборот ги повлече КТМФИ 8 и КТМФИ 11.

- МСФИ 5 (изменет) Нетековни средства што се чуваат за продажба и прекинато работење. Со измената се појаснува дека МСФИ 5 ги утврдува обелоденувањата што се задолжителни во однос на нетековните средства (или групи за отуѓување) класифицирани како средства што се чуваат за продажба или прекинато работење. Исто така е образложено дека општите барања од МСС 1 сè уште важат, особено став 15 (со цел да се постигне објективно презентирање) и став 125 (извори на несигурност во проценувањето) од МСС 1. Оваа измена важи за периодот што започнува на или по 1 јануари 2010 година.

## 2.1.2. Стандарди, измени и интерпретации ефективни во 2010 година, но кои не се релевантни за Групацијата:

- МСС 17 (изменет) Наеми. Беше извршено бришење на конкретни насоки во однос на класификацијата на наемите на земјиште со цел да се отстрани недоследноста со општите насоки за класификација на наемите. Како резултат на тоа, наемите на земјиште треба да се класифицираат или како финансиски или како оперативни, со користење на општите принципи на МСС 17. Ова важи за периодите што започнуваат на или по 1 јануари 2010 година. Измената не е релевантна за финансиските извештаи на Групацијата.

- МСС 36 (изменет) Оштетување на средства. Со измената се појаснува дека најголемата единица (или група на единици) што генерира готовина на којашто може да се додели гудвилот за целите на тестирање на оштетувањето е оперативен сегмент како што е утврдено во став 5 од МСФИ 9 „Оперативни сегменти“ (односно, пред акумулирањето на сегменти со слични економски карактеристики дозволено со став 12 од МСФИ 8). Ова важи за периодите што започнуваат на или по 1 јануари 2010 година. Измената не е релевантна за финансиските извештаи на Групацијата, бидејќи Групацијата нема гудвил.

- МСС 38 (изменет) Нематеријални средства. Со измените на став 36 и 37 од МСС 38 се врши појаснување на барањата според МСФИ 3 (ревидиран) во однос на евидентирањето на нематеријалните средства што се стекнати во деловна комбинација. Исто така, став 40 и 41 се изменети со цел да се појасни описот на техниките за вреднување што вообичаено се користат од страна на ентитетите при мерењето на објективната вредност на нематеријалните средства стекнати во деловна комбинација со кои не се тргува на активни пазари. Оваа измена важи за периодите коишто почнуваат на или по 1 јануари 2010 година. Измената не е релевантна за финансиските извештаи на Групацијата, бидејќи Групацијата нема нематеријални средства стекнати во деловна комбинација.

- МСС 39 (изменет) Финансиски инструменти: Признавање и мерење. Во продолжение е даден преглед на главните измени на стандардот:
  - ОМСС ја објави измената на МСС 39 во август 2008 година во поглед на хеџинг сметководството. Измената на „Прифатливи хеџирани ставки“ дозволува да се определат само промени во паричните текови или објективната вредност на хеџираната ставка над или под утврдената цена или друга варијабила (МСС 39.AG99BA). Измените на МСС 39 се применуваат ретроактивно за годишните периоди што започнуваат на или по 1 јули 2009 година. Измената нема да има влијание на извештаите на Групацијата бидејќи истата не применува хеџинг сметководство.
  - Покрај тоа, ОМСС објави измена и во поглед на третманот на казнените пенали за авансно отплаќање на заеми како тесно поврзани деривати. Имено, со измената се појаснува дека авансните плаќања, чијашто цена на реализација му надоместува на заемодавачот за загубата на камата со намалување на економската загуба од ризикот од инвестирање, треба да се сметаат за тесно поврзани со основниот договор за заем. Оваа измена важи за периодите коишто почнуваат на или по 1 јануари 2010 година.
  - Извршени се измени на изземањето од делокругот утврдено во став 2(е) од МСС 39 со цел да се појасни дека: (а) тоа се однесува само на обврзувачки (термински) договори помеѓу стекнувач и продавач во деловна комбинација за купување на стекнат ентитет на одреден датум во иднината; (б) времетраењето на терминскиот договор не треба да го надминува разумниот период што е вообичаено неопходен за да се добијат потребните одобренија и да се изврши трансакцијата; и (в) изземањето не треба да се применува на договори за опција (без оглед на тоа дали тие во моментот се применливи или не) чијашто реализација ќе резултира со контрола на одреден ентитет, ниту пак по аналогија да се применува за вложувања во придружени претпријатија и слични трансакции. Оваа измена важи за периодите коишто почнуваат на или по 1 јануари 2010 година.
  - Измени во однос на хеџинг сметководство на парични текови. Со измените се појаснува кога треба да се признаат добивки или загуби на хеџинг инструменти како прилагодување со рекласификација во хеџинг на паричен тек на предвидена трансакција што последователно резултира во признавање на финансиски инструмент. Со измената се појаснува дека добивките или загубите треба да се рекласификуваат од главнината како добивка или загуба во периодот во кој предвидениот хеџинг на паричен тек има влијание на добивката или загубата. Оваа измена важи за периодите коишто почнуваат на или по 1 јануари 2010 година.

- МСФИ за мали и средни претпријатија. Во јули 2009 година ОМСС го издаде МСФИ за мали и средни претпријатија, којшто не е релевантен за Групацијата.

- МСФИ 1 (изменет) Дополнителни изземања за ентитети што првпат ги усвојуваат МСФИ. ОМСС ги издаде измените на МСФИ 1 во Јули 2009. Со оглед на фактот дека Групацијата веќе долги години своето финансиско известување го врши според МСФИ, за Групацијата не се релевантни ниту првичниот стандард, ниту која била ревизија на истиот.

- КТМФИ 17 Распределба на безготовински средства на сопствениците. Ова Толкување издадено во ноември 2008 година се однесува на прашањето за тоа кога да се признаат обврските што се евидентирани како обврски за плаќање на безготовински дивиденди (на пр. недвижности, постројки и опрема) и како истите да се мерат. Покрај тоа толкувањето се однесува на прашањето за тоа како да се евидентира каква било разлика помеѓу сегашната вредност на распределените средства и сегашната вредност на дивидендата што треба да се исплати. МСФИ 5 е исто така изменет со цел да се наложи обврска средствата да се класифицираат како средства што се чуваат за распределба само кога тие се достапни за распределба во нивната моментална состојба, при што постои голема веројатност за таква распределба. Толкувањето се применува за годишните периоди што започнуваат на или по 1 јули 2009 година. КТМФИ 17 нема да има влијание на финансиските извештаи на Групацијата бидејќи истата не врши распределба на безготовински дивиденди.

- КТМФИ 18 Пренесувања на средства од купувачите. Со Толкувањето се врши појаснување на барањата од МСФИ за договорите според кои ентитетот добива одреден елемент на недвижности, постројки и опрема од корисникот (или готовина што експлицитно треба да се користи за стекнување на недвижности, постројки и опрема), којшто елемент ентитетот потоа мора да го искористи или со цел да го поврзе корисникот со мрежа или за да му обезбеди на корисникот постојан пристап до производи и услуги. Ова Толкување важи за годишните периоди што почнуваат на или по 1 јули 2009 година и се применува перспективно. Сепак, дозволена е и ограничена ретроактивна примена. КТМФИ 18 не се очекува да има какво било влијание врз финансиските извештаи на Групацијата.

## 2.1.3. Стандарди, измени и интерпретации кои сè уште не се ефективни и за кои не е извршено предвремено прифаќање од Групацијата:

- МСС 24 (ревидиран) Обелоденувања за поврзани страни. Во ноември 2009 година, ОМСС ја издаде ревидираната верзија на МСС 24. До сега, доколку ентитетот е под контрола или значително влијание на владата, истиот беше должен да обелодени информации во однос на сите трансакции со други ентитети што се под контрола или значително влијание на истата влада. Ревидираниот стандард сè уште наложува обелоденувања коишто се важни за корисниците на финансиските инструменти, но ги отстранува барањата за обелоденување на информации чиешто собирање чини скапо и коишто се од помала вредност за корисниците. Стандардот ја постигнува ваквата рамнотежа со наложување на обелоденување во врска со овие трансакции само доколку тие се поединечно или збирно значителни. Исто така, ОМСС ја поедностави дефиницијата на поврзана страна и ги отстрани недоследностите. Ревидираниот стандард се применува ретроактивно за годишните периоди коишто започнуваат на или по 1 јануари 2011 година. Се дозволува примената да настапи и порано.

- МСФИ 9 Финансиски инструменти. Стандардот го сочинува првиот дел од троделниот проект за замена на МСС 39 (Финансиски инструменти: Признавање и мерење) со нов стандард којшто ќе биде познат како МСФИ 9 Финансиски инструменти. МСФИ 9 ја пропишува класификацијата и мерењето на финансиското средство и обврската. Останатите фази на овој проект се во тек и истите се однесуваат на исправката на вредност на финансиски инструменти и хеџинг сметководството, како и понатамошниот проект во врска со депризнавање.
Финансиски средства - Првично признавање, МСФИ 9 бара финансиските средства да се мерат по објективна вредност. По првичното признавање, финансиските средства продолжуваат да се мерат во согласност со нивната класификација според МСФИ 9. Онаму каде што финансиското средство се класификува и мери според амортизирана вредност, се наложува обврска истото да се тестира за исправка на вредност според барањата за исправка на вредност од МСС 39. Во МСФИ 9 се утврдени правилата за класификација дадени во продолжение.
  - МСФИ 9 наложува финансиските средства да се класификуваат како последователно мерени или според амортизирана или според објективна вредност. Постојат два услови што мора да бидат исполнети за класификување на финансиското средство по амортизирана вредност. (1) Целта на бизнис моделот на ентитетот во врска со управувањето со финансиски средства треба да биде да се чуваат средства со цел да се врши наплата на парични текови според договори; и (2) Договорните услови за финансиското средство на конкретни датуми предизвикуваат парични текови коишто се исклучиво плаќања на главнина и камата на преостанатиот износ од основниот долг. Доколку кој било од овие услови не е исполнет, финансиското средство се класификува според објективната вредност.
  - Опција објективна вредност: МСФИ 9 дозволува ентитетот да определи инструмент, којшто инаку би бил класификуван во категоријата на амортизирана вредност, да се класификува според објективна вредност преку добивка или загуба, доколку таквата определба ја отстранува или значително ја намалува евентуалната недоследност при мерењето или признавањето (сметководствена неусогласеност).
  - Сопственички инструменти: Стандардната категорија за сопственички инструменти е утврдена според објективната вредност преку добивка или загуба. Сепак, со стандардот е утврдено дека ентитетот може да направи неотповиклив избор при првичното признавање со цел да се прикажат сите промени во објективната вредност за вложувања во главнина што не се чуваат за тргување во рамките на

останатата сеопфатна добивка. За овие добивки или загуби според објективна вредност не се поднесуваат извештаи како дел од добивката или загубата на ентитетот што поднесува извештаи. Само дивидендите што се добиваат од овие вложувања се евидентираат во добивка или загуба.
- Вградени деривати: Барањата од МСС 39 во однос на вградените деривати се променети од аспект на тоа што тие повеќе не наложуваат вградените деривати да бидат одделени од основните договори за финансиското средство.
- Рекласификација: МСФИ 9 наложува рекласификација помеѓу објективната и амортизираната вредност кога и само кога постои промена во бизнис моделот на ентитетот. „Спорните правила“ содржани во МСС 39 се отстранети.

Финансиски обврски - МСФИ 9 „Финансиски инструменти“ поставува услови за сметководството на финансиските обврски и ги заменува соодветните правила во МСС 39 „Финансиски инструменти: признавање и мерење“. Новите објави:
- Ги превзема правилата на МСС 39 за признавање и депризнавање непроменети.
- Ги превзема повеќето од барањата на МСС 39 за класификација и мерење.
- Ги елиминира исклучоците од мерењето по објективна вредност за дериватните обврските коишто се поврзани и коишто мора да се порамнети со испорака на некотирани сопственички инструмент.
- Ги променува барањата поврзани со опцијата по објективна вредност за решавање на сопствениот кредитен ризик.

Ентитетот треба да го применува МСФИ 9 за годишните периоди коишто започнуваат на или по 1 јануари 2013 година. Се дозволува примената да настапи и порано. Ентитетот што поднесува извештаи треба да го применува МСФИ 9 ретроактивно. За ентитетите што ќе го усвојат МСФИ 9 за периодите што започнуваат пред 1 јануари 2012 година, МСФИ обезбедуваат ослободување при преминот во однос на повторното искажување на компаративните информации. Групацијата во моментов ги анализира можните промени во финансиските извештаи на Групацијата кои ќе бидат резултат на усвојувањето на новиот стандард.

- МСФИ 7 (изменет) - ОМСС објави измена на МСФИ 7 Измени и дополнувања на МСФИ 7 Финансиски инструменти: Обелоденувања во октомври 2010 година. Измената бара квантитативни и квалитативни обелоденувања во врска со трансфери на финансиски средства кои не резултираат со целосно депризнавање, или кои резултираат со континуираното учество. Ова е со намера да им овозможи на корисниците на финансиските извештаи да ја подобрат нивната перцепција за такви трансакции (на пример, секјуритизација), вклучувајќи и разбирање на можните ефекти од какви било ризици кои можат да останат со ентитетот кој ги пренесува средствата. Со измените, исто така се бараат и дополнителни обелоденувања доколку диспропорционална вредност од ваквите трансакции се преземаат околу крајот на периодот на известување. Примената на измената се бара за годишните периоди кои започнуваат на или по 1 јули, 2011. Се дозволува примената да настапи и порано. Не очекуваме дека усвојувањето на измените и дополнувањата на стандардот дека ќе доведе до значајни промени во обелоденувањата во финансиските извештаи на Групацијата.

## 2.1.4. Стандарди, измени и интерпретации кои сè уште не се ефективни и кои не се релевантни за работењето на Групацијата:

- МСС 32 (изменет) Финансиски инструменти: Презентирање на класификацијата на емисијата на нови акции за постојните акционери (откупливи финансиски инструменти). Со измената се појаснува класификацијата на откупливите финансиски инструменти како главнина или обврски за откупливи финансиски инструменти што се деноминирани во валута различна од функционалната валута на издавачот. Пред измената, овие откупливи финансиски инструменти се евидентираа како дериватни обврски. Со измената се наложува таквата емисија на откупливи финансиски инструменти понудена пропорционално на сите постојни акционери на ентитетот да се класифицира како главнина. Класификацијата е независна од валутата во која е деноминирана цената на реализација. Примената на измената е задолжителна за годишните периоди коишто започнуваат на или по 1 февруари 2010 година. Се дозволува примената да настапи и порано. Измената нема да има никакво влијание врз финансиските извештаи на Групацијата.

- МСФИ 1 ОМСС ги издаде измените на МСФИ 1 во јануари 2010 и декември 2010 година. Со оглед на фактот дека Групацијата веќе долги години своето финансиско известување го врши според МСФИ, за истата не се релевантни ниту првичниот стандард, ниту која била ревизија на истиот.

- КТМФИ 14 (изменет) МСС 19 - Ограничување на утврдените средства за бенефиции на вработените, барања за минимално финансирање и нивна взаемна поврзаност. Во ноември 2009 година ОМСС издаде измени и дополнувања на КТМФИ 14, со што се коригираат несаканите последици од КТМФИ 14. Без измените, во одредени случаи на ентитетите не им е дозволено да признаат некои доброволни претплати за минимум финансирани придонеси како средство. Измената дозволува ентитетот да ја третира бенефицијата од таквото рано плаќање како средство. Ова Толкување важи за годишните периоди што почнуваат на или по 1 јануари 2011. Измените мора да се применува ретроактивно почнувајќи од најраниот презентиран компаративен период. Измените и дополнувањата на толкувањето не се однесуваат на Групацијата бидејќи истата нема дефинирани за користи по престанокот на работниот однос.

- КТМФИ 19 Порамнување на финансиски обврски со инструменти на главнина. Со ова Толкување издадено во ноември 2009 година се појаснуваат барањата од МСФИ кога ентитетот повторно преговара за условите на одредена финансиска обврска со неговиот кредитор, при што кредиторот е согласен да ги прифати акциите или други инструменти на главнина на ентитетот со цел целосно или делумно да се порамни финансиската обврска. Ова Толкување важи за годишните периоди што почнуваат на или по 1 јули 2010 година, при што се дозволува примената да настапи и порано. Толкувањето се применува ретроактивно. Толкувањето не се однесува на Групацијата бидејќи истата не врши порамнување на своите финансиски обврски со инструменти на главнина.
- МСС 12 (изменет). Во декември 2010

година, ОМСС ја издаде објавата“Одложен данок: Обнова на клучните средства - Измени и дополнувања на МСС 12“. Новата објава на „Одложениот данок: Обнова на клучните средства - Измени и дополнувања на МСС 12“ поставува претпоставките за обновување (на пример, употреба или за продажба) на одредени средства. Ова е важно во случаите каде што одреден тип на наплата има различни даночни последици. Објавата поставува променлива претпоставка дека сметководствената вредност на вложувањата во недвижности кои се мерат со помош на моделот на објективна вредност во МСС 40 ќе се обнови со продажба. Покрај тоа, книговодствената вредност на средствата кои не се амортизираат мерена со помош на моделот на ревалоризација согласно МСС 16 секогаш се смета дека треба да се надомести преку продажба. Измената го заменува SIC 21 а ќе се применува за годишни периоди почнувајќи на или по 1 јануари 2012 година. Се дозволува примената да настапи и порано. Бидејќи Групацијата нема инвестиции во недвижности или средства кои не се амортизираат и кои се мерат со помош на моделот на ревалоризација во МСС 16, изменетиот стандард нема да има влијание врз финансиските извештаи на Групацијата.

## 2.2. Основа на консолидација
## 2.2.1. Подружници

Подружници се оние претпријатија кои се контролирани од страна на Друштвото. Контролата постои кога Друштвото има моќ, директно или индиректно да раководи со финансиските и оперативните политики на едно претпријатие генерално придружено од сопственост на над половина од гласачките права, со цел да се здобие со полза од неговите активности. Финансиските извештаи на подружниците се вклучени во консолидираните финансиски извештаи од датумот кога ќе започне контролата до датумот на престанок на контролата. Трансакциите во рамките на Групацијата, како и нереализираните добивки коишто произлегуваат од трансакциите во рамките на Групацијата се елиминираат при изготвувањето на консолидираните финансиски извештаи.

| | Земја каде е инкорпорирана | Процент на сопственост | Процент на сопственост |
|---|---|---|---|
| | | На 31 декември 2010 | На 31 декември 2009 |
| Т-Мобиле Македонија АД | Македонија | 100 | 100 |
| Фондација “е-Македонија” | Македонија | 100 | 100 |

## 2.3. Трансакции во странска валута
## 2.3.1. Функционална и презентациска валута

Консолидираните финансиски извештаи се прикажани во илјади македонски денари кој е функционална и презентациска валута на Друштвото.

## 2.3.2. Трансакции и салда

Трансакциите во странска валута се искажуваат во денари според курсот важечки на денот на трансакцијата. Монетарните средства и обврски искажани во странска валута на датумот на изготвување на извештајот за финансиска состојба се претвораат во денари според средниот курс важечки на денот на извештајот за финансиска состојба, а приходите и расходите произлезени од оваа основа се признаваат во добивката или загубата (Финансиски приходи/трошоци). Немонетарните средства и обврски искажани во странска валута се претвораат во денари според курсот важечки на денот на трансакцијата.

Девизните средства со кои што работи Групацијата се претежно американски долари (УСД) и евра (ЕУР). Официјалните курсеви важечки на 31 декември 2010 и 2009 година беа како што следи:

| | 2010 MKD | 2009 MKD |
|---|---|---|
| 1 УСД | 46,31 | 42,67 |
| 1 ЕУР | 61,51 | 61,17 |
| 1 ЦХФ | 49,30 | 41,12 |

## 2.4. Финансиски инструменти

Финансиски инструмент е било каков договор кој што предизвикува финансиско средство кај еден ентитет и финансиска обврска или сопственички инструмент кај друг ентитет.

Финансиските средства на Групацијата вклучуваат парични средства и еквиваленти на парични средства, депозити во банки, сопственички инструменти на други ентитети (расположливи за продажба и по објективна вредност преку добивката или загубата) и договорни права да прими парични средства (побарувања од купувачи и останати побарувања) или друго финансиско средство од друг ентитет.

Финансиските обврски на Групацијата вклучуваат обврски кои произлегуваат од договорните обврски да испорача парични средства или други финансиски средства на друг ентитет (недеривативни финансиски средства). Во основа, финансиските обврски вклучуваат обврски кон добавувачи и останати обврски.

## 2.4.1. Финансиски средства

Групацијата ги класификува финансиските средства во следниве категории:

а) финансиски средства по објективна вредност преку добивката или загубата
б) заеми и побарувања
в) финансиски средства расположливи за продажба

Класификацијата зависи од целите за коишто се стекнати овие средства. Раководството ја определува класификацијата на финансиските средства при иницијалното признавање.

Стандардните продажби и купувања на финансиски средства се признаваат на датумот на тргување, т.е. на датумот на кој Групацијата презела обврска за продажба или купување на средството. Инвестициите иницијално се признаваат по објективна вредност плус трансакциските трошоци за сите финансиски средства коишто не се прикажани по објективна вредност преку добивката или загубата.

Финансиските средства прикажани по објективна вредност преку добивката или загубата иницијално се признаваат по објективна вредност, а трансакциските трошоци се признаваат како трошок во добивката или загубата.

На секој датум на извештајот за финансиска состојба, Групацијата проценува дали има објективни докази дека финансиското средство е оштетено. Постојат објективни докази за оштетување доколку како резултат на настани на загуба што се случиле по првичното признавање на средството има влијание на проценетите идни парични текови на финансиското средство или група на финансиски средства кои можат со сигурност да се проценат.

Загубите од оштетување на финансиски средства се признаваат во Добивката или загубата наспроти сметки за исправка за да се намали сегашната вредност се до депризнавање на финансиското средство, кога нето сегашната вредност (вклучувајќи и било какви загуби од оштетување) се депризнава од Консолидираниот извештај за финансиска состојба. Добивките или загубите при депризнавањето се пресметуваат како разлика помеѓу приливите од продажба и нето сегашната вредност којашто е депризнаена.

Финансиските средства престануваат да се признаваат (депризнавање) кога правото да се примаат парични приливи од инвестицијата е истечено или пренесено и Групацијата ги има пренесено значајните ризици и придобивки од сопственоста.

### (а) Финансиски средства прикажани по објективна вредност преку добивката или загубата

Оваа категорија ги содржи оние финансиски средства прикажани по објективна вредност преку добивката или загубата при нивното иницијално признавање. Финансиското средство е класификувано во оваа категорија доколку е така одредено од страна на раководството кое донесува одлуки за набавка и продажба врз основа на нивната објективна вредност во согласност со инвестиционата стратегија на Групацијата за чување на вложувањата во сопственото портфолио се до моментот на појавување на поволни пазарни услови за нивна продажба.

Финансиските средства прикажани по објективна вредност преку добивката или загубата последователно се прикажуваат по објективна вредност. Добивките и загубите коишто произлегуваат од промената на објективната вредност на финансиските средства по објективна вредност преку добивката или загубата, се признаваат во добивката или загубата (Финансиски приходи/расходи) во периодот во кој настануваат.

Приходот од дивиденди од финансиските средства по објективна вредност преку добивката или загубата, се признава во добивката или загубата кога е воспоставено правото на Групацијата да ја добие наплатата на истата и кога економските користи се веројатни.

### (б) Заеми и побарувања

Заемите и побарувањата се недеривативни финансиски средства со фиксни или детерминирани плаќања кои не котираат на активниот пазар. Тие се вклучени во обртни средства, со исклучок на оние чие доспевање е по 12 месеци, по датумот од извештајот за финансиска состојба. Овие се класифицирани како нетековни средства. Следниве ставки се вклучени во категоријата „заеми и побарувања“:

- парични средства и еквиваленти на паричните средства
- депозити во банки
- побарувања од купувачите
- останати побарувања
- заеми на вработени
- побарувања и заеми на трети лица

Заемите и побарувањата иницијално се признаваат по објективна вредност, а последователно се мерат по амортизирана вредност користејќи го методот на ефективна каматна стапка.

**Парични средства и еквиваленти на паричните средства**
Паричните средства и еквивалентите на паричните средства се состојат од средства во благајна, депозити по видување и останати краткорочни високо ликвидни инвестиции со рок на доспеаност од три месеци или помалку.

Доколку се случи исправка на парични средства и еквиваленти на паричните средства, истата ќе биде признаена во добивката или загубата (расходи од финансирање).

**Побарувања од купувачите и други побарувања**
Побарувањата од купувачите и другите побарувања иницијално се признаваат по објективна вредност, а последователно се мерат по амортизирана вредност користејќи го методот на ефективна каматна стапка и намалени за исправка на вредноста заради оштетување. Исправката на вредност заради оштетување на побарувањата од купувачите и другите побарувања се формира кога постојат објективни докази дека Групацијата нема да може да ги наплати сите доспеани износи согласно оригиналните услови на побарувањето. Значајните финансиски потешкотии на должникот, веројатноста дека ќе влезе во стечај или финансиска реорганизација и задоцнетото плаќање се сметаат за индикатори дека побарувањето е оштетено.

Доколку има објективни докази дека настанало оштетување на заеми и побарувања признаени по амортизирана вредност, износот на исправката на вредност се утврдува како разлика меѓу сегашната вредност на средството и сегашната вредност на предвидените идни парични текови (исклучувајќи ги идните кредитни загуби кои се уште не се случени) дисконтирани со оригиналната ефективна каматна стапка на финансиското средство (т.е. ефективната каматана стапка пресметана на иницијалното признавање). Сегашната вредност на средството е намалена со користење на сметка за исправка, а износот на загубата е признаен во добивката или загубата (Останати расходи од работењето - Исправка на вредноста на сомнителни и спорни побарувања).

Политиката на Групацијата за групна проценка за оштетување се базира на старосната структура на побарувањата поради големиот број од релативно слични видови на купувачи.

За најголемите купувачи и странските купувачи, како и за купувачи кои се во процес на ликвидација или стечај, исправката е пресметана на индивидуална основа.

Индивидуално вреднување исто така се врши во специјални околности.
Кога побарувањето од купувачот е ненаплатливо, се отпишува преку Останати расходи од работењето во добивката или загубата (Исправка на вредноста на сомнителни и спорни побарувања) со паралелно ослободување на кумулираната исправка на сметката за исправка на побарувањата од купувачите.
Последователните враќања на износите претходно отпишани се пребиени со признаените исправки на вредност во добивката или загубата.

Доколку во некој последователен период износот на оштетувањето се намали и тоа намалување објективно може да се поврзе со настан кој настанал после признавањето на оштетувањето (како на пример подобрување во кредитниот рејтинг на должникот), претходно признаената загуба ќе биде вратена со корекција на сметката за исправка на побарувањата. Сегашната вредност на финансиското средство на датумот на кој се враќа загубата не смее да ја надмине амортизираната вредност која би била пресметана доколку оштетувањето не било признаено. Вредноста на вратената загуба ќе биде признаена во добивката или загубата како намалување на Останати расходи од работењето (Исправка на вредноста на сомнителни и спорни побарувања).

Износите кои се должат кон и побаруваат од другите мрежни оператори се прикажани на нето основа во случаите каде постои право за пребивање и износите се подмируваат на нето основа (како на пример побарувањата и обврските поврзани со меѓународен сообраќај).

**Заеми за вработени**
Заемите за вработени иницијално се признаваат по објективна вредност а последователно се мерат по амортизирана вредност користејќи го методот на ефективна каматна стапка.

Разликата помеѓу номиналната вредност на дадените кредити и иницијалната објективна вредност на заемите за вработени се признава како однапред платени бенефиции на вработени. Каматите од дадените заеми пресметани по методот на ефективна камата се признаваат како финансиски приходи, додека однапред платените бенефиции на вработените се амортизираат како Трошоци за вработените рамномерно за времетраењето на заемот.

Загубите од исправката на заемите за вработени, доколку се случат, се признаваат во добивката или загубата (трошоци за вработени).

### (в) Финансиски средства расположливи за продажба

Финансиски средства расположливи за продажба се недеривативи кои се или одредени во оваа категорија или не се класифицирани во некоја од другите категории. Тие се вклучени во нетековните средства освен ако раководството има намера да ги продаде финансиските средства во рок од 12 месеци од датумот на извештајот за финансиска состојба. Стекнувањето и продажбата на финансиските средства се признаваат на денот на тргувањето - датумот на кој Групацијата се обврзува да купи или продаде некое средство.

По иницијалното признавање, сите расположливи средства за продажба се мерат по објективна вредност со исклучок на некој инструмент кој што не е котиран на активниот пазар и чија што објективна вредност не може реално да се измери и во тој случај истиот се прикажува по набавна вредност, вклучувајќи ги трансакциските трошоци намалени за трошоците на оштетувањето. Намерата на Друштвото е да ги отуѓи овие средства кога ќе се појават поволни услови на пазарот за нивна продажба. Промените на објективната вредност на финансиските средства кои се класификувани како расположливи за продажба се признаваат во капиталот. Кога финансиските средства, класификувани како расположливи за продажба ќе се продадат или ќе претрпат оштетување, акумулираната објективна вредност, признаена во капиталот, се вклучува во добивката или загубата, како добивка или загуба од вложувања во хартии од вредност.

Групацијата оценува на секој датум на извештај за финансиската состојба дали има објективен доказ дека финансиското средство е оштетено. Објективен доказ за оштетување има, кога како резултат на настани на загуба кои се случиле по иницијалното признавање на средството има влијание врз проценетите идни парични текови на финансиските средства или групата на финансиски средства кои можат со сигурност да се проценат.

Доколку постои таков доказ за финансиски средства расположливи за продажба, кумулативната нереализирана добивка (доколку постои) е рекласификувана од Останат сеопфатен приход во Добивката или загубата и секоја останата разлика е исто така признаена во Добивката или загубата (Финансиски приходи). Загубите поради оштетување признаени во добивката или загубата за капитални инструменти не се признаваат повторно преку добивката или загубата.

Доколку средствата расположливи за продажба се продадени или откупени, и поради тоа депризнаени, корекцијата на објективната вредност акумулирана во капитал е рекласификувана од Останат сеопфатен приход во Добивката или загубата (Финансиски приход).

## 2.4.2. Финансиски обврски

**Обврски кон добавувачи и останати обврски**
Обврските кон добавувачи и останати обврски (вклучувајќи ги и проценките) иницијално се признаваат по објективна вредност, а последователно се мерат по амортизирана вредност користејќи го методот на ефективна каматна стапка.

Заради краток рок на доспевање, сметководствената вредност на обврските кон добавувачи и останатите обврски е приближна на нивната објективна вредност.

## 2.5. Залихи

Залихите се искажуваат по вредност пониска од набавната или нето пазарна вредност. Нето пазарната вредност е проценета продажна цена во нормални услови на делување, намалена за проценетите трошоци за продажба.

Набавната вредност на залихите се евидентира според принципот просечни цени и ги вклучуваат трошоците настанати за нивна набавка и доведување на постојната состојба и локација.

Телефонските апарати врзани во промотивни активности, често се продаваат по пониска од набавната вредност за целите на добивање на нови претплатници со обврзувачки период за користење на услугата. Таквите загуби од продажба на опрема се евидентираат само при настанување на продажбата, бидејќи истите се продадени како дел од профитабилен договор за услуги со купувачот и доколку номиналната продажна цена е повисока од набавната вредност на телефонот. Доколку номиналната продажна цена е пониска од набавната, разликата веднаш се признава како исправка.
Загубите од исправката на залихите се признаваат во Останати расходи од работењето (Исправката на вредноста на залихите до нето продажна вредност).

## 2.6. Нетековни средства наменети за продажба

Средствата се класифицираат како средства наменети за продажба доколку повеќе не се потребни за идното работење на Групацијата, доколку се идентификувани за продажба и се очекува дека ќе бидат продадени во наредните 12 месеци. Овие средства се прикажани по пониска од сегашната вредност или објективната вредност намалена за трошоците за продажба. Амортизацијата престанува да се пресметува од денот кога средствата добиваат статус на средства наменети за продажба. Кога средствата се означени за продажба и утврдената објективна вредност е пониска од сегашната вредност, разликата се признава во добивката или загубата (Амортизација) како загуба од оштетување.

## 2.7. Недвижности, постројки и опрема

Недвижностите, постројките и опремата се прикажуваат по набавна вредност намалена за акумулираната амортизација и загубите од оштетување (види белешка 2.9).
Набавната вредност на недвижностите, постројките и опремата се состои од набавната цена, вклучувајќи ја увозната царина и неповратните даноци за набавка, намалена за трговските попусти и рабати и сите директни трошоци направени за средството да се доведе на локација и во услови неопходни за средството да биде способно за употреба на начин кој е одреден од раководството. Иницијалната проценка на трошоците за демонтирање и отстранување на средството, како и за обновување на просторот (реставрација) на кој средството е лоцирано исто така се вклучени во набавната вредност ако стекнатата обврска може да биде признаена како резервирање согласно МСС 37- Резервирања, неизвесни обврски и неизвесни средства.
Набавната вредност на сопствено изградените средства ги вклучува трошоците за материјали и директна работна рака.
Последователни издатоци се вклучени во сегашната вредност на средството, или се признаени како посебно средство, единствено кога е веројатно дека идните економски користи поврзани со средството ќе се прелеат во Групацијата и кога трошокот на средството може да биде измерен веродостојно. Сегашната вредност на заменетиот дел се отпишува. Сите останати издатоци се признаваат во добивката или загубата како трошоци во периодот кога настануваат.
Кога средствата се расходуваат, набавната вредност и акумулираната амортизација се тргаат од сметководствената евиденција и загубата се признава во добивката или загубата како трошок за амортизација.
Кога средствата се продадени, набавната вредност и акумулираната амортизација се тргаат од сметководствената евиденција и добивката или загубата определена со споредување на приливот со сегашната вредност се признава во добивката или загубата (Останати оперативни приходи).
Амортизацијата на недвижностите, постројките и опремата се признава во добивката или загубата на праволиниска основа во текот на проценетиот корисен век на траење на недвижностите, постројките и опремата. На недвижностите, постројките и опремата не им се пресметува амортизација се до моментот кога стануваат расположливи за употреба. Земјиштето не се амортизира. Корисниот век на недвижностите, постројките и опремата и остатокот на вредноста се ревидира, и се коригира ако е потребно, најмалку еднаш годишно. За повеќе детали околу влијанието на последната ревизија на корисниот век на групите на недвижности, постројки и опрема види белешка 12.

Проценетиот корисен век на недвижностите, постројките и опремата е како што следи:

| | 2010<br>Години | 2009<br>Години |
|---|---|---|
| Згради | 20-40 | 20-40 |
| Надземни и кабелски линии | 20-25 | 20-25 |
| Телефонски централи | 10 | 10 |
| Базни станици | 10 | 10 |
| Компјутери | 4 | 4 |
| Мебел и друга канцелариска опрема | 4-10 | 4-10 |
| Возила | 4-10 | 4-10 |
| Останато | 2-15 | 2-15 |

## 2.8. Нематеријални средства

Нематеријалните средства набавени од Групацијата се искажани по набавна вредност намалена за акумулираната амортизација (види подолу) и загубите од оштетување (види белешка 2.9).

Последователните издатоци кај нематеријалните средства се капитализираат единствено кога ја зголемуваат идната економска корисност од нематеријалните средства содржани во специфични средства на кои што се однесуваат. Сите останати издатоци се третираат како трошоци во периодот кога настануваат.

Корисниот век на концесијата и лиценците е одреден врз основа на договорите по основ на кои истите се стекнати и се амортизираат на праволиниска основа во текот на периодот на достапност на фреквенцијата за комерцијална употреба до крајот на иницијалната концесија или периодот за кој е добиена лиценцата. При одредувањето на корисниот век не се земаат во предвид периодите на обновување (види белешка 13).

Проценетиот корисен век е како што следи:

| | 2010<br>Години | 2009<br>Години |
|---|---|---|
| Софтвер и лиценци | 2-5 | 2-5 |
| Концесија | 18 | 18 |
| 3G лиценци и 2G 1800 MHz лиценци | 10 | 10 |

Амортизацијата на нематеријалните средства се признава во добивката или загубата на праволиниска основа во текот на проценетиот корисен век на траење на нематеријалните средства. Корисниот век на нематеријалните средства се ревидира, и се коригира ако е потребно, најмалку еднаш годишно.
При одредување дали одредено средство кое инкорпорира елементи и на недвижност, постројки и опрема и на нематеријално средство треба да се евидентира според МСС 16 – Недвижност, постројки и опрема или како нематеријално средство според МСС 38 – Нематеријални средства, раководството користи проценка за да оцени кои елементи се позначајни и соодветно се признава истото.

## 2.9. Оштетување на недвижностите, постројките и опремата и нематеријалните средства

Средствата кои имаат неодреден век на користење не се предмет на амортизација и се тестирани годишно за оштетување.

Средствата кои се предмет на амортизација на Групацијата се проценуваат од оштетување кога постојат настани или промени во околностите кои индицираат дека нивната сегашна вредност не е иста со нивната надоместувачка вредност. Загубите од оштетување се признаваат за износите за кои сегашната вредност на средството го надминува неговиот надоместувачки износ. Надоместувачкиот износ претставува поголемиот износ од износот кој ја претставува реалната вредноста на средството при продажба, намалена за трошоците и вредноста во употреба. За проценка на оштетување на средствата, истите се групираат на најниско можно ниво за кое може да се утврди независен паричен тек (cash-generating units).

Загубите од оштетување се признаваат во добивката или загубата (Амортизација). Нефинансиските средства кои претрпеле оштетување се ревидираат еднаш годишно за да се утврди можното враќање на оштетување.

## 2.10. Резервирања и неизвесни обврски

Резервирањата се признаваат кога Групацијата има сегашна законска или конструктивна обврска како резултат на изминати настани и е веројатно дека ќе настане одлив на средства со цел да се подмири оваа обврска и кога е можно да се направи веродостојна проценка на износот на обврската.

Резервирањата се мерат и евидентираат како најдобра можна проценка на износот кој е потребен да се подмири сегашната обврска на датумот на извештајот за финансиска состојба. Резервирањата се признаени во добивката или загубата на соодветен трошок кој одговара на природата на резервирањето.

За неизвесните обврски не се врши резервирање. Неизвесна обврска е можна обврска која произлегува од минат настан и чиешто постоење ќе биде потврдено само со случување или неслучување на еден или повеќе несигурни идни настани кои не се во целост под контрола на ентитетот, или сегашна обврска кој произлегува од минат настан но не е признаена бидејќи не е веројатно дека ќе има одлив на ресурси кои вклучуваат економски користи за исплата на таа обврска или не може да се направи веродостојна проценка на износот на обврската.

## 2.11. Акционерски капитал

Обичните акции се класифицирани во акционерскиот капитал.

## 2.12. Сопствени акции

Кога Групацијата купува сопствени акции, износот кој е платен, кој ги вклучува и директните променливи трошоци (намалени за данок на добивка), е намален од запишаниот капитал на акционерите на Групацијата се додека акциите не се отповикани или повторно издадени. Кога сопствените акции се повторно издадени применоит надоместок (намален за било кои директно припишани променливи трошоци и поврзаниот ефект на данокот на добивка) се вклучува во капиталот кој се однесува на имателите на акции на Групацијата.

## 2.13. Останати резерви

Членките на Групацијата издвојуваат законска резерва која се формира по пат на издвојување од нето добивката. Оваа резерва се пресметува и издвојува како процент утврден со закон и не може да биде помал од 15% од добивката, се додека резервите не достигнат износ кој е еднаков на една петтина од основната главнина. Овие резерви се наменети за покривање на загуби и не се распределуваат на акционерите, освен во случај на банкротирање на членките на Групацијата.

## 2.14. Приходи

Приходите од дадени услуги и продажба на опрема (види белешка 17), се прикажани намалени за ДДВ, попусти и по елиминацијата на продажбата внатре во Групацијата.
Приходите се признаваат кога износот на приходот може веродостојно да се измери, и кога е веројатно дека ќе настане прилив на идни економски користи во Групацијата и специфичните критериуми од МСС 18 за продажбата на производи и давањето на услуги се исполнети за давањето на секоја од услугите на Групацијата и продажбата на производи.

На купувачите на Групацијата им се доделуваат поени за лојалност (кредитни поени) врз основа на користењето на услугите на Групацијата, вклучувајќи го и навременото плаќање на фактурите. Наградите за лојалност можат да се акумулираат и искористат со цел да се остварат идни придобивки (пр. Телефони, телекомуникациска опрема и сл.) од операторите на Групацијата. Кога купувачите ќе ги заработат нивните кредитни поени, истите се одземаат од фактурираниот приход на купувачот, и се признаваат во Останати обврски (Одложен приход). При искористувањето (или истекувањето) на поените, Одложениот приход се ослободува во приход како што купувачот го искористува (или откажува) неиспорачаниот елемент од пакетот.

Приходите од оперативен наем се признаваат на праволиниска основа во текот на периодот во кој се дава услугата.

### 2.14.1. Приходи од фиксна и мобилна телефонија

Приходите произлегуваат од услуги дадени на претплатниците и останати трети лица кои ја користат телекомуникациската мрежа и од продажба на опрема.

Договорите со претплатниците типично вклучуваат продажба на опрема, месечна

претплата и реализиран говорен, интернет, податочен или мултимедијален сообраќај. Групацијата ги разгледува различните елементи на ваквите договори со цел одделните приходи да се прикажат во согласност со МСФИ и признавањето на секој од овие приходи се врши користејќи го методот на остаточна вредност. Овие елементи се идентификувани и поделени, бидејќи истите имаат самостојна вредност и се продаваат и одделно освен во пакет. Затоа Групацијата признава приход за сите овие елементи користејќи го методот на остаточна вредност при што вредноста земена во предвид за алоцирање на поодделните елементи е еднаква на вкупната вредност земена во предвид минус објективната вредност на неискористените елементи.

Групацијата им овозможува на клиентите теснопојасен и широкопојасен пристап до нејзината фиксна, мобилна и телевизиска мрежа. Приходите од услуги се признаваат кога услугите се дадени во согласност со договорните одредби и услови. Приходите од сообраќај се признаваат според искористените минути и договорените надоместоци намалени за одобрените попусти, додека приходите од претплата и услуги со фиксен надомест се признаваат во периодот за кој се однесуваат.

Приходите и трошоците поврзани со продажба на телекомуникациска опрема и додатоци се признаваат кога производите се доставени, под услов да не постојат неисполнети обврски од страна на компанијата кои имаат влијание врз конечното прифаќање на договорот од страна на купувачот.

Приходите од аудио текст услуги (говорни и неговорни) се признаени на бруто основа бидејќи обезбедувањето на овие услуги преку мрежата е одговорност на Групацијата, Групацијата ја утврдува цената на овие услуги и ги сноси значајните ризици од овие услуги, во спротивно се прикажани на нето основа.

Клиентите можат да купат припејд картички за мобилен, јавни говорници и интернет („припејд картички“) кои им овозможуваат на тие претплатници да ја користат телекомуникациската мрежа за одреден временски период. Клиентите мора да платат за ваквите услуги на денот на купувањето на припејд картичката. Приходите од продажба на припејд картички се признаваат при користењето на картичките или кога рокот на користење на картичката е поминат со неискористен сообраќај.

Трети лица кои се корисници на телекомуникациската мрежа ги вклучуваат роаминг клиентите од други даватели на услуги и останати даватели на телекомуникациски услуги коишто ја користат мрежата за телефонски разговори. Овие приходи од големопродажен (влезен) сообраќај се признаваат во периодот на користење на мрежата. Дел од приходите најчесто се плаќаат на други оператори (интерконекциски) за употреба на нивните мрежи, каде што е применливо. Приходите и трошоците за овие телефонски разговори кои терминираат или транзитираат се прикажани на бруто основа во овие консолидирани финансиски извештаи бидејќи Групацијата е основен снабдувач на овие услуги притоа користејќи ја сопствената мрежа и слободно дефинирајќи ги цените на услугите, и се признаени во периодот на користење на мрежата.

### 2.14.2. Приходи од интегрирани решенија и ИТ

Договорите за мрежни услуги се состојат од инсталација и управување со комуникациски мрежи на корисниците. Приходите од говорни и услуги за податоци кои произлегуваат од таквите договори се признаваат кога услугите се искористени од страна на корисникот.

Приходите од договори за интегрирани решенија кои бараат доставување на производи и/или услуги генерално се покриени со договори со фиксни цени и приходите се признаваат врз основа на процент на довршеност земајќи го превид односот на направените трошоци за извршената работа во врска со договорот и проценетите вкупни трошоци од договорот. Приходите од продажбата на хардвер се признаваат кога ризикот од сопственоста значително ќе се пренесе на корисникот, обезбедувајќи дека не постојат неисполнети обврски кои влијаат на конечното прифаќање на договорот од страна на корисникот. Било какви трошоци во однос на овие обврски се признаваат кога соодветниот приход е признаен.
Приходите од договори за изградба се евидентираат со употреба на метода на процент на довршеност. Степенот на довршеност се утврдува врз основа на трошоците направени до тој датум во однос на проценетите вкупни трошоци.
Побарувањата од договори за изградба се класификуваат во консолидираниот извештај за финансиската состојба како Побарувања од купувачи и останати побарувања.

## 2.15. Бенефиции на вработените

### 2.15.1. Пензиски и останати краткорочни обврски кон вработените

Групацијата во текот на своето нормално работење врши исплати во корист на своите вработени за пензиско, здравствено и социјално осигурување како и персонален данок коишто се пресметуваат според важечките законски стапки кои се на сила во текот на годината врз основа на нивните бруто плати. Надоместокот за хранарина, превоз и годишен одмор исто така се пресметува според локалното законодавство. Групацијата ги исплаќа овие придонеси кон државните и приватните фондови. Трошокот за овие исплати се прикажува на товар на добивката или загубата во истиот период како и трошокот за плата. Не е направено резервирање за надоместок за неискористен годишен одмор бидејќи согласно локалната законска регулатива, работодавачот е обврзан да обезбеди услови, а вработениот да го искористи годишниот одмор во рамките на една година. Ова исто така се применува како политика на Групацијата и во согласност со историските податоци вработените ги користат нивните годишни одмори во рамките на едногодишниот законски рок. Групацијата не работи со ниедна друга пензиска програма или план за пост пензиски бенефиции и според тоа нема никаква обврска во однос на пензиите. Групацијата има законска обврска да им исплати на вработените две просечни плати во Република Македонија на денот на нивното пензионирање, за кои е призната соодветна обврска во финансиските извештаи, мерена според сегашната вредност на две просечни плати заедно со корекциите вклучени во актуарската пресметка. Обврската за дефинираната корист се пресметува годишно од страна на независни актуари со користење на метод на кредитирање на проектирана единица. Сегашната вредност на обврската за

дефинираната корист е определена со дисконтирање на проценетите идни парични одливи со користење на каматни стапки на високо квалитетни обврзници, кои се деноминирани во валута во која ќе бидат платени надоместоците. Исто така, Групацијата нема обврска да обезбедува понатамошни бенефиции на тековните и поранешните работници.

### 2.15.2. Бонус планови

Групацијата признава обврски и трошоци за бонуси земајќи ги предвид финансиските и оперативните резултати. Групацијата признава резервирања кога е обврзана со договор или кога има практика во минатото која резултирала во конструктивна обврска.

### 2.15.3. Отпремнини за технолошки вишок

Отпремнината за технолошки вишок се исплаќа во случај кога престанува работниот однос на вработениот пред датумот на неговото нормално пензионирање, или доколку вработениот прифати доброволно прекинување на работниот однос во замена за бенефицијата. Групацијата ги признава отпремнините за технолошки вишок доколку престане работниот однос на вработените врз основа на детален формален план без можност за отповикување или во случај доколку Групацијата понуди опција на вработените за доброволно прекинување на работниот однос.

## 2.16. Маркетинг трошоци

Маркетинг трошоците се евидентираат кога ќе се случат. Маркетинг трошоците се прикажани во белешка 19.

## 2.17. Данок од добивка

### 2.17.1.Тековен данок од добивка

Компаниите не треба да плаќаат данок на добивка на нивната добивка пред оданочување (заработена од 1 јануари 2009 година) додека таа добивка да се распредели во форма на дивиденда или во други форми на распределување на добивката. Доколку се исплати дивиденда, треба да се плати 10% данок на добивка во моментот на исплата на дивидендата, без оглед дали во парична или во непарична форма, на странски нерезидентни правни лица, и странски и домашни физички лица. Дивидендите исплатени на резидентни правни лица се изземени од плаќање данок. Освен на распределбата на дивиденди, данок се плаќа и на неодбитните трошоци направени во таа фискална година, намалени за износот на даночното одобрување и други даночни олеснувања. (види белешка 2.18).

### 2.17.2. Одложен данок

Поради измените во македонското даночно законодавство во сила од 1 јануари 2009 година, даночната стапка за нераспределената добивка беше практично намалена на нула, бидејќи данок се плаќа само кога се распределува добивката. Согласно со МСС 12.52А, одложените даночни средства и обврски треба да се мерат до користење на стапката на нераспределена добивка. Ова резултираше со анулирање на салдата на дел од одложените даночни средства и сите одложени даночни обврски на 31 декември 2009 година и анулирање на сите одложени даночни средства на 31 декември 2010 година. Во согласност со барањата на СОС 25, Групацијата го евидентираше влијанието на оваа промена во добивката или загубата за 2009 и 2010 година, соодветно (види белешка 9).

## 2.18. Данок на неодбитни трошоци

На крајот на фискалната година компаниите се должни да платат данок на неодбитните трошоци, без оглед на нивните финансиски резултати. Основица се трошоците кои не спаѓаат во делокругот на дејноста на компанијата, односно неодбитни трошоци (трошоци за репрезентација, резервирања, подароци, и сл.) намалени за даночното одобрување и други даночни олеснувања. Данокот на неодбитните трошоци се признава во добивката или загубата (Останати расходи од работењето) како Останати даноци (види белешка 8).

## 2.19. Наеми

### 2.19.1. Оперативен наем - Групацијата како наемодавател

Средствата дадени под наем на клиенти преку оперативни наеми се вклучени во Недвижности, постројки и опрема во консолидираниот извештај за финансиска состојба. Тие се амортизираат во текот на нивниот корисен век на конзистентна основа со слични основни средства. Приходите од наем се признаваат на праволиниска основа за време на траење на наемот.

### 2.19.2. Оперативен наем - Групацијата како наемател

Трошоците кои произлегуваат од оперативен наем се признаваат во добивката или загубата на праволиниска основа за време на траење на наемот.

## 2.20. Добивка по акција

Добивка по акција се пресметува со делење на добивката кој се однесува на имателите на акции на Друштвото за периодот со просечниот број на важечки обични акции.

## 2.21. Дивиденди

Дивидендите се признаваат како обврска, при што се намалува капиталот, во финансиските извештаи на Групацијата во периодот кога се одобрени од страна на акционерите на Друштвото.

## 2.22. Сегменти

Оперативните сегменти на Групацијата се базираат на деловните сегменти, фиксен и мобилен, што е во согласност со интерните извештаи доставени до главниот извршен носител на одлуки, Главниот извршен директор (ГИД) кој добива совети од Менаџмент Колегиумот (МК) на Друштвото. ГИД е одговорен за алокација на ресурсите, и оценување на остварувањата на оперативните сегменти. Сметководствените политиките и принципите на мерење на оперативните сегменти се исти со тие на Групацијата, опишани во делот Значајни сметководствени политики (види белешка 2). Во финансиските извештаи известувањето за сегментите на Групацијата се врши на начин којшто е конзистентен со интерното известување. Двата оперативни сегменти, фиксен и мобилен се претставени од двата посебни правни ентитети, Македонски Телеком АД – Скопје, и Т-Мобиле АД Скопје, соодветно.

Приходите на оперативните сегменти вклучуваат приходи од надворешни корисници како и внатрешниот приход генериран од останатите сегменти. Оперативните сегменти, како два посебни правни ентитети, фактурираат приходи за услугите дадени на другите сегменти исто

како за надворешните корисници.

Резултатите на Оперативните сегменти ГИД и МК ги надгледуваат преку EBITDA (добивка пред камата, данок од добивка и амортизација), која од страна на Групацијата е дефинирана како Оперативна добивка без трошок за амортизација.

Друг важен клучен индикатор за остварувањето што се надгледува на ниво на сегментите се капиталните издатоци (Capex), кои се определени како зголемувања на Недвижности, постројки и опрема и на Нематеријалните средства.

## 2.23. Споредбени информации

Со цел да се одржи конзистентноста со презентацијата во тековната година одредени делови може да се рекласификуваат за компаративни цели. Материјалните промени во образложенијата, ако ги има, се детално опишани во соодветните белешки.

# 3. УПРАВУВАЊЕ СО ФИНАНСИСКИОТ РИЗИК

## 3.1. Финансиски фактори на ризик

Групацијата не применува сметководство за заштита од ризик на своите финансиски инструменти, сите добивки и загуби се признаваат во добивката или загубата, освен финансиските средства класифицирани како расположливи за продажба кои се признаваат во друг сеопфатен приход.  Во основа Групацијата е изложена на кредитен ризик поврзан со нејзините финансиски средства и од движењето на курсевите, каматните стапки и пазарните цени, кои влијаат на нејзините средства и обврски. Управувањето со финансискиот ризик има за цел да ги ограничи овие пазарни ризици преку континуирани оперативни и финансиски активности.

Деталните објаснувања на ризиците, управувањето со истите како и сензитивните анализи се дадени подолу. Сензитивните анализи вклучуваат потенцијални промени во добивката пред оданочување. Потенцијалните влијанија кои се обелоденети (намалени за данокот) се исто така применливи на капиталот на Групацијата.

### 3.1.1. Пазарен ризик

Пазарниот ризик се дефинира како „ризик дека реалната вредност или вредноста или идните готовински текови на финансискиот инструмент ќе варираат како резултат на промени во пазарните цени" и вклучува каматен ризик, валутен ризик и други ценовни ризици.

Бидејќи голем дел од приходите и расходите на Групацијата се во денари, функционалната валута на Друштвото е денарот, и како резултат на тоа целта на Групацијата е да се сведе на минимум нивото на финансиски ризик во поглед на денарот.
За презентирање на пазарните ризици, МСФИ 7 бара сензитивни анализи кои ги покажуваат ефектите од хипотетичните промени на релевантните варијабили на ризикот врз добивката или загубата и акционерскиот капитал. Периодичните влијанија се утврдуваат со поврзување на хипотетичните промени во варијабилите на ризикот врз состојбата на финансиските инструменти на датумот на извештајот за финансиска состојба. Состојбите на датумот на извештајот вообичаено се репрезентативни за годината, како целина, затоа влијанијата се пресметуваат со користење на состојбите на крајот на годината претпоставувајќи дека состојбите биле конзистентни во текот на периодот на известување. Бидејќи глобалната економска ситуација не е значително изменета во споредба со крајот на претходниот период на известување, методите и претпоставките кои се користат во сензитивните анализи не се значително променети.

#### а) Валутен ризик

Функционална валута на Друштвото е македонскиот денар.

Изложеноста на валутен ризик е поврзана со поседување на депозити во банки кои се деноминирани во странска валута и од оперативни активности на приходи од и плаќања кон меѓународни телекомуникациски оператори како и издатоците за недвижности, постројки и опрема и нематеријални средства коишто произлегуваат од обврски кон добавувачи од странски земји.

Девизната валута од која произлегува овој ризик првенствено е ЕУР. Групацијата користи парични депозити во странски валути претежно во ЕУР и парични депозити во МКД со девизна клаузула со цел заштита од странски валутен ризик како и домашниот валутен ризик во согласност со расположливите понуди на банките. Групацијата управува со изложувањата на ризик од курсни стапки преку одржување на повисок износ на депозити во ЕУР како докажана стабилна валута и со стремење кон намалување на бројот на договори со странски оператори во УСД како релативно нестабилна валута во периодот и со извршување на плаќање во УСД од готовинските резерви во таа валута.

Сензитивната информација за валутниот ризик која се бара според МСФИ 7 е ограничена на ризиците коишто произлегуваат од финансиски инструменти изразени во валути кои се различни од функционалната валута во која се мерат.

Групацијата акумулираше повеќе готовина во ЕУР и УСД во споредба со нејзините трговски обврски во ЕУР и УСД. На 31 декември 2010 година, доколку МКД би било 1% (2009 година: 1%) послабо или посилно во споредба со ЕУР, добивката би била повисока или пониска за МКД 58.321 илјади (2009 година: МКД 48.174 илјади во нето билансот, соодветно. На 31 декември 2010 година, доколку МКД би бил 1% (2009 година: 1%) послаб или посилен во споредба со УСД, добивката би била повисока или пониска за МКД 934 илјади (2009 година: МКД 417 илјади) во нето билансот, соодветно.

#### б) Каматен ризик

Каматниот ризик е ризик дека реалната вредност или идните готовински текови на финансискиот инструмент ќе варираат како резултат на промени во каматните стапки на пазарот.

Промената во каматните стапки и каматните маргини можат да влијаат врз финансиските трошоци и повратот на финансиските инвестиции.

Каматниот ризик и ризикот од приносот на инвестицијата се од секундарна важност споредено со сигурносните цели и  целите за ликвидноста опишани погоре. Групацијата го минимизира каматниот ризик преку дефинирање на фиксни каматни стапки во периодот на валидност на определени

финансиски инвестиции. Инвестициите се ограничени на форми на финансиски инвестиции со релативно низок ризик во очекување на објективен принос во однос на претпоставениот ризик.

Групацијата нема каматоносни обврски, но има ризик од каматните стапки во поглед на паричните депозити во банки и заемите кон вработените. Групацијата нема политика за заштита од каматниот ризик. Промените кај пазарните каматни стапки влијае врз каматата добиена од депозитите во банки.

На 31 декември 2010 година, Групацијата имаше депозити во износ од МКД 9.611.091 илјади (вклучувајќи и депозити по видување), при што пораст од 1 % на пазарните каматни стапки ќе предизвика зголемување (ceteris paribus) на каматата која се добива од МКD 96.111 илјади на годишно ниво, додека слично намалување би предизвикало исто такво намалување во добиената камата. На 31 декември 2009 година, Групацијата има депозити во износ од МКД 10.645.105 илјади (вклучувајќи и депозити по видување), при што пораст од 1 % на пазарните каматни стапки ќе предизвика зголемување (ceteris paribus) на каматата која се добива од приближно МКД 106.451 илјади на годишно ниво додека слични намалувања ќе предизвикаат исти намалувања во каматата која се добива.

в) Друг ценовен ризик

Инвестициите на Групацијата се во акционерски капитал на други ентитети што јавно тргуваат на македонската берза, како на официјалниот така и на редовниот пазар. Менаџментот постојано го следи портфолиото на инвестициите во акционерски капитал врз основа на фундаментални и технички анализи на акциите. Сите одлуки за купување и продавање ги одобруваат соодветните тела на Друштвото. Во согласност со стратегијата на Групацијата, инвестициите во рамките на портфолиото се чуваат до моментот кога ќе се создадат поволни услови на пазарот за продажба на истите.

Како дел од презентирањето на пазарните ризици, МСФИ 7 исто така бара обелоденувања за тоа како хипотетичките промени во варијабилите на ризикот влијаат на цената на финансиските инструменти. На 31 декември 2009 и 2010 година Групацијата има инвестиции кои би можеле да бидат засегнати од варијабилите на ризикот како што се берзанските цени.

На 31 декември 2010 година Групацијата има МКД 65.125 илјади инвестиции во акционерски капитал на други ентитети кои што јавно се тргуваат на македонската берза, при што пораст од 20 % на пазарните цени би предизвикал (ceteris paribus) добивка од МКД 13.025 илјади а слично намалување би предизвикало исто таква загуба во добивката или загубата. Износот на инвестиции во акционерски капитал на други ентитети кои јавно се тргуваат на македонската берза на 31 декември 2009 година изнесува МКД 61.376 илјади, при што пораст од 20 % на пазарните цени би предизвикал (ceteris paribus) добивка од МКД 12.275 илјади, а слично намалување би предизвикало исто таква загуба во добивката или загубата.

## 3.1.2. Кредитен ризик

Кредитен ризик се дефинира како ризик дека една страна на финансиски инструмент ќе предизвика финансиска загуба за другата страна со тоа што нема да исполни одредена обврска.

Групацијата е изложена на кредитен ризик од своите оперативни активности и од одредени финансиски активности.

Ограничувањата на соработниците се одредуваат врз основа на доставените банкарски гаранции во согласност со пазарните услови на оние банки кои сакаат да издадат банкарска гаранција. Вкупниот износ на банкарските гаранции кои ќе бидат обезбедени треба да го покрие износот на проектираните слободни парични средства на Групацијата.

Во однос на финансиските активности трансакциите примарно се склучуваат со соработници (банки) кои имаат кредитен рејтинг од најмалку BBB+ (или еквивалентен кредитен рејтинг) или каде што соработникот има доставено банкарска гаранција каде што банката гарант треба да биде со кредитен рејтинг од BBB+ (или еквивалентен кредитен рејтинг).

Во случај кога расположливите средства на Групацијата го надминуваат вкупниот износ на добиени банкарски гаранции спомнати погоре, финансиското инвестирање на расположливите парични средства се врши во согласност со проценка на банкарскиот ризик базиран на CAEL методологијата како индиректен систем на оценување.
Одлуките за депонирање се прават врз основа на следните приоритети:

- Да се депонира во банки (банки со кои Дојче Телеком АД најчесно соработува, доколку е возможно) со обезбедена банкарска гаранција од банките со најдобар рејтинг и најдобар квалитет на банкарска гаранција.

- Да се депонира во банки со обезбедена банкарска гаранција од банки со понизок рејтинг и послаб квалитет на банкарската гаранција.

- Доколку вкупниот износ на депозити не може да се пласира во банки покриени со банкарска гаранција со најмалку BBB+ рејтинг (или еквивалентен кредитен рејтинг), тогаш депозитите ќе се пласираат во локални банки без банкарска гаранција. Во овој случај одредувањето на ограничувањата на соработниците по банки ќе бидат направени во согласност со CAEL методологијата (оцена на ризичните делови на банката – капитал, средства, добивка и ликвидност).

CAEL методологијата во основа ги оценува финансиските показатели на банките кои се составен дел од четирите CAEL компоненти - Капитал, Средства, Добивка и Ликвидност. Крајната оценка на банките (на скала од 1 до 5) е поврзана со работењето и перформансите на банките за анализираниот период. Политика на Групацијата е да инвестира во банки чија конечна оценка варира во рамките на следниве 3 ранга:

**A** – Банки со оцена од 1,84 до 2,45 – инвестиции кои не надминуваат 80% од акционерскиот капитал на банката.

**B** - Банки со оцена од 2,46 до 3,07 – инвестиции кои не надминуваат 70% од акционерскиот капитал на банката.

**C** - Банки со оцена од 3,08 до 3,69 – инвестиции кои не надминуваат 60% од акционерскиот капитал на банката.

Процесот на управување со кредитни ризици од оперативни активности вклучува превентивни мерки како што се проверка на

кредибилитет и превентивни забрани, корективни мерки во текот на законските односи како на пример активности за опоменување и исклучување, соработка со агенции за наплата и наплата по законски односи како што се процеси на оптужување, судски постапки, вклучување на извршната единица и факторинг. Задоцнетите плаќања се следат преку постапка за проследување на долг врз основа на видот на корисникот, кредитната класа и износот на долгот.

Кредитниот ризик се контролира преку проверка на кредибилитет - што утврдува дека корисникот нема долг и кредитната вредност на корисникот и преку превентивни забрани - што го утврдува кредитниот лимит врз основа на претходните приходи од сообраќај генерирани од корисникот.

Групацијата нема значајна концентрација на кредитен ризик кон поединечна странка или кон група на странки кои имаат слични карактеристики.

Процедурите на Групацијата обезбедуваат на перманентна основа дека продажбата се извршува на корисници со соодветна кредитна историја и дека не се надминува лимитот за изложување на кредитен ризик.

Максималната изложеност на кредитниот ризик е презентирана преку сегашната вредност на финансиските средства во Консолидираниот извештај за финансиска состојба. Последователно на тоа, Групацијата смета дека нејзината максимална изложеност на кредитен ризик е претставена со износот на побарувањата намалени за исправката на вредноста признаена на денот на извештајот за финансиска состојба.

Следнава табела ја претставува изложеноста на кредитен ризик на Групацијата во 2010 и 2009:

| Во илјади денари | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| Депозити во банки | 8.205.444 | 8.665.521 |
| Парични средства и еквиваленти на парични средства | 1.405.647 | 1.979.584 |
| Побарувања од купувачи-домашни | 2.758.465 | 2.592.841 |
| Побарувања од купувачи-странски | 93.681 | 70.793 |
| Заеми за вработени | 123.037 | 121.924 |
| Побарувања од поврзани страни | 198.785 | 58.821 |
| Останати побарувања | 13.837 | 18.617 |
| | 12.798.896 | 13.508.101 |

Парични средства и еквиваленти на  парични средства во табелата погоре ја исклучува благајната за која не постои кредитен ризик.

Најголемата вредност на депозит во 2010 година е МКД 1.383.862 илјади деноминирани во ЕУР 22.500 илјади (2009: МКД 1.260.000 илјади). Дополнително Групацијата има депозити во 5 домашни банки (2009: 5 домашни банки).

Со цел да се одржи конзистентноста со презентацијата во тековната година, гаранциите во 2009 година известени во Депозити во банки со вредност од МКД 6.723 илјади и Парични средства и еквиваленти на парични средства со вредност од МКД 653 илјади се исклучени од Депозити во банки и Парични средства и еквиваленти на парични средства во овие финансиски извештаи и се рекласификувани во Останати побарувања во вредност од МКД 7.376 илјади. Рекласификацијата нема влијание врз капиталот или нето добивката.

## 3.1.3. Ризик за ликвидност

Ризикот за ликвидност е ризик дека Друштвото може да наиде на тешкотии за подмирување на обврските поврзани со финансиските обврски.

Ризик за ликвидност се дефинира како ризик дека Групацијата нема да биде во можност навремено да ги подмири или исполни своите обврски.

Инвестициското портфолио ќе остане доволно ликвидно со цел да се задоволат сите оперативни барања кои можат разумно да се предвидат. Ова е постигнато со структуирање на портфолиото така да финансиските инструменти доспеваат истовремено со потребата од парични средства за задоволување на предвидените потреби.

Политика на Друштвото е да одржува вишок на парични средства и еквиваленти на паричните средства за подмирување на обврските во догледна иднина. Секој вишок на парични средства е депониран во комерцијалните банки.

Процесот за управување со ликвидноста на Групацијата вклучува предвидување на готовинските текови од главните валути и разгледување на нивото на потребните ликвидни средства земајќи ги предвид податоците од бизнис планот, наплатите и одливот. Месечните, полугодишните и годишните парични проекции се изготвуваат и ажурираат на дневна основа од страна на Секторот за управување со готовина.

## 3.2. Управување со капитални ризици

Целите на Групацијата при управување со капиталот е да се заштити способноста на Групацијата да работи на континуирана основа со цел да обезбеди поврат за акционерите и бенефиции за другите заинтересирани страни и да одржува оптимална структура на капитал со цел намалување на трошокот за капитал. Вкупниот капитал со кое што управува Друштвото на 31 декември 2010 година е МКД 17.470.439 илјади, според локалните општоприфатени сметководствени принципи (2009: МКД 17.970.698 илјади). Од овој износ МКД 9.583.888 илјади (2009: МКД 9.583.888 илјади) претставуваат акционерски капитал, додека МКД 1.916.777 илјади (2009: МКД 1.916.777 илјади) претставуваат законски резерви, кои не се распределуваат (види белешка 2.13). Друштвото исто така има купено сопствени акции (види белешки 2.12 и 16.1). Трансакцијата е во согласност со локалните законски барања со стекнувањето на сопствените акции, да не се намали имотот на Друштвото под износот на основната главнина и резервите коишто, според закон или според статутот на Друштвото, не смеат да се користат за исплата на акционерите. Исто така, согласно локалните законски барања дивиденда може да биде исплатена на акционерите во износ којшто нема да ја надминува вкупно остварената добивка искажана со годишната сметка и со финансиските извештаи, зголемена за пренесената нераспределена добивка од претходните години или со

резервите коишто можат да се распределуваат, односно кој ги надминуваат законските резерви и резервите определени со статутот на Друштвото. Друштвото е во согласност со сите законски барања кои се однесуваат на капиталот.

### 3.3. Проценка на објективна вредноста

Паричните средства и еквивалентите на парични средства, побарувањата од купувачи и другите тековни финансиски средства се краткорочни. Поради ова, нивната сегашна вредност на денот на извештајот за финансиска состојба е приближна на нивната објективна вредност.

Објективната вредност на нетековниот дел од побарувањата од купувачи ги вклучува заемите на вработени и се определува користејќи техника на дисконтиран паричен тек.

Финансиските средства расположливи за продажба претставуваат акции вреднувани по објективна вредност.

Објективната вредност на јавно тргуваните финансиски средства прикажани по објективна вредност преку добивката или загубата се базира на објавената пазарна вредноста на денот на извештајот за финансиска состојба.

## 4. ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПРОЦЕНКИ И ПРЕТПОСТАВКИ

Групацијата прави проценки и претпоставки што се однесуваат на иднината. Проценките и мислењата континуирано се вреднувани и се базираат на минато искуство и други фактори, вклучувајќи ги очекувањата за идни настани за кои што се верува дека се разумни под соодветните услови. Најзначајните проценки и претпоставки се обелоденети подолу.

### 4.1. Корисен век на средствата

Определувањето на корисниот век на средствата се базира на историското искуство со слични средства, како и на очекуваниот технолошки развој и промените во пошироките економски или индустриски фактори. Соодветноста на проценетиот корисен век се ревидира на годишна основа или секогаш кога се појавуваат индикации за значајни промени во дадените претпоставки.

Веруваме дека сметководствените проценки поврзани со одредувањето на корисниот век на средствата се значајни сметководствени проценки земајќи го предвид тоа дека вклучуваат претпоставки за технолошкиот развој во иновативна индустрија и во голем дел зависат од инвестиционите планови на Групацијата.  Понатаму, поради тоа што корисниот век на недвижностите, постројките и опремата и нематеријалните средства во рамките на вкупните средства е значителен, влијанието на било кои промени во проценките може да биде материјално за нашите финансиски позиции и резултати од работењето. Пример, кога Друштвото би го намалило просечниот корисен век на недвижностите, опремата и постројките и нематеријалните средства за 10%, тоа би резултирало во зголемување на годишниот трошок за амортизација во приближен износ од МКД 340.281 илјади (2009: МКД 309.321 илјади). Види белешка 12 за промените направени во корисниот век во годините за кои се известува.

Групацијата постојано воведува нови услуги и платформи вклучувајќи, но не и ограничувајќи се на Универзален мобилен телекомуникациски систем (UMTS) базиран на широкопојасни услуги во мобилните комуникации како и поставување на оптички кабли. Во случај на воведување на вакви нови услуги, Групацијата спроведува ревизија на корисниот век на веќе постоечките платформи, но во најголемиот број случаи овие сервиси се дизајнирани да коегзистираат со старите платформи, без да предизвикаат промени кај новите технологии. Последователно, корисниот век на постарите платформи вообичаено не треба да се скратува.

### 4.2. Можни оштетувања на недвижностите, постројките и опремата и нематеријални средства

Ние го проценуваме оштетувањето на препознатливи недвижности, постројки и опрема и нематеријални средства секогаш кога постои причина за верување дека сегашната вредност значително ја надминува надоместувачката вредност и таму каде што се очекува оштетување на вредноста. Надоместувачката вредност се добива по пат на пресметка, при која се користи широк спектар на претпоставки и фактори кои влијаат на истите. Покрај другото, ги земаме во предвид идните приходи и расходи, технолошката застареност, дисконтинуитет во услугите и други промени на околности кои можат да доведат до оштетување. Доколку оштетувањето е утврдено со методата на употребна вредност, се утврдува објективна вредност намалена за трошоци за продажба (ако може да се утврди), за да се утврди точниот износ на оштетувањето (ако постои). Земајќи предвид дека ова се врши врз основа на проценки и мислења, вредноста на можните оштетувања може да биде значително различна од онаа којашто е добиена по пат на овие калкулации. Раководството изврши тестирање за оштетеност врз основа на проекции за паричните текови за 10 години и употреби предвидена стапка на постојан раст од 2% (2009: 1%) за да ја утврди терминалната вредност после 10 години. Употребната вредност беше утврдена со анализа на дисконтираните парични текови, користејќи стапка од 9,38% (2009: 8,55%). .

### 4.3. Можни исправки на побарувања од купувачи и други побарувања

Ние пресметуваме исправка на вредност на спорни побарувања базирајќи се на проценетите загуби кои произлегуваат од неможноста на корисниците да ги извршат плаќањата. За најголемите купувачи и странските купувачи исправката е пресметана на индивидуална основа, додека за другите купувачи е пресметана на портфолио основа, која се базира на доспеаноста на побарувањата и минатото искуство со отпишување на побарувањата, кредитната способност на корисниците и неодамнешните промени на условите на плаќање (види белешка 2.4.1 (б)). Овие фактори се разгледуваат периодично, и кога е потребно се вршат промени во пресметката. Ако финансиската состојба на нашите корисници се влошува, тековните отписи на побарувањата можат да бидат и повисоки од очекуваните и можат да го надминат нивото на исправки коишто се признаени досега (види белешка 3.1.2).

### 4.4. Резервирања

Резервирањата главно се базираат на проценка особено во правни спорови. Групацијата ја проценува веројатноста од настанување на негативен исход како резултат на минат настан, и доколку веројатноста за одлив на економски користи

е оценета како поголема од 50%, Групацијата врши резервирање за целиот износ на обврската. Бидејќи проценката на веројатноста се врши врз основа на претпоставки, во некои случаи проценката може да не биде во согласност со евентуалниот исход на случајот.

## 4.5. Трошоци за стекнување на претплатници

Трошоците за стекнување на претплатници примарно вклучуваат загуби од продажба на опрема (приходите и трошоците се прикажани одделно) и надоместоци платени на агенти за стекнување на претплатници. Агентите кои работат за Друштвото исто така трошат дел од нивните надоместоци за маркетинг на производите на Групацијата додека определен дел од маркетинг трошоците на Групацијата треба да се сметаат како трошоци за стекнување на претплатници. Директните надоместоци наплатени од претплатниците за активирање или поврзување се маргинални во споредба со трошоците за стекнување. Овие приходи и трошоци се признаени кога претплатникот ќе биде приклучен на фиксната или мобилната мрежа на Групацијата. Ваквите трошоци или приходи не се капитализирани или одложени. Овие трошоци за стекнување (загуби) се признати веднаш иако не се соодветно одделени од другите маркетинг трошоци. Вкупниот износ на трошоци за надоместоци платени на агенти во 2010 изнесува МКД 338.550 илјади (2009: 373.557 илјади).

## 5. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ЕКВИВАЛЕНТИ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА

| Во илјади денари | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| Депозити по видување | 1.405.647 | 1.979.584 |
| Благајна | 8.425 | 11.837 |
| | 1.414.072 | 1.991.421 |

Каматната стапка на депозити по видување во банки се движи од 0,50% до 2,00% на годишно ниво (2009: 2,21% до 4,10% на годишно ниво). Овие депозити имаат рок на доспевање помал од 3 месеци. Со цел да се одржи конзистентноста со презентацијата во тековната година, гаранциите претставени во Депозити по видување во 2009 во износ од МКД 653 илјади се исклучени од Депозити по видување во овие финансиски извештаи и се рекласификувани во Останати побарувања (види белешка 7). Рекласификацијата нема никакво влијание на капиталот или нето-добивката.

Сегашната вредност на парични средства и еквиваленти на парични средства се изразени како што следи:

| Во илјади денари | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| МКД | 1.360.206 | 1.816.681 |
| ЕУР | 42.579 | 168.803 |
| УСД | 11.283 | 5.925 |
| Останато | 4 | 12 |
| | 1.414.072 | 1.991.421 |

Во продолжение е прегледот на депозити по видување по категории и по кредитен рејтинг на гарантот (види белешка 3.1.2):

| Во илјади денари | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| Кредитен рејтинг на Гарантот: А+ | 816.177 | - |
| Кредитен рејтинг на Гарантот: А | 475.581 | 602.777 |
| Кредитен рејтинг на Гарантот: А- | 80.983 | 252.875 |
| Кредитен рејтинг на Гарантот: ВВ+ | 32.906 | - |
| Кредитен рејтинг на Гарантот: ВВВ+ | - | 1.123.932 |
| | 1.405.647 | 1.979.584 |

## 6. ДЕПОЗИТИ ВО БАНКИ

Депозитите во банки претставуваат парични средства во реномирани домашни банки, со каматна стапка помеѓу 1,00 % - 4,35% годишно (2009: од 2,00%- 4,85% годишно) и со доспеаност од 3 до 12 месеци.

Сегашната вредност на депозитите во банките е деноминирана по валути како што следи:

| Во илјади денари | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| МКД | 2.019.238 | 3.219.120 |
| ЕУР | 6.186.206 | 5.446.401 |
| | 8.205.444 | 8.665.521 |

Со цел да се одржи конзистентноста со презентацијата во тековната година гаранциите претставени како Депозити во банки во 2009 година во износ од МКД 6.723 илјади се исклучени од Депозити во банки во овие финансиски извештаи и се рекласификувани во Останати побарувања (види белешка 7). Рекласификацијата нема никакво влијание на капиталот или нето-добивката.

Во продолжение е даден прегледот по банки и категории и по кредитен рејтинг на Гаранторот (види белешка 3.1.2):

| Во илјади денари | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| Кредитен рејтинг на Гарантот А+ | 2.235.141 | 1.235.598 |
| Кредитен рејтинг на Гарантот: А | 1.843.416 | 590.050 |
| Кредитен рејтинг на Гарантот: А- | 4.125.897 | 3.720.308 |
| Кредитен рејтинг на Гарантот: ВВ+ | 990 | - |
| Кредитен рејтинг на Гарантот: ВВВ+ | - | 3.119.565 |
| | 8.205.444 | 8.665.521 |

## 7. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ И ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА

| Во илјади денари | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи - домашни | 4.611.686 | 4.657.312 |
| Намалено за: исправка на вредноста | (1.853.221) | (2.064.471) |
| Побарувања од купувачи-домашни-нето | 2.758.465 | 2.592.841 |
| Побарувања од купувачи-странски | 93.681 | 70.793 |
| Побарувања од поврзани страни | 198.785 | 58.821 |
| Заеми дадени на трети страни | 3.088 | 3.033 |
| Намлено за: исправка на вредноста | (3.088) | (3.033) |
| Заеми дадени на трети страни - нето | - | - |
| Заеми за вработени | 123.036 | 121.924 |
| Останати побарувања | 13.837 | 18.617 |
| Финансиски средства | 3.187.804 | 2.862.996 |
| Аванси дадени на добавувачите | 110.247 | 178.753 |
| Намалено за: исправка на вредноста | (74.156) | (74.156) |
| Аванси дадени на добавувачите - нето | 36.091 | 104.597 |
| Претплати и пресметани приходи | 211.069 | 69.938 |
| | 3.434.964 | 3.037.531 |
| Намалено за нетековен дел: Останати побарувања | (8.714) | (6.841) |
| Намалено за нетековен дел: Заеми за вработени | (99.363) | (101.076) |
| Намалено за нетековен дел: Побарувања од купувачи - домашни | (207.202) | - |
| Тековен дел | 3.119.685 | 2.929.614 |

Побарувањата од поврзани страни претставуваат побарувања од Групацијата Маѓар Телеком и Групацијата Дојче Телеком (види белешка 29).

Заемите за вработените се обезбедени со хипотека на недвижност или меница.

Заеми дадени на трети страни претставува заем со референтната каматна стапка на 6 месечен ЕУРИБОР со маргина од 0,3%. Заемите одобрени за вработените имаат каматна стапка од 6,25%, 7% и 9,45% годишно (2009: 4,55% и 7% годишно).

Останати побарувања содржи ограничени парични средства во износ од МКД 10.391 илјади (2009: МКД 14.217 илјади) коишто претставуваат гаранции издадени за продажба на проекти.

Со цел да се одржи конзистентноста со презентацијата во тековната година, гаранциите кои во 2009 година се претставени како Депозити во банки (види белешка 6) во износ од МКД 6.723 илјади и Депозити по видување (види белешка 5) во износ од МКД 653 илјади се исклучени од Депозити во банки и Депозити по видување во овие финансиски извештаи и се рекласификувани во Останати побарувања во износ од МКД 7.376 илјади. Покрај тоа, МКД 2.195 илјади претставени во 2009 година како Останати побарувања, во овие финансиски извештаи се исклучени од Останати побарувања и се рекласификувани како Побарувања по ДДВ (види белешка 8). Рекласификацијата нема никакво влијание на капиталот или нето-добивката.

Сите нетековни побарувања се со датум на доспевање до 15 години од денот на извештајот за финансиска состојба.

На 31 Декември 2010 година за побарувањата од домашни купувачи во износ од МКД 2.470.668 илјади (2009: МКД 2.643.922 илјади) има исправка на вредноста. Старосната структура на овие побарувања е како што следи подолу:

| Во илјади денари | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| Помалку од 30 дена | 339.428 | 353.533 |
| Помеѓу 31 и 180 дена | 366.614 | 337.366 |
| Помеѓу 181 и 360 дена | 124.699 | 185.326 |
| Повеќе од 360 дена | 1.639.927 | 1.767.697 |
| | 2.470.668 | 2.643.922 |

Вкупниот износ на исправката на вредност за побарувања од домашни купувачи е МКД 1.853.221 илјади (2009: МКД 2.064.471 илјади). Од оваа вредност, МКД 1.697.080 илјади (2009: 1.919.553 илјади) се однесуваат на исправка според старосна структура на спомнатите побарувања, додека вредноста од МКД 97.552 илјади (2009: МКД 83.835) се побарувања од купувачи во стечај и ликвидација за кои има исправка за целата нивна вредност. Дополнително Групацијата има исправка на вредноста на индивидуална основа на одредена група клиенти во износ од МКД 58.589 илјади (2009: МКД 61.083 илјади).

Износот на исправка споредeн со бруто вредноста на побарувањата од домашни купувачи главно е резултат на побарувања кои се доспеани повеќе од 360 дена. Вкупната вредност на побарувањата за кои е направена исправка за целата нивна вредност е МКД 1.563.368 илјади (2009: 1.656.505 илјади). Овие побарувања се главно од купувачи кои се исклучени во две насоки, купувачи кои се демонтирани, оптужени купувачи и купувачи кои веќе не ги користат услугите на Групацијата.

Објективната вредност на побарувања од купувачите и останати побарувања се како што следат подолу:

| Во илјади денари | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| Побарувања од купувачи-домашни-нето | 2.758.465 | 2.592.841 |
| Побарувања од купувачи-странски | 93.681 | 70.793 |
| Побарувања од поврзани страни | 198.785 | 58.821 |
| Заеми за вработени | 123.036 | 121.924 |
| Останати побарувања | 13.837 | 18.617 |
| Финансиски средства | 3.187.804 | 2.862.996 |
| Аванси дадени на добавувачите | 36.091 | 104.597 |
| Претплати и пресметани приходи | 211.069 | 69.938 |
| | 3.434.964 | 3.037.531 |

Движење на исправката на вредноста на сомнителни и спорни побарувања од домашни купувачи.

| Во илјади денари | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| Исправка на вредност на 1 јануари | 2.064.471 | 2.016.635 |
| Расход во текот на годината | 147.407 | 199.091 |
| Отпис | (358.657) | (151.255) |
| Исправка на вредноста на 31 декември | 1.853.221 | 2.064.471 |

Побарувањата за кои има исправка на вредност се отпишуваат кога нема очекување за дополнителни приливи.

На 31 декември 2010 година побарувањата од странски купувачи во износ од МКД 49.011 илјади (2009: МКД 53.579 илјади) беа застарени, но за нив нема исправка. Ова се однесува на купувачи од странство пресметани на индивидуална база во согласност со минатото искуство на Групацијата и тековните очекувања.

Анализата на овие застарени побарувања од странски купувачи е како што следи подолу:

| Во илјади денари | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| Помалку од 30 дена | 17.758 | 19.159 |
| Помеѓу 31 и 60 дена | 3.318 | 11.200 |
| Помеѓу 61 и 90 дена | 1.839 | 11.899 |
| Помеѓу 91 и 180 дена | 11.001 | 460 |
| Помеѓу 181 и 360 дена | 7.448 | 3.349 |
| Повеќе од 360 дена | 7.647 | 7.512 |
| | 49.011 | 53.579 |

Нема други побарувања кои се застарени, а за кои нема исправка освен горе спомнатите.

Групацијата има побарувања од домашните купувачи со изменети договорни услови со сегашна вредност од МКД 46.056илјади (2009: МКД 34.656 илјади). За сегашната вредност на заемите и побарувањата, кои инаку би биле застарени, а се со изменети услови, не е направена исправка на вредноста доколку наново договорените готовински текови се сметаат за сигурни.

Сегашната вредност на нетековни и други побарувања на Групацијата се изразени во следните валути:

| Во илјади денари | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| МКД | 315.279 | 102.263 |
| ЕУР | - | 5.654 |
| | 315.279 | 107.917 |

Сегашната вредност на побарувања од купувачи и останати побарувања се изразени во следните валути:

| Во илјади денари | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| МКД | 2.822.730 | 2.782.974 |
| ЕУР | 286.501 | 138.122 |
| УСД | 5.745 | 3.206 |
| Останато | 4.709 | 5.312 |
| | 3.119.685 | 2.929.614 |

Кредитниот квалитет на побарувањата од купувачите коишто не се застарени, ниту пак има исправка на вредноста за нив се проценети врз база на податоците од минатото за доцнење во плаќањето на купувачите.

Категориите за кредитниот квалитет на побарувањата од домашните купувачи коишто не се застарени, ниту пак им е извршена исправка на вредноста се како што следи подолу:

| Во илјади денари | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| Група 1 | 1.500.640 | 1.542.870 |
| Група 2 | 178.600 | 324.133 |
| Група 3 | 254.575 | 146.387 |
| | 1.933.815 | 2.013.390 |

Категориите за кредитниот квалитет на побарувањата од странските купувачи коишто не се застарени, ниту пак има исправка на вредноста за нив се како што следи подолу:

| Во илјади денари | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| Група 1 | 42.041 | 14.966 |
| Група 2 | 2.629 | 2.248 |
| | 44.670 | 17.214 |

**Група 1** - Корисниците во фиксната телефонија коишто во просек вршат плаќање на нивните сметки пред истекот на рокот за плаќање и корисници во мобилната телефонија без исклучувања во последните 12 месеци.

**Група 2** - Корисниците во фиксната телефонија коишто во просек вршат плаќање на нивните сметки на денот на истекот на рокот за плаќање и корисници во мобилната телефонија до 3 исклучувања во последните 12 месеци.

**Група 3** - Корисниците во фиксната телефонија коишто во просек вршат плаќање на нивните сметки по истекот на рокот за плаќање и корисници во мобилната телефонија со повеќе од 3 исклучувања во последните 12 месеци.

## 8. ОСТАНАТИ ДАНОЦИ

Почнувајќи од 1 јануари 2009 и во текот на 2010 година, Владата на Република Македонија воведе неколку измени во Законот за данок на добивка. Според овие измени основица за пресметување на данокот на добивка се непризнаените трошоци направени во текот на фискалната година, додека данокот на добивка се плаќа во моментот на дистрибуција на добивката во форма на дивиденда на странски правни лица, странски и домашни физички лица. Дистрибуцијата на дивиденда меѓу домашните компании е ослободена од данок. Затоа, на 31 декември 2010 година пресметаниот данок на непризнаени трошоци е презентирани како дел од Останати расходи од работењето во Добивка за годината и Останати даноци во Извештајот за финансиската состојба (види белешка 23).

## 8.1. Побарување по останати даноци

| Во илјади денари | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| Побарувања по ДДВ | 62.611 | 2.195 |
| Данок на непризнаени трошоци | 32.121 | - |
| | 94.732 | 2.195 |

## 8.2. Обврски по останати даноци

| Во илјади денари | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| Обврски по ДДВ | 25.433 | 72.576 |
| Останати даночни обврски | 3.328 | 2.505 |
| | 28.761 | 75.081 |

# 9. ОДЛОЖЕНИ ДАНОЧНИ (СРЕДСТВА)/ОБВРСКИ

Признаени одложени даночни (средства)/обврски

Одложените даночни (средства)/обврски се однесуваат на следните ставки:

| Во илјади денари | Средства | | Обврски | | Нето | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | 2010 | 2009 | 2010 | 2009 | 2010 | 2009 |
| Недвижности, постројки и опрема | - | (1.951) | - | - | - | (1.951) |
| Побарувања од купувачите и останати побарувања | - | (1.426) | - | - | - | (1.426) |
| Одложен приход | - | (16.448) | - | - | - | (16.448) |
| Финансиски средства по објективна вредност преку добивката или загубата | - | (1.555) | - | - | - | (1.555) |
| Обврски кон добавувачи и други обврски | - | (5.818) | - | - | - | (5.818) |
| Резервирања | - | (33.577) | - | - | - | (33.577) |
| Даночни (средства) /обврски | - | (60.775) | - | - | - | (60.775) |
| Нето даночни средства/(обврски) | - | (60.775) | - | - | - | (60.775) |

Одложените даночни средства и обврски се пребиваат кога постои законско право за порамнување на тековните даночни средства наспроти тековните даночни обврски и кога одложените даноци се однесуваат на исти даночни власти. Пребиените вредности се како што следи:

| Во илјади денари | 2009 |
|---|---|
| Одложени даночни средства: | |
| Одложени даночни средства кои треба да се надоместат за повеќе од 12 месеци | 22.069 |
| Одложени даночни средства кои треба да се надоместат за 12 месеци | 38.706 |
| | 60.775 |
| Одложени даночни обврски: | |
| Одложени даночни обврски кои треба да се надоместат за повеќе од 12 месеци | - |
| Одложени даночни обврски кои треба да се надоместат за 12 месеци | - |
| | - |
| Нето одложени даночни средства/(обврски) | 60.775 |

Согласно промените во законската легислатива во Македонија, дел од одложените даночни средства и сите даночни обврски беа ослободени на 31 декември 2009 година и сите одложени даночни средства беа ослободени со 31 декември 2010 година.(види белешка 2.17.2).

Движење на времените разлики во текот на годината

| Во илјади денари | Состојба на 1 јануари 2010 | Признаено во добивка | Состојба на 31 декември 2010 |
|---|---|---|---|
| Недвижности, постројки и опрема | (1.951) | 1.951 | - |
| Побарувања од купувачите и останати побарувања | (1.426) | 1.426 | - |
| Одложен приход | (16.448) | 16.448 | - |
| Финансиски средства по објективна вредност преку добивката или загубата | (1.555) | 1.555 | - |
| Обврски кон добавувачи и други обврски | (5.818) | 5.818 | - |
| Резервирања | (33.577) | 33.577 | - |
| Одложени даночни обврски (нето) | (60.775) | 60.775 | - |

| Во илјади денари | Состојба на 1 јануари 2009 | Признаено во добивка | Состојба на 31 декември 2009 |
|---|---|---|---|
| Недвижности, постројки и опрема | 488.638 | (490.589) | (1.951) |
| Нематеријални средства | (6.861) | 6.861 | - |
| Залихи | (34) | 34 | - |
| Побарувања од купувачите и останати побарувања | (219.084) | 217.658 | (1.426) |
| Одложен приход | (87.183) | 70.735 | (16.448) |
| Финансиски средства по објективна вредност преку добивката или загубата | 1.591 | (3.146) | (1.555) |
| Обврски кон добавувачи и други обврски | (13.200) | 7.382 | (5.818) |
| Резервирања | (116.032) | 82.455 | (33.577) |
| Одложени даночни обврски (нето) | 47.835 | (108.610) | (60.775) |

Како резултат на промените во законската легислатива во Македонија, времените разлики во 2009 година се однесуваат на непризнаените трошоци кои даваат основа за идни даночни кредити, најмногу поради резервирања направени на товар на Добивката или загубата (види белешка 2.17 и белешка 23).

## 10. ЗАЛИХИ

| Во илјади денари | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| Материјали | 193.627 | 129.636 |
| Трговски стоки | 322.214 | 444.615 |
| Исправка на вредност на залихите до нето продажна вредност | (10.847) | (44.912) |
| | 504.994 | 529.339 |

Движење на исправката на вредност на залихите до нето продажна вредност

| Во илјади денари | 2010 | 2009 |
|---|---|---|
| Состојба на 1 јануари | 44.912 | 30.993 |
| Трошок за годината | (25.727) | 39.018 |
| Отпис на залихи | (8.338) | (25.099) |
| Состојба на 31 декември | 10.847 | 44.912 |

Намалувањето на вредноста на залихите се однесува на трговска стока. Отписот на залихите до нето продажна вредност е врз основа на анализа на пониската од набавната и нето продажната вредност на датумот на извештајот за финансиска состојба.

## 11. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ПРОДАЖБА

Нетековните средства наменети за продажба вклучуваат недвижности, постројки и опрема кои се неупотребливи во Друштвото и се идентификувани за продажба. Намерата на раководството е да ги продаде овие средства во рок од една година, со можност за пролонгирање зависно на околностите. Постои план за продажба на овие средства и раководството започна со активна продажба на пазарот по разумна цена. Средствата наменети за продажба прикажани во Консолидираниот извештај за финансиска состојба се дел од фиксниот сегмент. Мобилниот сегмент нема средства во оваа категорија.

## 12. НЕДВИЖНОСТИ, ПОСТРОЈКИ И ОПРЕМА

| Во илјади денари | Земјиште | Згради | Телекомуникациска опрема | Останато | Инвестиции во тек | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Набавна вредност** | | | | | | |
| На 1 јануари 2009 | 6.353 | 4.046.839 | 25.040.226 | 4.406.514 | 524.602 | 34.024.534 |
| Зголемувања | - | 33.207 | 904.887 | 445.992 | 1.241.791 | 2.625.877 |
| Пренос од инвестиции во тек (види белешка 13) | - | 298 | 467.387 | 135.579 | (779.323) | (176.059) |
| Намалувања | - | (2.300) | (287.548) | (346.287) | (1.599) | (637.734) |
| Пренос во средства наменети за продажба | - | (68.047) | - | (32.723) | - | (100.770) |
| На 31 декември 2009 | 6.353 | 4.009.997 | 26.124.952 | 4.609.075 | 985.471 | 35.735.848 |
| **Амортизација** | | | | | | |
| На 1 јануари 2009 | - | 1.404.833 | 15.304.982 | 3.260.334 | - | 19.970.149 |
| Амортизација за годината | - | 118.805 | 1.487.191 | 359.605 | - | 1.965.601 |
| Намалувања | - | (610) | (229.760) | (314.172) | - | (544.542) |
| Пренос во средства наменети за продажба | - | (30.137) | - | (32.505) | - | (62.642) |
| На 31 декември 2009 | - | 1.492.891 | 16.562.413 | 3.273.262 | - | 21.328.566 |
| **Сегашна вредност** | | | | | | |
| На 1 јануари 2009 | 6.353 | 2.642.006 | 9.735.244 | 1.146.180 | 524.602 | 14.054.385 |
| На 31 декември 2009 | 6.353 | 2.517.106 | 9.562.539 | 1.335.813 | 985.471 | 14.407.282 |

